Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:15.02.2022 19:54:21
Reason:Документ со електронски печат
SERIALNUMBER=CRT3586703 + CN=e-sluzhben-vesnik-na-rsm, OU=EDB - 4030987108771, OU=EMBS - 4054857, O=JP Sluzhben vesnik na RSM, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 33** **15 февруари 2022, вторник** **година LXXVIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 346. | **Одлука** за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија Скопје... | **4** |
| 347. | **Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – дијабаз на Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги ДИЈАБАЗ КАРАМАТА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.................................................. | **4** |
| 348. | **Програма** за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2022 година.................................................. | **4** |
| 349. | **Програма** за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2022 година......................................... | **5** |
| 350. | **Програма** за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата за 2022 година ..................... | **8** |
| 351. | **Програма** за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи............................................. | **11** |
| 352. | **Програма** за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2022 година............................ | **16** |
| 353. | **Програма** за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2022 година ......... | **17** |
| 354. | **Програма** „ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ“ за 2022 година .................................... | **24** |
| 355. | **Програма** за трансплантација во Република Северна Македонија за 2022 година ........................................ | **28** |
| 356. | **Програма** за промоција на обновливи извори на енергија во домаќинствата за 2022 година .................. | **34** |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 357. | **Програма** за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2022 година | 35 |
| 358. | **Програма** за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2022 година | 36 |
| 359. | **Програма** за лекување на ретки болести во Република Северна Македонија за 2022 година | 37 |
| 360. | **Програма** за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2022 година | 39 |
| 361. | **Програма** за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2022 година | 42 |
| 362. | **Програма** за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2022 година | 43 |
| 363. | **Програма** за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед на умрени лица за 2022 година | 46 |
| 364. | **Програма** за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2022 година | 48 |
| 365. | **Програма** за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош, како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2022 година | 52 |
| 366. | **Програма** за рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2022 година | 52 |
| 367. | **Програма** за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2022 година | 62 |
| 368. | **Програма** за обезбедување на трошоците за болни кои се третираат со дијализа и активности за пациентите со хемофилија во Република Северна Македонија за 2022 година | 65 |
| 369. | **Програма** за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2022 година | 67 |
| 370. | **Програма** за испитување на појавата, спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија за 2022 година | 71 |
| 371. | **Програма** за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2022 година | 77 |
| 372. | **Програма** за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2022 година | 87 |
| 373. | **Програма** за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2022 година | 90 |
| 374. | **Програма** за инвестирање во животната средина за 2022 година | 94 |
| 375. | **Годишна програма** за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2022 година | 95 |
| 376. | **Годишна програма** за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2022 година | 95 |
| 377. | **Национална годишна** Програма за Јавно здравје во Република Северна Македонија за 2022 година | 97 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 378. | **Решение** за именување на член на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија.... | **114** |
| 379. | **Решение** за разрешување и именување на член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом – Демир Хисар.......... | **114** |
| 380. | **Решение** за разрешување од должноста в.д. член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија......... | **114** |
| 381. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија-Скопје.................................................. | **114** |
| 382. | **Решение** за разрешување и именување на член на Управниот одбор – претставник на основачот на Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци“ во Штип.................... | **115** |
| 383. | **Решение** за разрешување на член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Кочани....... | **115** |
| 384. | **Решение** за именување на член на Управниот одбор на ЈУ Центар за образование на возрасните................ | **115** |
| 385. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата в.д. заменик на директорот на КПУ Затвор Битола........ | **115** |
| 386. | **Решение** за именување в.д. заменик на директорот на КПУ Затвор Битола ................................................ | **116** |
| 387. | **Решение** за именување на член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица....................................... | **116** |
| 388. | **Решение** за именување на член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје................................................. | **116** |
| 389. | **Решение** за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за македонски јазик............. | **116** |
| 390. | **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија............ | **117** |
| 391. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот............................. | **117** |
| 392. | **Решение** за разрешување и именување на членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Скопје“ во Скопје............................. | **117** |
| 393. | **Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“ – Скопје .......... | **117** |
| 394. | **Решение** за разрешување и именување член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменскоto подрачје „ЈАСЕН“ – Скопје.................................... | **118** |
| 395. | **Решение** за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити .................................................... | **118** |
| 396. | **Решение** за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност .................................................... | **118** |
| 397. | **Решение** за разрешување на член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар – Скопје ....................................... | **119** |
| 398. | **Решение** за престанок на важењето на дадената согласност на Одлуката за именување директор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија ..... | **119** |
| 399. | **Решение** за изменување на Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високопатогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Полска................................................ | **119** |
| | **Огласен дел** ....................................... | **1-56** |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**346.**

Врз основа на член 15 став (5) и член 72 став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 15/15; 98/15; 193/15; 226/15; 31/16; 142/16 и 190/16 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ДАВАЊЕ ПОД ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПАТ НА НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА НА ЕВН ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА, АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште и склучување на договор под долготраен закуп на градежно земјиште, сопственост на Република Северна Македонија, по пат на непосредна спогодба на правното лице ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција на електрична енергија, Скопје, со седиште во Скопје, ул.„11 – ти Октомври“ бр.9, за градежно земјиште кое претставува дел од КП бр.2401/1, КО Ресава, (нова КП бр.2401/3) КО Ресава, со површина од 4 м2, запишано во Имотен лист бр.932, согласно Проект за инфраструктура бр.03-02-193/17 од декември 2017 година, изработен од ДООЕЛ „МЕХАНОТЕХНИКА“ – Битола, одобрен со Потврда за заверка на проект бр.11-5522/1 од 9.10.2019 година, од градоначалник на Општина Кавадарци, за изработка на објект со намена Е2 –комунална супраструктура – Трафостаница 10 (20)/0,4 kW.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-286/1
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**347.**

Врз основа на член 10 став (2) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19) и член 35 став 1 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 153/19 и 261/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА – ДИЈАБАЗ НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА, ТРАНСПОРТ И УСЛУГИ ДИЈАБАЗ КАРАМАТА ДООЕЛ УВОЗ-ИЗВОЗ СКОПЈЕ

1. Со оваа одлука се доделува концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – дијабаз на Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги ДИЈАБАЗ КАРАМАТА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје на локалитетот „Вирови“ с.Подлес, општина Градско, согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „Вирови“ с.Подлес, општина Градско бр.40-5697/1 од 6.7.2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 156/21).

2. Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги ДИЈАБАЗ КАРАМАТА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје достави понуда со број 00000119 на 1.12.2021 година.

3. Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги ДИЈАБАЗ КАРАМАТА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје ги исполни условите содржани во Јавниот повик и Тендерската документација и достави најповолна понуда.

4. На Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги ДИЈАБАЗ КАРАМАТА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, се доделува концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – дијабаз на локалитетот „Вирови“ с.Подлес, општина Градско, со површина на простор на концесија за детални геолошки истражувања дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките се дефинирани со координати како е дадено во табелите, и тоа:

| Точка | Координата X | Координата Y |
|---|---|---|
| 1 | 4602500 | 7567975 |
| 2 | 4602500 | 7568900 |
| 3 | 4600450 | 7569400 |
| 4 | 4600050 | 7569400 |
| 5 | 4600050 | 7568800 |

5. Површината на просторот на концесијата за детални геолошки истражувања од точка 1 на оваа одлука изнесува P= 1.968125 km2.

6. Времетраењето на доделената концесија од точка 1 на оваа одлука изнесува 2 (две) години.

7. Надоместокот за доделената концесија за детални геолошки истражувања во износ од 5.253.000,00 денари, субјектот од точка 1 од оваа одлука е должен да го плати во рок од седум дена пред денот на склучувањето на Договорот за концесија.

8. Најповолниот понудувач е должен да го потпише Договорот за концесија во рок од 15 дена сметано од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

9. Надзор над спроведувањето на концесијата ќе врши Министерството за економија.

10. Во име на Владата на Република Северна Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

11. Жалба против оваа одлука може да се изјави до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од осум дена од денот на приемот на оваа одлука во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката.

12. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-13236/1-21
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**348.**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И КОНКУРЕНТНОСТА НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа програма се уредува намената на средствата за развој на претприемништво и конкурентноста на мали и средни претпријатија.

Средствата во износ од 62.000.000 (шеесет и два милиони) денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, раздел 10001 Министерство за економија, Програма Д, Потпрограма ДГ–Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, ставка 462 и 464, наменети за поддршка на развојот на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство.

Средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година наменети за реализација на оваа програма, ги распоредува Министерството за економија.

Член 2

Средствата од член 1 од оваа програма ќе се користат за следните намени:

МЕРКА 1. Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија во вкупен износ од 50.000.000 денари.

Предмет на мерката 1 е субвенционирање на микро, мали и средни претпријатија кои вработуваат најмалку три лица преку кофинансирање на 30% од докажаните трошоци, но не повеќе од 200.000 денари вкупно по апликант, направени за набавка на машини.

МЕРКА 2. Субвенционирање на трошоци на занаетчии во вкупен износ од 6.000.000 денари.

Предмет на мерката 2 е субвенционирање на занаетчии и вршители на занаетчиска дејност преку кофинансирање на 40% од докажаните трошоци, но не повеќе од 100.000 денари вкупно по апликант, направени за набавка на машини и алати.

МЕРКА 3. Кофинансирање на проекти за развој и промоција на претприемништвото и занаетчиството во Република Северна Македонија во вкупен износ од 6.000.000 денари.

Предмет на мерката 3 е кофинансирање на проекти на фондации, здруженија и занаетчиски комори кои се однесуваат на нефинансиска поддршка на мали и средни претпријатија и занаетчии, како и развој и промоција на претприемништвото и занаетчиството во Република Северна Македонија, преку надоместување на 80% од трошоците за реализација на проектот, но не повеќе од 250.000 денари вкупно по апликант.

Кофинансирани ќе бидат проекти за јакнење на капацитетите на малите и средни претпријатија и занаетчиите за следните области:

- зелена економија,
- циркуларна економија,
- дигитализација на процесите,
- креирање на култура на социјално претприемништво и
- развој на занаетчиството.

Член 3

Доделувањето на средства од мерките 1, 2 и 3 од член 2 од оваа програма, ќе се изврши преку објавување на јавни повици на веб-страницата на Министерството за економија: www.economy.gov.mk.

Член 4

Со цел придонесување кон рамномерен регионален развој, барателите на финансиска поддршка за мерките 1 и 2 од член 2 од оваа програма, ќе добијат дополнителна финансиска поддршка во зависност од планскиот регион од каде аплицира барателот.

За потребите на пресметка на дополнителната финансиска поддршка од ставот 1 на овој член, ќе се користат последните достапни податоци за БДП по глава на жител по региони кои ги објавува Државниот завод за статистика.

Дополнителната финансиска поддршка ќе се пресметува врз основа на процентуална разлика помеѓу планскиот регион со највисока вредност на БДП по глава на жител и вредноста на БДП по глава на жител на планскиот регион во кој е седиштето на барателот на финансиска поддршка.

Член 5

Поединечниот износ на средства за кофинансирање на секој апликант за мерките 1 и 2 од член 2 од оваа програма, утврден согласно членовите 2 и 4 од оваа програма, може да биде изменет, односно намален, доколку вкупно одобрениот износ на средства за субвенционирање на сите апликанти кои ги исполнуваат предвидените услови во Јавниот повик го надминува планираниот износ на средства за реализација на мерките 1 и 2 од член 2 од оваа програма.

Процентот на рамномерно намалување на поединечниот износ на средства за кофинансирање на секој апликант ќе се утврди во зависност од разликата меѓу потребните и расположливите средства за субвенционирање за секоја од мерките.

Член 6

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија.

Член 7

Министерството за економија, заклучно со 31 март 2023 година, до Владата на Република Северна Македонија да достави извештај со финансиски показатели за реализација на програмата и наменско користење на средствата.

Член 8

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-40/1 | Прв заменик на претседателот |
| 8 февруари 2022 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Artan Grubi,** с.р. |

**349.**

Врз основа на член 57 став 1 од Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 12/09, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15, 192/15, 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20) и член 9 став 2 од Законот за таксата за привремен престој „Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/96, 26/02, 51/03, 88/08, 17/11, 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

I

Со оваа програма ќе се реализираат активности за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2022 година.

Средствата за реализација на оваа програма се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21), раздел 10001 – Министер-

ство за економија, во потпрограма 14 – Развој на туризмот во Република Северна Македонија, на категориите 42 – стоки и услуги, 46 – субвенции и трансфери и 48- Капитални расходи, во износ од 23.500.000,00 денари.

II

Средствата од делот I од оваа програма ќе се користат за следните активности:

**1. Меѓународна и билатерална соработка во туризмот**

Зголемена и интензивирана соработка во доменот на меѓународната комуникација со големите и значајни туристички организации и институции кои придонесуваат за развој на туризмот како Светската туристичка организација, Европската патничка комисија, Централно европската иницијатива и др., учество на саеми, како и билатералните соработки во областа на туризмот (потпишување на договори, регионални конференции, средби и др.), како и плаќање на членарина за Светската туристичка организација.

Оваа активност ќе се реализира континуирано во текот на цела 2022 година. 3.000.000,00 денари

**2. Подготовка на Национална стратегија и акциски план за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2023-2028 година**

Со оглед на тоа дека претходно донесената и усвоена „Национална стратегија за развој на туризмот во Република Северна Македонија 2016-2021 година", беше ревидирана за период 2018-2023 година, со што се даде дополнителен временски рок за имплементација и реализација на планираните активности наведени во истата, Министерството за економија ги отпочнува подготовките да изработи нова „Национална стратегија за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2023-2028 година" за наредниот период со временска рамка од пет години.

При подготовка на новата стратегија потребно е:

- анализа на Националната стратегија за развој на туризмот за 2016 – 2021 година со вклучена анализа на степен на имплементација, идентификација на бариерите и анализа на надостатоци на постоечката стратегија.
- ситуациона анализа на тековната состојба во областа на туризмот во Република Северна Македонија во 2022 година (особено во однос на 2019 година) со вклучена анализа на статистички параметри за туризмот, организациски структури на туризмот во Република Северна Македонија, туристички маркетинг и брендирање, едукација во туризмот. При ситуационата анализа во предвид треба да се земат следните параметри кои влијаат на состојбите во туризмот:
- свесност за туризмот во Република Северна Македонија;
- законодавна рамка во Република Северна Македонија;
- тековна организација на туризмот во Република Северна Македонија;
- постоечки туристички производи во Република Северна Македонија;
- инфраструктура;
- животна околина;
- маркетинг;
- човечки ресурси и
- финансирање.

Во текстот на новата Национална стратегија за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2023-2028 година треба да се дефинира идната визија за туризмот, стратешки цели, стратегија за маркетинг и брендирање, типови на туризам и зони со најголем потенцијал за развој на туризмот во Република Северна Македонија, клучни столбови на позиционирање и да се изработи Акциски план за развој на туризмот за период 2023–2028 година.

За реализација на оваа активност Министерството за економија ќе спроведе јавна набавка.

Предмет на јавната набавка ќе биде истражување, анализа и изработка на Национална стратегија за развој на туризмот на Република Северна Македонија за 2023-2028 година со акциски план.

На јавната набавка ќе можат да учествуваат сите заинтересирани субјекти, правни лица, фондации и здруженија кои имаат потенцијал и можност за изготвување на стратегии согласно техничката спецификација која ќе биде предмет на набавката.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец февруари до месец септември 2022 година.

5.000.000,00 денари

**3. Субвенции на туристичко угостителскиот сектор за имплементација на ЕКО СТАНДАРДИ**

Предмет на јавниот повик е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти од областа на туризмот и угостителството за сертификација на системи за квалитет според светски ЕКО стандарди. За реализација на оваа мерка се надоместува 60% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 100.000 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата.

За реализација на активноста Министерството за економија ќе спроведе јавен повик на кој ќе можат да учествуваат сите правни субјекти кои се регистрирани соодветно на наведената дејност.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец март до месец септември 2022 година со објавување на јавен повик. 2.000.000,00 денари

**4. Поддршка на Активен туризам**

Светски тренд се активности кои се поврзани со активниот туризам и екстремни, односно адреналински спортови.

Преку објавување на јавен повик Министерството за економија ќе субвенционира трошоци за опрема и алатки кои ќе помогнат во подобрување на овој вид на туризам.

Министерството за економија ќе надомести 50% од прикажаните трошоци за оваа намена, но не повеќе од 100.000,00 денари за една апликација.

На јавниот повик ќе можат да учествуваат здруженија регистрирани за развој на ваков вид на туризам.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец март до месец мај 2022 година со објавување на јавен повик. 1.500.000,00 денари

**5. Субвенции за туристички цели на селски домаќинства**

Со цел поттикнување на развој на туризмот во руралните средини предвидуваме финансиска поддршка при градење или адаптација на селски домаќинства кои ќе даваат угостителски услуги во согласност со Правилникот за начинот и поблиските критериуми за добивање на ознаката во селските домаќинства во руралните средини („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/14).

Финансиската поддршка во износ од 60% од докажаните трошоци, но не повеќе од 200.000,00 денари, ќе биде наменета за набавка на опрема и инвентар, реконструкција како и за уредување на просторот на селски домаќинства. Домаќинствата кои ќе учествуваат на јавниот повик треба да обезбедат: објектот да е уреден и опремен согласно традицијата на крајот во кој се наоѓа, да подготвува и послужува топли и ладни јадења, пијалоци и напивки вообичаени за крајот во кој се наоѓа

селското домаќинство, да нудат услуги за сместување (најмногу до пет соби), надворешниот изглед на куќата да биде без оштетување и знаци на дотраеност, а околината да биде уредена. Ваквите семејни домаќинства ќе добијат ознака на која има „сончоглед", како потврда дека станува збор за селско домаќинство во рурална средина кои вршат угостителска дејност.

Со поддршка на селските домаќинства се обезбедува самовработување за лица во рурални средини и зголемување на автентична туристичка понуда, со можност за промоција на локалните вредности.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец февруари до месец октомври 2022 година со објавување на јавен повик. 2.000.000,00 денари

**6. Финансиска поддршка за женско претприемништво во туризмот**

Предмет на мерката е субвенционирање на туристички претпријатија во сопственост на жени (над 50%) и управувани од жени, државјани на Република Северна Македонија, преку кофинансирање на 50% од докажаните трошоци но не повеќе од 100.000,00 денари, направени за следните намени:

- Набавка на опрема и алати;
- Уредување/подобрување на деловниот простор или
- Одржување на обуки за вработените за подобрување на квалитетот на услугата.

За реализација на активноста Министерството за економија ќе спроведе јавен повик на кој ќе можат да учествуваат сите правни субјекти во сопственост (над 50%) и управувани од жени кои се регистрирани соодветно на наведената дејност.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец март до месец септември 2022 година со објавување на јавен повик. 2.000.000,00 денари

**7. Одбележување на Светскиот ден на туризмот со доделување на признанија за најуспешните од областа на туризмот**

По повод 27 септември – Светскиот ден на туризмот се организира настан, каде што се доделуваат признанија за најуспешните во категориjата: хотели, туристички агенции, ресторани, уредени плажи и манифестации.

За реализација на активноста Министерството за економија ќе спроведе јавен повик на кој ќе можат да учествуваат сите заинтересирани субјекти кои вршат дејност туризам или угостителство.

Оваа активност ќе се реализира во месец септември 2022 година. 500.000,00 денари

**8. Изготвување на електронски систем – Берза на туристички работници во Република Северна Македонија**

Во Република Северна Македонија се повеќе се зголемува бројот на туристите и туристичкото стопанство има голема потреба од професионален кадар. Големата флуктуација на работната сила во туризмот, сезонското работење и постоењето на јазол помеѓу понудата и побарувачката на работна сила во туризмот и угостителството доведува до намалување на квалитетот на услугите во туризмот. Поради оваа причина потребна е изработка на електронски систем – Берза на туристички работници, која ќе биде платформа каде туристичкото стопанство од една страна, персоналот и образовните центри ќе имаат директна конекција и ќе го олеснат процесот на селекција и вработување на стручни и професионални кадри од оваа дејност. Овој систем има за цел да направи електронска платформа – берза, каде на едно место на едноставен начин ќе се соединат понудата и побарувачката на кадри од туризмот и угостителството. За реализација на оваа активност Министерството за економија ќе спроведе јавна набавка.

Предмет на јавната набавка ќе биде истражување на потребите на понудата и побарувачката на работна сила во туризмот, изработка на електронски систем – берза на туристички работници во Република Северна Македонија во функција на потребите на пазарот на труд.

На јавната набавка ќе можат да учествуваат сите заинтересирани субјекти, правни лица, фондации и здруженија кои имаат потенцијал и можност за изготвување на студија согласно техничката спецификација која ќе биде предмет на набавката и кои ќе ги исполнуваат условите предвидени со јавната набавка.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец мај до месец октомври 2022 година. 2.500.000,00 денари

**9. Субвенции за дигитализација на туристичко/угостителскиот сектор**

Со оваа активност ќе се субвенционираат разни софтверски решенија наменети за туристичко/угостителскиот сектор кои ќе придонесат за дигитализација на туристичката понуда и подобрување на дигиталната промоција на туристичко/угостителскиот сектор во Република Северна Македонија.

Министерството за економија ќе надомести 60% од прикажаните трошоци за оваа намена но не повеќе од 100.000,00 денари за една апликација.

За реализација на активноста, Министерството за економија ќе спроведе јавен повик на кој ќе можат да учествуваат сите правни субјекти кои се регистрирани соодветно на наведената дејност.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец февруари до месец мај 2022 година.
3.000.000,00 денари

**10. Финансиска поддршка за лиценцирани туристички агенции и категоризирани хотелски капацитети за учество на домашни и меѓународни саеми**

Предмет на мерката е финансиска поддршка за лиценцирани туристички агенции и категоризирани хотелски капацитети за учество на домашни и меѓународни саеми преку кофинансирање на 50% од докажаните трошоци за закуп на штанд и тоа: - за учество на домашни саеми (50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 30.000,00 денари ); - за учество на меѓународни саеми, (50% од докажаните трошоци, но не повеќе од 60.000,00 денари).

За реализација на активноста Министерството за економија ќе спроведе јавен повик на кој ќе можат да учествуваат сите правни субјекти кои се регистрирани соодветно на наведената дејност.

Оваа активност ќе се реализира во периодот од месец март до месец септември 2022 година со објавување на јавен повик. 2.000.000,00 денари

ВКУПНО: 23.500.000,00 денари

III

ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

| Активност | Временски период | Начин на реализација |
|---|---|---|
| Точка 1 | Тековно цела година | Исплата на членарина за СТО |
| Точка 2 | Февруари - Септември | Со објавување на Јавна набавка |
| Точка 3 | Март - Септември | Со објавување на Јавен повик |
| Точка 4 | Март - Мај | Со објавување на Јавен повик |
| Точка 5 | Февруари - Октомври | Со објавување на Јавен повик |
| Точка 6 | Март - Септември | Со објавување на Јавен повик |
| Точка 7 | Септември | Со објавување на Јавен повик |
| Точка 8 | Мај - Октомври | Со објавување на Јавна набавка |
| Точка 9 | Февруари – Мај | Со објавување на Јавен повик |
| Точка 10 | Март - Септември | Со објавување на Јавен повик |

IV

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија.

V

Министерството за економија, заклучно со 31 март 2023 година до Владата на Република Северна Македонија ќе достави Извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати и финансиски показатели, како и образложението за евентуалните отстапувања од планираните активности.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-41/1<br>8 февруари 2022 година<br>Скопје | Прв заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>д-р **Artan Grubi,** с.р. |

**350.**

Врз основа на член 5-в став (3) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ ЗА ВГРАДУВАЊЕ НА УРЕД ЗА ПОГОН НА ТНГ, МЕТАН ИЛИ ДРУГ ВИД НА АЛТЕРНАТИВНО ГОРИВО ВО ВОЗИЛАТА ЗА 2022 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се утврдува начинот, условите, критериумите и постапката за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, програма 15 – Внатрешен пазар, ставка 464 - Разни трансвери, наменети за надоместување на дел од трошоците за вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата.

За реализација на оваа програма се наменети средства во износ од 11.000.000 денари.

II

Средствата од дел I на оваа програма ќе се користат за надоместување до 50% од трошоците за вграден уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилото, но не повеќе од 18.000 денари по возило.

III

Надоместок на дел од трошоците од дел II од оваа програма ќе се врши за само едно возило во семејство.

Право на надоместок на дел од трошоците од дел II од оваа програма имаат физички лица, сопственици на возила произведени од 2005 година наваму, кои ќе извршатвградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, по денот на објавувањето на јавниот повик, што се докажува со следната документација:

- пополнет образец за барањедаден во Прилог, кој е составен дел на оваа програма и кој може да се подигне од архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството (www.economy.gov.mk);
- изјава за веродостојноста на податоците и верноста на приложената документација, заверена на нотар под морална и материјална одговорност;
- фискална сметка или фактура (во оригинал) со извод од деловна банка за извршено плаќање, за вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, издадени по денот на објавување на јавниот повик;
- копија од сообраќајната дозвола за возилото, заверена на нотар, во која е евидентирана промената (вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилото);
- потврда за вграден уред за погон на течен нафтен гас или компримиран земјен гас во возилото, издадена од правно лице овластено за вградување на уреди за погон на течен нафтен гас и/или компримиран земјен гас во возилото (овластено од Министерство за економија);
- фотокопија од лична карта и
- број на трансакциска сметка.

IV

Постапката за реализација на средствата предвидени со мерките од дел II од оваа програма ќе се реализира во вториот квартал со објавување на јавен повик во два дневни весниции на web страната на Министерството за економија,а истиот ќе трае 60 дена.

Со започнувањето на приемот на барањата, Министерството за економија ќе започне со разгледување и избор на баратели кои ќе бидат субвенционирани.

Разгледувањето и изборот на барателите кои ги исполнуваат условите, ќе се прави по принципот „ПРВ ДОЈДЕН, ПРВ УСЛУЖЕН“ односно по редослед на поднесување и пристигнување на барањата во архивата на Министерството за економија, до целосно исцрпување на средствата.

За спроведување на постапката за реализација на средствата предвидени со оваа програма и проверка на веродостојноста на приложената документација, министерот за економија ќе формира Комисија составена одпретседател, негов заменик, три члена и нивни заменици.

Лицата кои имаат поднесено барање, а немаат уредна и комплетна документација не може да остварат надомест.

Исплатата на средствата предвидени со мерките од оваа програма ќе се врши врз основа на решение донесено од министерот за економија.

V

Средствата од Буџетот наменети за програмата, ги распоредува Министерството за економија, на начин и динамика утврдени во јавниот повик од дел IV од оваа програма.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-44/1<br>8 февруари 2022 година<br>Скопје | Прв заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>д-р **Artan Grubi,** с.р. |

**ПРИЛОГ**

*место за приемен штембил на МЕ*

БАРАЊЕТО ГО ПОПОЛНУВА ПОДНОСИТЕЛОТ СО ПЕЧАТНИ БУКВИ
KËRKESËN E PLOTËSON PARASHTRUESI ME SHKRONJA SHTYPI

Име и презиме ______________________
Emri dhe mbiemri ______________________

Адреса (улица и број): ______________________
Adresa (rruga dhe numri): ______________________

Број на лична карта: ______________________
Numri i letërnjoftimit: ______________________

Место: ______________________
Vendi: ______________________

Број на телефон за контакт: ______________________
Numër telefoni për kontakt: ______________________

До:**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
Јуриј Гагарин бр. 15, 1000 Скопје

Pranon: **MINISTRIA E EKONOMISË**
Jurij Gagarin nr. 15, 1000 Shkup

## БАРАЊЕ

за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата

## K Ë R K E S Ë

për kompensimin e një pjese tëshpenzimeve për instalimin e pajisjes për shtytje të GLN (LPG), metanit ose llojit tjetër të karburantit alternativ në automjete

**1.** Во врска со јавниот повик од 2021 година за надоместување на дел од трошоците за вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, под полна морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека:

Në lidhje me thirrjen publikete vitit 2021 për kompensimin e një pjese të shpenzimeve për instalimin e pajisjes për shtytje të GLN (LPG), metanit ose llojit tjetër të karburantit alternativ në automjete, nën përgjegjësi të plotë morale, materiale dhe penale deklaroj se:

- Имам вградено уред за погон на ______________________
*видот на горивото: ТНГ, метан или друго*

од фирмата: ______________________
*називот на фирмата*

во моето возило: ______________________
*марка и тип на возилото*

со број на шасија: ______________ и регистарска ознака: ______________

- Kam instaluarpajisje për shtytje me anë të ______________________
*lloji i karburantit: LPG, metan ose tjetër*

nga ndërmarrja: ______________________
*emri i ndërmarrjes*

dhe kam instaluar në automjetin tim : ______________________
*marka dhe lloji i automjetit*

me numër të shasisë: ______________ dhe tabela e registrimit : ______________

**2.** Во прилог на барањето ја поднесувам следната документација:
Bashkëngjitur me kërkesën, po bashkangjes dokumentet e mëposhtme:

2.1 Изјава за веродостојноста на податоците и верноста на приложената документација, заверена на нотар под морална и материјална одговорност;

Deklaratë mbi vërtetësinë e të dhënave dhe besnikërinë e dokumentacionit të paraqitur, të vërtetuar nga një noter nën përgjegjësinë morale dhe materiale;

2.2 Фискална сметка (во оригинал),

Llogari fiskale (origjinale),

или/ose

Фактура (во оригинал) со извод за извршено плаќање во деловната банка:

Faturë (origjinale) me një pasqyrë për pagesën e realizuar në bankë:

______________________ во ______________________

*име на банката* *место*

______________________ ne ______________________

*emir I bankes* *vendi*

за извршено плаќање за вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, издадени по денот на објавување на јавниот повик;

për pagesën e realizuar për instalimin e pajisjes për shtytje të GLN (LPG), metanit ose llojit tjetër të karburantit alternativ në automjete , të lëshuar pas ditës së shpalljes së thirrjes publike;

2.3 Копија од сообраќајната дозвола за возилото, заверена на нотар, во која е евидентирана промената (вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилото);

Kopje të lejes për qarkullim të automjetit, të verifikuar në noter, në të cilën është evidentuar ndryshimi (instalimi i pajisjes për shtytje të GLN (LPG), metanit ose llojit tjetër të karburantit alternativ në automjete;

2.4 Потврда за вграден уред за погон на течен нафтен гас или компримиран земјен гас во возилото, издадена од правно лице овластено за вградување на уреди за погон на течен нафтен гас и/или компримиран земјен гас во возило(овластено од Министерството за економија);

Vërtetim për pajisje të instaluar për shtytje të gazit të lëngshëm të naftës ose gazit të kompresuar tokësor në automjet, të lëshuar nga një person juridik i autorizuar për instalim të pajisjeve për shtytje të gazit të lëngshëm të naftës ose gazit të kompresuar tokësor në automjet( autorizuar nga Ministria e ekonomisë);

2.5 Фотокопија од лична карта;

Fotokopje e letërnjoftimit;

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.6 Број на трансакциска сметка: | | | | | | | | | | | | | | | |
| Numri I llogarisë së transaksionit : | | | | | | | | | | | | | | | |

______________________ во ______________________

*име на банката* *место*

______________________ në ______________________

*emir I bankës* *vendi*

Подносител/Parashtruesi

Датум/Data: ______________

Место/Vendi: ______________

______________________

потпис/nënshkrimi

**351.**

Врз основа на член 31 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ПОДДРШКА НА ДОМАШЕН ТУРИЗАМ ЗА РАБОТНИЦИ СО НИСКИ ПРИХОДИ

I

Со оваа програма ќе се реализираат активности за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи.

Средствата за реализација на оваа програма се утврдени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 287/21) Раздел 100.01 – Министерство за економија, Потпрограма ДО – Поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи, ставка 464 – Разни трансфери, во износ од 15.000.000,00 денари.

II

Средствата од делот I од оваа програма ќе се користат за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи.

Министерството за економија со цел за надминување на ефектите на социјалната исклучивост на лица со ниски примања и стимулирање на развојот на туризмот во Република Северна Македонија вон туристичката сезона организира одмор на работници со ниски приходи чии месечни примања во семејството не го надминуваат нето износот од 30.000,00 денари. Одморот ќе биде организиран во угостителските објекти за сместување во туристички центри на Република Северна Македонија, надвор од местото на живеење на лицето-подносителот на барањето, во период од не повеќе од пет дена.

Министерството за економија објавува Јавен повик за пријавување на интерес на угостителските објекти за сместување во туристичките центри во Република Северна Македонија кои се заинтересирани за учество во првиот квартал од 2022 година во два дневни весници и веб страната на Министерството за економија. Врз основа на доставените пријави за интерес, Министерството за економија утврдува Листа на угостителските објекти за сместување во туристички центри на Република Северна Македонија во кои работниците со ниски приходи ќе можат да го реализираат одморот.

III

Министерството за економија ќе објави Јавен повик за организирање на одмор на работници со ниски приходи кои ќе пријават интерес за користење на средства за организиран одмор, во два дневни весници и веб страната на Министерството за економија.

Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи.

За учество по Јавниот повик работниците со ниски приходи - баратели до Министерството за економија треба да достават:

- пополнет образец на барање за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи,
- потврда од работодавецот за висината на исплатена плата на барателот и на членовите на потесното семејство во последните три месеци кои заедно со него ќе го користат одморот,
- фотокопија од лична карта или патна исправа за барателот и членовите на потесното семејство кои заедно со него ќе го користат одморот,
- доказ за членовите на потесното семејство (извод од венчани, потврда за развод или умреница за член од семејството),
- изјава дека барателот лично или со членовите на потесното семејство кои се наведени во барањето ќе го користат одморот и
- изјава дека барателот морално, материјално и кривично одговара за внесените податоци (личните податоци и финансиските средства) во изјавата, потпишана од барателот.

Образецот на барањето за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на Министерството: www.economy.gov.mk.

Барањето за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на оваа програма.

Изјавата дека барателот лично или со членовите на потесното семејство кои се наведени во барањето ќе го користат одморот се поднесува на образец, во А-4 формат, на хартија во бела боја.

Формата и содржината на изјавата дека барателот лично или со членовите на потесното семејство кои се наведени во барањето ќе го користат одморот се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на оваа програма.

IV

За спроведување на Јавниот повик за организиран одмор за работници со ниски приходи, се формира комисија од страна на министерот за економија, која ќе биде составена од три члена и нивни заменици од редот на вработените во Министерството за економија. Комисијата по пристигнувањето на сите барања за за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи доставени за времетраењето на Јавниот оглас, со записник ќе го утврдат точниот број на пристигнати барања и ќе изготви Листа за баратели кои имаат уредна и комплетна документација која заедно со извештајот ја доставува до министерот за економија.

Работниците со ниски приходи-баратели кои не доставиле уредна и комплетна документација нема да бидат утврдени во Листата на баратели.

Листата на баратели кои доставиле уредна и комплетна документација се објавува на веб страната на Министерството за економија најдоцна седум дена од денот на утврдувањето на Листата на баратели.

На работниците со ниски приходи – баратели, кои се утврдени во Листата на баратели, Министерството за економија им издава Потврда за користење на средства за организиран одмор во износ од 12.000,00 денари.

Потврдата за користење на средства за организиран одмор се издава по принципот "прв дојден прв услужен".

Потврдата за користење на средства за организиран одмор може да се користи само од работникот на кој му е издадена заедно со членовите на неговото потесно семејство кои се наведени во барањето за добивање на потврда за одмор на работници со ниски приходи.

Потврдата за користење на средства за организиран одмор се издава на образец во А4 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на Потврдата за користење на средства за организиран одмор се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на оваа програма.

V

Угостителските објекти од Листата на угостителски објекти за сместување во кои работниците со Потврдата за користење на средства за организиран одмор, го реализирале одморот, до Министерство за економија треба да го достават оригиналот од Потврдата за користење на средства за организиран одмор заедно со фактура за наплата на средствата за реализираниот одмор, најдоцна до 10.12.2022 година.

VI

Министерството за економија, заклучно со 31.3.2023 година до Владата на Република Северна Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41-45/1
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

Прилог 1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
ул. Јуриј Гагарин бр. 15
1000 Скопје

## Б А Р А Њ Е

## ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПОТВРДА ЗА ОДМОР НА РАБОТНИЦИ СО НИСКИ ПРИХОДИ

______________________________________________

(ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА БАРАТЕЛОТ)

**Податоци за барателот:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Име и презиме на кандидатот-апликантот | |
| 2. | Ден, месец и година на раѓање | |
| 3. | Место на раѓање | |
| 4. | Адреса на живеење | |
| 5. | Регистарски број на лична карта и назив на органот кој го издава | |
| 6. | ЕМБГ | |
| 7. | Телефон / телефакс / e-mail | |
| 8. | Угостителски објект за сместување од листата на угостителски објекти | |

**Членови од семејството**

| | Име и презиме | Датум и место на раѓање | Сродство |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 3 | | | |

_________ 2022 година ______________________________

*(потпис на подносителот на барањето)*

Прилог 2

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

# И З Ј А В А

## за користење на одмор

Од ________________________________датум и место на раѓање_____________
( Име и презиме на барателот)

__________________________________________________________________________
(Адреса на живеење на подносителот на барањето)

**Членови на семејството**

____________________датум и место на раѓање_____________сродство_______
____________________ датум и место на раѓање____________сродство_______
____________________ датум и место на раѓање_____________сродство_______
(име и презиме)

Изјавувам дека јас лично и членовите на моето потесно семејство ќе користиме одмор во еден од угостителските објекти за сместување во туристичките центри на Република Северна Македонија.

_________ 2022 година
Скопје

__________________________
Потпис на давателот на изјавата

Прилог 3

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# П О Т В Р Д А

## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ОРГАНИЗИРАН ОДМОР

На лицето ________________________________ роден-а на __________
(име и презиме) (ден-месец-година)
во ______________________ ЕМБГ _____________________со место на
(град)
живеење _________________________________ и членови на потесното
(улица и број)
семејство:
Име и презиме _______________________ сродство ________
Име и презиме _______________________ сродство ________
Име и презиме _______________________ сродство ________

**МУ СЕ ИЗДАВА ПОТВРДА ВО ИЗНОС ОД**

**12.000,00 ДЕНАРИ**

Бр. _____________ Министер за економија
_________ 2022 година
Скопје

МП

**352**.

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА ПОДДРШКА НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА И ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ ЗА 2022 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се уредува намената на средствата за поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија и општествената одговорност во вкупен износ од 22.900.000,00 (дваесет и два милиони и деветсто илјади) денари и тоа :

- 22.100.000,00 (дваесет и два милиони и сто илјади) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, – Потпрограма 11 – Индустриска политика, сметка 637, ставка 462, 464 и 425, наменети за имплементација на мерки од Индустриската стратегија на Република Северна Македонија 2018-2027,
- 800.000,00 (осумсто илјади) денари, обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, –Потпрограма 16 –Инвестиции и општествена одговорност, ставка 462 субвенции за приватни претпријатија, наменети за поддршка на Општествената одговорност.

Средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година наменети за реализација на оваа програма, ги распоредува Министерството за економија.

II

Програмата се состои од мерки во следните области:

А. ПОДДРШКА НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА

За мерките од областа А. Поддршка на конкурентноста на преработувачката индустрија се наменети средства во вкупен износ од 22.100.000,00 денари, и тоа за:

МЕРКА 1. Поддршка за зголемување на конкурентноста на деловните субјекти од преработувачка индустрија во вкупен износ од 7.000.000,00 денари преку следните мерки:

1.1 Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за развој на деловниот субјект, развој на производ и развој на пазар во вкупен износ од 7.000.000,00 денари.

Предмет на мерката 1 е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти и тоа во износ од 50 % од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 300.000,00 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата за следните активности:

1.1.1 Изработка на стратегија за извоз и/или студии за истражување на пазарот и/или маркетинг стратегија и/или активности за развој на бренд

1.1.2 Изработка на техничка документација за нов производ односно за подобрување на постојниот производ и/или изработка на индустриски дизајн /редизајн на производ;

1.1.3 Набавка, имплементација, сертификација и обука за стандарди во областа на: хоризонтални стандарди (МКС EN ISO 50001; МКС EN; ISO 9001; ISO 14001; ISO 22000; МКС EN ISO 45001; МКС EN ISO 31000); хармонизирани и други стандарди и стандардизациски документи од областа на преработувачката индустрија;

1.1.4 Кофинансирање на дел од трошоците за соработка меѓу компаниите и универзитетите (користење на лабораториите при универзитетите, истражувачките центри и сл.)

1.1.5 Развивање и имплементација на проекти за дигитална трансформација на претпријатијата од преработувачка индустрија: набавка на дигитални решенија за поддршка на бизнисот и производството (пр. набавка на систем за Enterprise Resource Planning (ERP), Customer Relationship Management (CRM), систем за компјутерска безбедност, дигитализација во производството и сл.), веб портал, дигитален маркетинг, развој на дигитална култура и стекнување напредни дигитални вештини.

1.1.6 Експертска поддршка во развивање/имплементација на проект за оптимизација на производството преку воведување нови бизнис модели со напредни производни и менаџерски концепти и методологии во насока на унапредување на продуктивноста и квалитетот и намалување на трошоците (Lean менаџмент, КАИЗЕН, итн.)

1.1.7 Експертска анализа и изработка на техничка–проектна документација или студија за техничка изводливост за: планирани инвестициони проекти, подготовка на претпријатието за зголемување на енергетска ефикасност, воведување на циркуларна економија и зелена економија, воведување на нови, модерни и технологии за чисто производство.

1.1.8 Изработка на проектна документација за поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

Финансиската поддршка е наменета за деловните субјекти од секторот Преработувачка индустрија, согласно Националната класификација на дејностите – НКД рев. 2.

МЕРКА 2: Надоместување на дел од трошоците за акредитирање на лаборатории, проширување на опсегот на акредитација на постоечките лаборатории за испитување или набавка на потребна опрема за лаборатории за пуштање на пазарот на квалитетни и безбедни производи во вкупен износ од 3.200.000,00 денари.

Предмет на мерката 2 е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти и тоа во износ од 50 % од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 400.000,00 денари поединечно за секој деловен субјект – барател на средствата.

МЕРКА 3. Кофинансирање за организирање на специјализирани обуки - длабински и детални технолошки обуки за преработувачка индустрија во вкупен износ од 1.300.000,00 денари.

Предмет на мерката 3 е кофинансирање за организирање на обуки и тоа:

3.1. Кофинансирање за организирање на специјализирани обуки - длабински и детални технолошки обуки во следните сектори: автомобилска, текстилна, прехрамбена и металопреработувачка индустрија

3.2. Кофинансирање за организирање на струково специјализирани обуки во кожарската и чевларската индустрија

3.3. Кофинансирање за организирање на обуки за воведување на концептот на „зазеленување – greening of manufacturing industries“ во повеќе избрани сектори од преработувачката индустрија

3.4. Кофинансирање за организирање обуки за воведување на концептот на циркуларна економија во преработувачката индустрија

За активностите од оваа мерка, делот на трошоците се надоместуваат согласно оваа програма, во висина од 75% од докажаните трошоци за организација и реализација на обуките и тоа:

- детален Извештај за реализација на обуките, со индикатори за успешност врз основа на прашалник дистрибуиран до учесниците, со број на учесници и име на компании;

- соодветни докази за реализација на обуките (фактури и сл.) и детален извештај за бројот на учесници и

- името на компаниите – учесници на обуките.

МЕРКА 4: Реализација на пилот проекти поврзани со спроведување на стратегијата за паметна специјализација, насочени кон воспоставување и зајакнување на стратешките партнерства помеѓу универзитети, бизнис и јавен сектор, во вкупен износ од 9.000.000,00 денари.

Мерката 4 ќе биде реализирана во соработка и договор за кофинансирање со Германското друштво за интернационална соработка (ГИЗ), како придружна мерка кон проектот ЕУ за економски раст (EU4EG).

МЕРКА 5: Финансиска поддршка за подобрување на вредносните синџири во вкупен износ од 1.600.000,00 денари.

Предмет на мерката 5 е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за инвестиција во опрема и алати, наменета за нивните локални добавувачи со кои ќе им се подобри продуктивноста и тоа преку кофинансирање на 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 200.000,00 денари поединечно за секој апликант.

За доделување на средства од мерките 1, 2, 3, 4 и 5, од оваа област ќе се објават јавни повици на ВЕБ страната на Министерството за економија www.economy.gov.mk.

Трошоците наменети за реализација на мерките 1,2,3,4 и 5 од оваа област, ќе им бидат исплатени на барателите во зависност од расположливите средства од Буџетот, по редоследот на нивното пријавување во архивата на Министерството за економија.

Б. ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

За мерките од областа Б. Општествена одговорност се наменети средства во вкупен износ од 800.000,00 денари, и тоа за:

МЕРКА 1. Поддршка за развивање, одржување и применување социјално прифатливи практики на деловните субјекти во вкупен износ од 800.000,00 денари преку:

1.1 Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за воведување, сертификација и ресертификација на систем за општествена одговорност на претпријатието, согласно стандардот SA8000/ извештајот: BSCI/SMETA/FAIRWARE, кој обезбедува етичко управување при производство на стоки и услуги и бара да се гарантираат основните права на работниците, во вкупен износ од 300 000,00 денари.

За активностите од мерката 1.1, дел од трошоците се надоместуваат согласно оваа програма, во висина од 60% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 120.000,00 денари поединечно за секој барател на средствата.

1.2 Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за воведување, сертификација и ресертификација на систем за одговорни односи на пазарот, согласно сертификатот „Фер со потрошувачот“, кој обезбедува систем за електронско управување со поплаки од потрошувачи и купувачи и спогодбено решавање на проблеми и спорови, во вкупен износ од 200 000,00 денари.

За активностите од мерката 1.2, дел од трошоците се надоместуваат согласно оваа програма, во висина од 50% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 40.000,00 денари поединечно за секој барател на средствата.

1.3 Надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти за воведување, сертификација и ресертификација на систем за управување со човечки ресурси во доменот на одговорност кон овозможување на баланс помеѓу професионалниот и приватниот живот и постигнување на родова еднаквост, согласно стандардот „MAMFORCE“, кој обезбедува имплементација на напредни политики за управување со човечки ресурси, во вкупен износ од 300 000,00 денари.

За активностите од мерката 1.3, дел од трошоците се надоместуваат согласно оваа програма, во висина од 60% од докажаните трошоци на деловните субјекти, но не повеќе од 120.000,00 денари поединечно за секој барател на средствата.

За доделување на средства од мерката 1 од оваа област ќе се објави јавен повик на веб-страницата на Министерството за економија www.economy.gov.mk и www.konkurentnost.mk.

Трошоците наменети за реализација на мерката 1 од оваа област, ќе им бидат исплатени на барателите во зависност од расположливите средства од Буџетот, по редоследот на нивното пријавување во архивата на Министерството за економија.

III

При распределбата на средствата од оваа програма, во оние мерки каде што тоа е применливо, ќе се има предвид Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста за период од 2018-2023 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 234 /18).

Износот на трошоците на барателот кои ги надоместува Министерството за економија, ќе се зголеми за процентот на учеството во државната помош за рамномерен регионален развој на соодветниот регион на кој припаѓа барателот.

IV

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија.

V

Министерството за економија, заклучно со 31 март 2023 година, до Владата на Република Северна Македонија ќе достави извештај со финансиски показатели за реализација на програмата и наменско користење на средствата.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.41-46/1<br>8 февруари 2022 година<br>Скопје | Прв заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>д-р **Artan Grubi,** с.р. |

**353.**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21 ,122/21 и 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А
ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ХИВ ИНФЕКЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

**I. Вовед**

Република Северна Македонија е земја со ниско ниво на ХИВ епидемија која е концентрирана кај клучните популации засегнати од овој вирус. Почнувајќи од 2018 година Министерството за здравство во целост го презеде финансирањето на активностите за превенција на ХИВ кај клучните засегнати популации. Со цел да се по-

стигне најмногу за вложените ресурси, потребни се фокусирани интервенции, координација и поврзување со другите сродни стратегии и области и вклучување на локалната власт во одговорот кон ХИВ. Намалувањето на стигмата и дискриминацијата и воопшто на нееднаквостите во пристапот до здравствените и социјалните услуги се основен предуслов за успешна реализација на целите на Програмата и напредок кон ставање крај на епидемијата на ХИВ во земјата до 2030 година.

**II. Моментална состојба**

Во изминатите 8 години се бележи растечки тренд во бројот на новодијагностицирани случаи на ХИВ-инфекција на годишно ниво. Зголемениот број нови дијагнози во дел може да се објасни и со целните активности за тестирање токму во клучните засегнати популации, кои се изложени на повисок ризик од ХИВ-инфекција. Исклучок од овој тренд претставуваше 2020 година, кога беа регистрирани 30 нови случаи на ХИВ, што може да е резултат на намален број направени тестови во услови на кризата со КОВИД-19. Ситуацијата се измени во 2021 година, кога бројот на дијагностицирани случаи до крајот на ноември (n=41) е повторно близок на просекот за последните 5 години (2016-2020), кој изнесува 45. Кај 14 од новодијагностицираните 41 случај до крајот на ноември, тестот бил направен во рамките на услугите за доброволно тестирање (2 во центарот за советување за ХИВ при Клиниката за инфективни болести, 3 во центрите за јавно здравје, а 9 во центрите на граѓанските организации); 11 лица тест направиле во државни болници, 8 во приватни лаборатории и болници, 4 случаи биле дијагностицирани во рамките на системот за крводарителство, додека 4 случаи тестот го направиле во странство. Од новите случаи 40 се од машки пол, додека едно лице е од женски пол. Кај 35 од случаите откриени до ноември 2021 година пријавениот начин на пренос на инфекцијата е сексуален однос помеѓу мажи, додека во 5 случаи е пријавен хетеросексуален сексуален однос, а во 1 случај начинот на пренос е непознат. Дури 13 од дијагностицираните случаи биле дијагностицирани доцна (т.е. при број на ЦД-4 клетки понизок од 350 клетки на микролитар), од кои 8 биле дијагностицирани во многу напреден стадиум на ХИВ-инфекцијата. Дополнително, во 2020 и 2021 г. зголемен е и бројот на смртни случаи како резултат на синдромот на стекната имунодефициенција. Податоците од редовното следење и од биобихејвиорални студии покажуваат дека преваленцата се зголемува кај мажите кои имаат секс со мажи (МСМ), каде што во 2018 година таа беше проценета на 5,4% или повеќе од двојно повеќе споредено со истото истражување во 2014 година. Алатката за моделирање за ХИВ на Европскиот центар за превенција и контрола на болестите произведе проценет вкупен број од околу 500 лица што живеат со ХИВ на крајот на 2020 година. Анализата на т.н. континуум на грижата во врска со ХИВ за истата временска точка покажа дека од вкупно инфицираните лица само 66% (n=332) од проценетиот вкупен број на лица што живеат со ХИВ биле свесни за својот ХИВ-позитивен статус на крајот на 2020 г., што е значително пониско од глобалниот просек за истиот параметар, кој изнесувал 84%. Од друга страна, најмалку 90% од дијагностицираните лица што живеат со ХИВ примале антиретровирусна терапија, додека дури 94% од оние на терапија имале супримиран вирус. Сите овие податоци укажуваат на потребата од дополнително интензивирање на активностите за тестирање особено кај клучните популации, зголемени напори за подигнување на свесноста за ХИВ, особено во популацијата на мажи што имаат секс со мажи и воведување нови пристапи на превенција.

**III Приоритетни цели на Програмата за 2022 година**

**Главна цел на Програмата е:**

**Одржување ниска преваленца на ХИВ во Република Северна Македонија преку универзален пристап до превенција, третман, грижа и поддршка, базиран на почитување на човековите права и недискриминација.**

**Специфични цели на Програмата за 2022 година се:**

1. Да се одржи ниска преваленца на ХИВ кај клучните популации во Република Северна Македонија во 2022 година;
2. Да се зголеми бројот на лица од клучни популации кои го знаат својот ХИВ статус, со акцент на МСМ;
3. Секое лице кое живее со ХИВ да има пристап до квалитетен и сеопфатен третман за ХИВ и услуги за грижа и поддршка како дел од сеопфатен третман за ХИВ;
4. Одржување интегриран и одржлив информациски систем за мониторинг на активностите и на постигнатите резултати поврзани со превенција, третман, грижа и поддршка за ХИВ;
5. Лабораториски анализи за избор на ефикасен антиретровирусен третман и контрола на ефикасноста во лекувањето на ХИВ позитивни индивидуи.

Успешноста на Програмата ќе се оценува преку основните индикатори на исход:

1. Број на новодијагностицирани случаи на ХИВ според стадиум на инфекција;
2. Број и процент на лица кои го знаат својот ХИВ-статус;
3. Број и процент на лица кои се поставени на антиретровирусна терапија (АРТ);
4. Број и процент на лица кај кои е постигната супресија на ХИВ.

IV МЕРКИ, АКТИВНОСТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТ

**Цел 1. Да се одржи ниска преваленца на ХИВ кај клучни популации во Република Северна Македонија во 2022 година.**

**Цел 2. Да се зголеми бројот на лица од клучни популации кои го знаат својот ХИВ статус.**

**Мерка 1: Зголемување на опфатот на МСМ со услуги за превенција на ХИВ и други сексуално преносливи инфекции (СПИ)**

**Активности:**

1. Одржување, отворање нови и проширување на стационарните и теренските сервиси за МСМ;
2. Воведување нови и иновативни пристапи за зголемување на опфатот со ХИВ превенција за МСМ (социјални, нови и електронски медиуми, апликации и платформи за паметни телефони, ИТ алатки и сл.);
3. Воведување редовна услуга за постекспозициска профилакса при сексуално изложување на ХИВ кај лица под висок ризик, во согласност со новото национално упатство за примена на постекспозициска профилакса против ХИВ-инфекцијата, усвоено во јули 2021 година;
4. Продолжување на услугите за предекспозициска профилакса во партнерство меѓу ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и граѓанскиот сектор, врз основа на имплементациската студија спроведена во текот на 2021 година и упатството за употребата на предекспозициска профилакса за ХИВ во контекст на сексуалното здравје усвоено во 2021 година.

Точките 1 и 2 од оваа мерка, ќе се реализираат преку воспоставени програми за превенција на ХИВ меѓу мажи што имаат секс со мажи. Овие програми предвидуваат да се опфатат вкупно 5000 лица со основен пакет на услуга (кондом, лубрикант и едукативен материјал); активностите што ќе се финансираат треба да бидат насочени кон зголемување на опфатот на оваа цел-

на популација, активности поврзани со функционирање на советувалиште во Скопје: директно советување, преку инфо-линија и веб-портал, психосоцијална поддршка, како и стационарни и теренски услуги од теренски работници и едукации за ХИВ во Скопје, Тетово, Охрид, Штип и Струмица. Активностите во оваа област треба да вклучуваат и примена на алатки за комуникација, вклучувајќи и иновативни пристапи за поголема мобилизација на припадниците на целната група во користење на услугите за превенција и ХИВ-тестирање. За оваа област на делување се издвоени вкупно 6.000.000,00 денари.

Точката 4, која е исклучително значајна за спречување на преносот на ХИВ во рамките на оваа клучна засегната популација, ќе се спроведе во партнерство со ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и граѓанскиот сектор.

**Показатели на успешност**

1. Број на организации кои нудат услуги за превенција на ХИВ кај МСМ
2. Број на МСМ опфатени со основен пакет за превенција на ХИВ; Цел: 5000 МСМ опфатени на годишно ниво.
3. Број на лица што примаат предекспозициска профилакса кај МСМ и редовно се следат; Цел: опфатени најмалку 100 лица.

**Извршители:** ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби; Министерство за здравство; здруженија

**Мерка 2: Елиминирање на стигма, дискриминација и хомофобија кон МСМ**

**Активности:**

1. Организирање активности против хомофобијата и јавната стигма и дискриминацијата кон популацијата на МСМ;
2. Зајакнување на капацитетите на лицата кои работат во програмите за поддршка на МСМ;
3. Сензитивизација и обука на засегнати страни со цел креирање на поддржувачка средина за ефективна превенција на ХИВ и сексуално преносливи инфекции меѓу МСМ;

**Показатели на успешност**

1. Број на активности за намалување на стигма;
2. Број на работилници и обучени лица;

**Извршители:** Здруженија

**Мерка 3: Одржување висок опфат и квалитет на програмите за намалување штети од употреба на droги кај лицата кои инјектираат дроги (ЛИД)**

**Активности:**

1. Одржување на стационарните и теренските програми за намалување на штетите од употреба и инјектирање дроги раководени од граѓански здруженија;
2. Проширување на програмите за намалување на штетите од употреба и инјектирање дроги во регионот на Тетово;
3. Психосоцијална поддршка на лица кои се на третман за зависност од дроги; Проширување на сервисите и фреквенцијата на теренско доброволно советување и тестирање за ХИВ (ДСТ) и воведување на интегрирани услуги за ДСТ во рамките на превентивните услуги кои се нудат од страна на граѓанските здруженија.

Точката 1 од оваа мерка, ќе се реализира преку програми за превенција на ХИВ кај ЛИД што ги спроведуваат здруженија. Овие програми предвидуваат да се опфатат со основен пакет на услуга (сет од една игла и еден шприц, кондом и едукативен материјал) вкупно 4500 лица од целната популација, во рамките на веќе воспоставени програми за намалување на штети од употреба на дроги односно програми за размена на игли и шприцеви, дистрибуција на кондоми, лубриканти и информативно-едукативни материјали, стационарни и теренски услуги од теренски, социјални и медицински работници, психосоцијална поддршка, едукации за ХИВ, мотивација за третман на зависност и други активности, во вкупно 16: три во Скопје и по една во 13 други градови и тоа Тетово, Гостивар, Битола, Охрид, Струга, Велес, Кичево, Прилеп, Кавадарци, Штип, Струмица, Гевгелија и Куманово. За оваа област на делување издвоени се вкупно 21.630.000,00 денари.

Точката 2 од оваа мерка ќе се реализира преку програмата за психосоцијална поддршка за лица што се лекуваат од зависност од дрога, која вклучува: теренска работа во собиралишта и во домовите на лица што користат дрога (советување за намалување на ризично однесување, мотивација за третман или барање на стручна помош во советувалиштето, поделба на информативно-едукативни материјали, кондоми и лубриканти и ваучери за бесплатно ХИВ тестирање); теренска работа за социјални интервенции (посредување и стручна помош при вадење на докумени потребни за здравствено осигурување, социјално осигурување и др.); групи за самопомош; информативна линија (информации и совети по телефон за проблеми поврзани со употреба на дроги, ХИВ, ХЦВ и сексуално преносливи инфекции); доверливо и анонимно советување од стручни лица –психијатри, клинички психолози, психолози и социјални работници; креативни работилници и психосоцијален клуб; шприц патрола (собирање на високо инфективен отпад, превенција на ХИВ и други по крвно/сексуално преносливи инфекции, подигнување на свесноста кај лицата кои инјектираат дрога за овие инфекции и намалување на стигмата). Со услуги за психосоцијална поддршка предвидено е да се опфатат 300 лица кои се лекуваат од зависност од дрога. За оваа област на делување издвоени се вкупно 1.800.000,00 денари.

**Показатели на успешност**

1. Број на ЛИД опфатени со основен пакет за превенција на ХИВ; Цел: 4500 опфатени ЛИД на годишно ниво
2. Број на ЛИД ( на супституциска терапија/или во процес на приклучување на терапија) опфатени со психосоцијална поддршка; Цел: 400 ЛИД на годишно ниво.

**Извршители:** Здруженија

**Мерка 4: Одржување на висок опфат и квалитет на програмите за превенција на ХИВ и СПИ кај сексуални работници (СР)**

**Активности:**

1. Одржување на стационарните и теренските програми за превенција кај СР раководени од граѓанскиот сектор;
2. Развивање програма за работа со машки и трансродни сексуални работници;
3. Зајакнување на организациските и оперативни капацитети на постоечките програми за поддршка на сексуалните работници, вклучително и сексуални работници кои се мажи што имаат секс со мажи;
4. Проширување на сервисите за ДСТ и воведување на интегрирани услуги за ДСТ во рамките на превентивните услуги кои се нудат од страна на граѓанските здруженија.

Точките 1 и 4 од оваа мерка, ќе се реализира преку воспоставените програми за превенција на ХИВ кај сексуални работници. Се предвидува да се опфатат со

основен пакет на услуга (кондом, лубрикант и едукативен материјал) вкупно 1850 лица од целната група, во рамките на веќе воспоставените 8 (осум) стационарни и теренски програми со вклучени теренски и социјални работници, пиер едукации и други активности во 7 градови низ Република Северна Македонија: Скопје (две), Тетово, Гостивар, Охрид, Битола, Струмица и Гевгелија. За оваа област на делување издвоени се вкупно 7.510.000,00 денари.

**Показатели на успешност**

1. Број на СР опфатени со основен пакет за превенција на ХИВ; Цел: 1850 опфатени СР на годишно ниво

**Извршители:** Здруженија

**Мерка 5. Подобрување на достапноста на ХИВ тестирањето за лица припадници на клучните популации и на општата популација**

**Активности:**

1. Одржување на постоечките теренски сервиси за ХИВ тестирање за клучните популации засегнати од ХИВ, раководени од граѓанските здруженија;
2. Демедикализација на ХИВ тестирањето со брзите скрининг тестови;
3. Интегрирање на ХИВ тестирањето во постоечките стационарни сервиси за превенција на ХИВ и сексуално и репродуктивно здравје (СРЗ) раководени од здруженијата и засегнатите заедници;
4. Проширување и надградба на програмите за ХИВ тестирање со фокус на мажи кои имаат секс со мажи и машки сексуални работници кои се раководени од здруженијата и засегнатите заедници во соработка со јавно-здравствените институции;
5. Воведување на нови и иновативни пристапи за промоција и зголемување на опфат со ХИВ тестирање помеѓу клучните популации засегнати од ХИВ;
6. Подобрување на условите за ХИВ тестирање и советување за клучни популации и ранливи групи во рамки на здравствените установи, вклучително и во диспанзери за туберкулоза, центри за лекување на зависности и затвори и институции од затворен карактер;
7. Проширување на соработката помеѓу јавноздравствените установи и граѓанските здруженија за подобрување на достапноста и квалитетот на ДСТ;
8. Изработка на протокол и воведување на самотестирање за ХИВ;
9. Секој позитивен скрининг тест ќе биде потврден/отфрлен во референтните лаборатории при Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија или ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби.

Активностите 1 и 5 од оваа мерка, ќе се реализираат преку воспоставената програмата за теренско ХИВ тестирање и советување кај клучните популации, која вклучува активности поврзани со теренско советување и тестирање, спроведувано од две мобилни теренски возила, опремени за таа намена; обезбедување материјали за тестирање, следење на тестирањето и собирање податоци за теренското и стационарното тестирање за ХИВ во сервисите на здруженијата за клучните популации на национално ниво; дистрибуција на кондоми, лубриканти и едукативни и информативни материјали; активности за мобилизација на лица од засегнатите заедници, активности за зголемување на свеста за ХИВ тестирањето и јакнење на капацитетите на давателите на услуги за ХИВ тестирање. Предвидено е да се опфатат 3300 лица (мажи што имаат секс со мажи – 1500 лица, лица кои инјектираат droги – 800 лица, сексуални работници – 1000 лица) со основен пакет на услуга (пред-тест советување, тестирање со брз тест за ХИВ и пост-тест советување) во Скопје и уште 13 градови низ државата: Тетово, Гостивар, Велес, Кичево, Прилеп, Охрид, Струга, Битола, Кавадарци, Штип, Струмица, Гевгелија и Куманово. Советувањето и тестирањето треба да биде доброволно и доверливо и да биде спроведено од лица кои имаат поминато претходна обука за советување и тестирање за ХИВ. Теренските тимови е потребно да се составени од три лица (советувач, лаборант и лице за контакт со целната група – гејткипер). За оваа област на делување издвоени се вкупно 3.600.000,00 денари.

Активноста 3 од оваа мерка, ќе се реализира преку активности за дијагноза и третман на сексуално преносливи инфекции (СПИ) и услуги за сексуално и репродуктивно здравје кај клучните популации и млади лица во рамките на младинските пријателски сервиси за СРЗ во Скопје и работата на мобилна гинеколошка амбуланта за сексуално и репродуктивно здравје, со кои е планирано да се зголеми пристапот до квалитетни услуги за сексуално и репродуктивно здравје помеѓу лицата од клучните популации (мажи што имаат секс со мажи, лица што инјектираат дрога и сексуални работници, како и на луѓето кои живеат со ХИВ и нивните партнери) и младите луѓе. Преку стационарните и мобилниот сервис за СРЗ ќе се нудат следните услуги: гинеколошки прегледи и советувања (дијагностика на сексуално преносливи инфекции, администрирање на терапија и контрацепција, вагинален и ЕХО преглед и сл.); дерматовенеролошки прегледи (крио терапија, дијагностика на сексуално преносливи инфекции, администрирање на терапија); ХИВ тестирање и психосоцијални советувања; дистрибуција на кондоми, лубриканти и едукативни и информативни материјали. Со оваа активност потребно е да се опфатат 828 клиенти од целните групи: МСМ – 160 лица, СР– 588 лица и ЛИД – 80 и 460 млади луѓе кои ќе направат тестови за СПИ (сифилис, гонореја, хепатитис Б и хепатитис Ц, хламидија и/или трихомонас) и/или гинеколошки преглед (вагинален преглед и ЕХО). Оваа област вклучува и активности за јакнење на капацитетите на давартелите на услуги за секуално и репродуктивно здравје во младинските пријателски сервиси за секуално и репродуктивно здравје и работата на мобилната гинеколошка амбуланта. За оваа област на делување издвоени се вкупно 4.300.000,00 денари.

**Показатели на успешност**

1. Број на млади и лица од општа популација тестирани за ХИВ – Цел 2.500 годишно (2.100 Центри за јавно здравје и 400 од здруженија)
2. Број на МСМ тестирани за ХИВ и други сексуално преносливи инфекции (СПИ); Цел: 1.500 годишно
3. Број на ЛИД тестирани за ХИВ и други сексуално преносливи инфекци (СПИ); Цел: 800 годишно
4. Број на СР тестирани за ХИВ и други сексуално преносливи инфекци (СПИ); Цел: 1.000 годишно
5. Изменета законска регулатива/донесено решение за вршење на ХИВ тестирање во овластени здруженија

Извршители: Здруженија, центри за јавно здравје, Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби.

**Мерка 6. Подигање на свесноста и сензитивноста за ХИВ и правата на лицата од клучните популации меѓу општата јавност и клучните институциите**

**Активности:**

1. Обуки за сензитивизација на кадар во клучни институции (здравство, социјална заштита, правда, полиција, медиуми и др.) и изработка на водичи за работа со припадници на клучните популации

2. Едукативни сесии за превенција на ХИВ со фокус за намалување на стигма и дискриминација кон клучни популации и лица кои живеат со ХИВ

3. Спроведување на активности со фокус на намалување предрасудите и дискриминацијата, зголемување на стапката на ХИВ-тестирање и одбележување на Светскиот ден на СИДА

**Показатели на успешност**

1. Број на обучени и сензитивизирани здравствени работници во однос на проблематиката поврзана со ХИВ инфекцијата

2. Број на едукативни сесии за превенција и со фокус за намалување на стигма и дискриминација кон клучни популации и лица кои живеат со ХИВ

3. Број на фокусирани активности и кампања за подигнување на јавната свесност изразен во проценет број на индивидуи до кои допреле комуникациските пораки

**Извршители:** Министерство за здравство, Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, здруженија, центри за јавно здравје.

**ЦЕЛ 3: Секое лице кое живее со ХИВ да има пристап до квалитетен и сеопфатен третман за ХИВ и услуги за грижа и поддршка како дел од сеопфатниот третман за ХИВ**

**Мерка 1. Воспоставување интегриран систем за обезбедување на терапијата, грижа и поддршка за лица кои живеат со ХИВ**

**Активности:**

1. Утврдување и континуирано ажурирање на листа на неопходни антиретровирусни лекови за прва, втора и трета линија на терапија, како и педијатриски антиретровирусни лекови

2. Набавка и дистрибуција на антиретровирусни лекови и редовно следење на нивните ефекти

3. Координиран пристап помеѓу ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, Министерството за здравство, Агенцијата за лекови и медицински средства и Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија во планирањето на процесите за обезбедување на терапијата, како и вклучување на заедницата на лица што живеат со ХИВ во следењето на процесите

4. Ревидирање на националното упатство за медицинско згрижување при ХИВ-инфекција, во согласност со медицината базирана на докази и упатствата на СЗО и на Европското клиничко здружение за СИДА

5. Обезбедување услови за планирано родителство на мажи и жени кои живеат со ХИВ.

**Мерка 2. Одржување добро здравје и висок степен на адхерентност кај пациентите со ХИВ на АРТ (>90%) преку континуирано нудење услуги за психосоцијална поддршка**

**Активности:**

1. Обезбедување сервиси кои овозможуваат долг и квалитетен живот за луѓето кои живеат со ХИВ и висока адхерентност до антиретровирусната терапија, вклучувајќи и психосоцијална и врсничка поддршка и позитивна превенција (едукација и советување за сексуалното здравје; справување со стигмата и дискриминацијата и промоција на употребата на кондоми).

Активноста 1 од оваа мерка ќе се реализира преку воспоствена програма за позитивната превенција и психосоцијалната поддршка за лицата со ХИВ и нивни партнери со превенција кај МСМ, која опфаќа: услуги за превенција фокусирана на лицата што живеат со ХИВ и нивни партнери и за поддршка во рамките на заедницата (врсничко советување, социотерапевтски групи, обуки за позитивна превенција, придружба и помош во пристапот до здравствени услуги и до терапија, помош во домашни или болнички услови, информативно-едукативни материјали); психосоцијална поддршка (советување, покривање на трошоци за пат за подигнување на терапија и за медицинска контрола за ХИВ, доделување помош од основни прехранбени и хигиенски производи, помош на немоќни или хоспитализирани пациенти, поврзување со институции и со услуги на други здруженија); обуки за едукација и сензитивизација на здравствени работници во врска со ХИВ за намалување на дискриминацијата во здравствениот сектор; продуцирање на едукативен материјал; активности за подигнување на јавната свесност, нормализирање на услугите за ХИВ во јавноста и за мобилизирање поголема општествена поддршка. Оваа програма исто така вклучува и опфат на лица од целната популација на мажи што имаат секс со мажи со основен пакет за превенција, ХИВ-тестирање и советување и советување и поддршка при користење на предекспозициска профилакса. Со услугите за позитивна превенција и поддршка во рамките на заедницата предвидено е да се опфатат најмалку 80 лица што живеат со ХИВ, од кои барем 30 нови (опфатени по прв пат) и најмалку 150 лица со ХИВ-тестирање и советување и 100 лица со услуги за советување и поддршка при користење на предекспозициска профилакса. За оваа област на делување издвоени се вкупно 1.700.000,00 денари.

**Показатели на успешност**

1. Број и процент на лица кои АРТ; Цел: најмалку 90% лица со дијагностицирана инфекција се поставени на АРТ

2. Процент на лица кои се задржани на терапија

3. Процент на лица кај кои е постигната супресија на вирусот; Цел: најмалку 90% од лицата што примаат АРТ

4. Ажуриран протокол за терапија

5. Број и процент на лица опфатени со услуги за психосоцијална и врсничка поддршка и позитивна превенција во рамките на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и преку соработка со здруженија за поддршка на лица што живеат со ХИВ. Цел: најмалку 90% од лицата со дијагностицирана ХИВ-инфекција

**Извршители:** ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, здруженија.

**Цел 4: Одржување на интегриран и одржлив информациски систем за мониторинг на активностите и на постигнатите резултатите поврзани со превенција, грижа и третман на ХИВ.**

**Мерка 1. Прибирање, раководење и употреба на стратешки информации за мониторинг на ХИВ епидемијата и програмите за превенција**

**Активности:**

1. Унапредување и одржување на националниот електронски систем за прибирање информации поврзани со превенција на ХИВ кај клучни популации
2. Спроведување на редовни мониторинг посети во сите организации и институции за обезбедување на квалитет на активностите
3. Одржување на Националниот центар за мониторинг и евалуација на активностите за превенција на ХИВ во Република Северна Македонија
4. Континуирана едукација за надзор и пријавување во информацискиот систем за сите инволвирани организации и институции
5. Годишна проценка на број на лица што живеат со ХИВ користејќи релевантни алатки за моделирање (според Европскиот центар за превенција и контрола на болести, УНАИДС – заедничка програма на Обединетите Нации за ХИВ и сл.)
6. Подобрување на дисеминацијата на податоците, извештаите од надзорот и резултатите од истражувањата за ХИВ
7. Редовно ажурирање на анонимниот регистар за случаи на ХИВ помеѓу ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фербилни состојби и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија
8. Анализа на континумот на услуги за здравствена грижа во врска со ХИВ во соработка со ЈЗУ Универзитетска клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија

**Показатели на успешност**

1. Функционален електронски систем за прибирање на податоци
2. Број на одржани обуки за корисници
3. Број на теренски увиди
4. Редовни квартални, полугодишни и годишен извештај за реализација на програмските активности
5. Извештај за напредокот кон постигнување на целите „95-95-95“
6. Ажурирана база на податоци помеѓу Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби

**Извршители:** Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби

**Цел 5: Лабораториски анализи за избор на ефикасен антиретровирусен третман и контрола на ефикасност во лекувањето на ХИВ позитивни индивидуи**

**Мерка: Лабораториски анализи за избор на ефикасен антиретровирусен третман и контрола на ефикасност во лекувањето на ХИВ-позитивни индивидуи.**

**Активности:** Следниве специфични тестови се предвидени да се извршуваат на Институтот за имунобиологија и хумана генетика на Медицинскиот факултет во Скопје:

1. Испитување на вирусниот тропизам за CCR5 рецепторот пред започнување на терапија со антагонист на CCR5, или при неефикасност во користењето на овој лек;
2. Испитување на транспортерот на П-гликопротеин 1 (MDR1) заради соодветна проценка на очекуваното намалување на вирусното оптоварување кај пациентот;
3. Испитување на цитохром P450 изоензимот 2D6 (CYP2D6) за проценка на стапката на метаболирање и соодветно, ефикасноста на антиретровирусните лекови и индивидуализирано дозирање на овие лекови;
4. Испитување за HLA-B*5701 пред започнување на третман со лекот abacavir (ABC) со цел да се избегнат ризични, животозагрозувачки реакции на овој лек кај носители на специфичната HLA варијанта.

Во согласност со актуелните препораки за дијагностицирање и терапија на лицата со ХИВ, предвидуваме сите овие анализи да се прават кај секој новооткриен ХИВ-позитивен случај во Северна Македонија, како и кај пациенти кои веќе започнале со терапија, а не се добива соодветен одговор од тековната терапија. Проектираната бројка на пациенти кои ќе бидат опафтени со овие анализи за 2021 година е 100 (60 новооткриени и 40 кои се веќе на терапија, а потребна е проценка на ефикасноста).

За сите испитаници потребниот материјал за анализа е крв, од која се изолира ДНК, која потоа се користи за амплифицирање на конкретните гени од интерес, а дел се складира за понатамошни анализи. Комбинираните трошоци за сите анализи по 1 испитаник (вклучени земање крв, изолација на ДНК, неколку ПВР амплификации, хибридизација со специфични олигонуклеотидни проби, ХЛА типизација со Luminex и ССП) изнесуваат 20.000 ден. За анализирање на предвидените 100 испитаници во 2021 година, вкупно се предвидени 2.000.000 ден. (два милиони денари).

Со вклучување и финансирање на оваа ставка во Програмата за ХИВ значајно ќе се унапреди третманот и квалитетот на живот на ХИВ-позитивните лица.

Извршители: Институтот за имунобиологија и хумана генетика на Медицинскиот факултет во Скопје

**V. Потребни финансиски средства (обем, цена и вкупни средства) Табела 1**

| Потребни финансиски средства (обем, цена и вкупни средства) Табела 1 за 2022 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Координација,собирање и употреба на стратегиски информации, следење и проценка | | | | | |
| Ред бр. | Активност | Извршител | Количина | Цена | Планиран износ согласно програма |
| 1 | Национален центар за управување со податоци, надзор и следење Мониторинг, следење и проценка | Институт за јавно здравје на Република Северна Македон | 1 | 500.000,00 | 500.000,00 |
| 2 | Одржување дата-база на известувања мониторинг посети одржување на возило | Институт за јавно здравје на Република Северна Македон | 1 | 180.000,00 | 180.000,00 |
| 3 | Набавка на ХИВ тестови за брз скрининг и хив тестови за самотестирање кондоми и лубриканти | Министерство за здравство | 1 | 3.500.000,00 | 3.500.000,00 |
| 4 | Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за мажи што имаат с со мажи (МСМ) во Скопје, Тетово, Охрид, Штип и Струмица | Избрани здруженија | 1 | 6.000.000,00 | 6.000.000,00 |
| 5 | Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за лица кои инјектираат дрога (ЛИД) во Скопје (3), Гостивар, Кичево, О: Тетово,Струга, Битола, Кавадар Струмица, Гевгелија, Прилеп, Штип, Велес и Куманово | Избрани здруженија | 1 | 21.630.000,00 | 21.630.000,00 |
| 6 | Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за сексуални работници (СР) во Скопје (2), Гостивар, Тетово,Охрид, Битола, Струмица, Гевгелија | Избрани здруженија | 1 | 7.510.000,00 | 7.510.000,00 |
| 7 | Позитивна превенција и психосоцијална поддршка кај л со ХИВ и нивни партнери со превенција кај МСМ | Избрани здруженија | 1 | 1.700.000,00 | 1.700.000,00 |
| 8 | Активности за теренско ХИВ тестирање и советување кај клучните популации | Избрани здруженија | 1 | 3.600.000,00 | 3.600.000,00 |
| 9 | Психосоцијална поддршка за ли што се лекуваат од зависност о, дрога | Избрани здруженија | 1 | 1.800.000,00 | 1.800.000,00 |
| 10 | Активности за дијагноза и третм на СПИ и услуги за сексуално и репродуктивно здравје кај клуч популации и млади лица | Избрани здруженија | 1 | 4.300.000,00 | 4.300.000,00 |
| 11 | ХИВ ДСТ вклучувајки новооткри пациенти со туберкулоза | Институт за јавно здравје на Република Северна Македон | 200 | 150 | 30.000,00 |
| 12 | Доброволно и доверливо тести и советување за ХИВ | 10 Центри за јавно здравје и Центри за превенција и третман на зависности, Психијатриска Болница | 2.100 | 140 | 294.000,00 |
| 13 | Предавања за превенција на ХИВ кај лица кои издржуваат к затвор и доброволно и доверли тестирање за ХИВ и Спроведува на стручни предавања и превен на ХИВ и СПИ помеѓу општа и млада популација | 10 Центри за јавно здравје | 150 | 1.500,00 | 225.000,00 |
| 14 | Конфирматорска лабораториска дијагноза на ХИ инфекција | Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби | 50 | 3.000,00 | 150.000,00 |
| 15 | Конфирматорска лабораториска дијагноза на ХИВ- инфекција | Институт за јавно здравјена Република Северна Македон | 20 | 3.000,00 | 60.000,00 |
| 16 | Набавка на антиретровирусни лекови за терапија и профилакса за хив инфекција и тестови за следење на хив инфекција | Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби | 1 | 71.521.000,00 | 71.521.000,00 |
| 17 | Иследување за избор на ефикасен антиретровирусен третман и контрола на ефикасност на лекување со антиретровирусна терапија HLA- B-5701 тест, Тропизам -CCR5, Фармакогенет Генотипизација - CYP450 | Институт за имунобиологија и хумана генетика | 100 | 20.000,00 | 2.000.000,00 |
| **ВКУПНО** | | | | | **125.000.000,00** |

**VI. Финансирање (извори на обезбедување на средствата – Буџет на Република Северна Македонија донации и други извори)**

Вкупните средства за реализација на оваа програма изнесуваат 125.000.000,00 денари. Оваа програма ќе се реализира во рамките на средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година и тоа: 100.000,000,00 денари од основен Буџет и 25.000,000,00 денари од Буџет на самофинансирачки активности на Министерство за здравство, додека дел од активностите и мерките ќе се реализираат во рамките на постоечките Буџети на јавните здравствени установи. Неизмирените обврски кон извршителите за 2021 година, во вкупен износ од 5.217.814,00 денари ќе бидат исплатени во тек на 2022 година.

**VII. Извршители на Програма**

Извршители на оваа програма се Министерство за здравство, Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, Центри за јавно здравје, Општи и специјални болници ,Институт за имунобиологија и хумана генетика и здруженија избрани врз основа на јавен повик објавен од страна на Министерство за здравство.

**VIII. Доставување на извештаи и рокови**

Распределбата на средствата од оваа програма ќе ја врши Министерството за здравство кон извршителите на активностите, врз основа на доставени фактури изготвени според приложените формати за изготвување на фактури, барање за исплата на средства со уредно пополнети наративни извештаи за имплементација на активностите, преглед на трошоци, изјава за потврда на спроведените активности и точноста на доставените податоци во извештајот, барање за исплата на средства и фактура, докази за извршена набавка, договори и друга документација.

**IX. Следење на реализација на Програмата (мониторинг и евалуација)**

Следење на спроведувањето на оваа програма ја врши Министерство за здравство во соработка со Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

Министерството за здравство подготвува Годишен извештај за програмска и буџетска реализација на оваа програма најдоцна до крајот на јуни 2023 година.

Подготвениот Годишен извештај за програмска и буџетска реализација на програмата се објавува на веб страната на Министерството за здравство.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-253/1<br>8 февруари 2022 година<br>Скопје | Прв заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>д-р **Artan Grubi,** с.р. |

---

**354.**

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19) и Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**„ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ“ ЗА 2022 ГОДИНА**

I. В О В Е Д

Кардиоваскуларните и респираторните болести се најчести заболувања кај населението како во светски рамки така и во Република Северна Македонија.

Зголемениот крвен притисок, зголемени масноти во крвта, дебелината, дијабетот, неправилната исхрана, недоволната физичка активност, злоупотребата на алкохол и тутун се најчести ризик фактори за настанување на кардиоваскуларните заболувања. Најзначајните ризик фактори за појава на незаразни болести, можат да се спречат и да се контролираат.

Масовните незаразни болести се водечка причина за смрт и инвалидитет ширум светот.

Причинители на висока зачестеност на масовни незаразни болести во последните децении од дваесеттиот век и почетокот на овој век се значајните и брзи промени во начинот и стилот на живот на современиот човек. Најмногу се изразени промените во начинот на исхрана, нивото на физичка активност, зголемената употреба на алкохол и тутун. Во интеракцијата на физичката активност, храната, исхраната и на здравјето на луѓето, вклучени се следните релевантни аспекти: енергетската потрошувачка преку физичката активност како важна компонента на енергетската рамнотежа што ја определува телесната тежина.

Превентивните прегледи за навремена контрола на крвниот притисок, телесната тежина, одредување шеќер и масноти во крвта се битен елемент за навремено спречување на појава на кардиоваскуларни заболувања.

Едукација на населението за потребата од навремени превентивни прегледи за контрола на сопственото здравје е битен фактор за рано откривање и спречување болести.

Параметри на здравјето кои е потребно да се следат се: крвен притисок, телесна тежина, висина, индекс на телесна маса, шеќер и масноти во крвта. На граѓаните потребно е во исто време да им се даваат и конкретни совети за грижа за сопственото здравје како совети за промоција на здрави животни стилови, поддршка за откажување од штетни животни навики, одвикнување од пушење, за начинот на исхрана и заштита од високите температури, важност на превентивните прегледи.

**1. Материјални трошоци за спроведување на акции за бесплатни прегледи од страна на здравствени домови по една акција на секои два месеци** - Со оваа активност на сите граѓани им се дава можност да извршат бесплатен превентивен преглед и тоа независно од нивниот статус на здравствено осигурување.

Активностите се состојат во бесплатни лекарски прегледи, мерење крвен притисок, телесна тежина и висина, индекс на телесна маса, одредување шеќер и масноти во крвта и други лекарски совети. Резултатите од мерењата се соопштуваат на лице место.

При прегледите се даваат и совети за грижа за здравјето, начин на исхрана, заштита од високите температури, а се делат и промотивни печатени едукативни материјали за правилен начин на живот и исхрана.

Активностите се спроведуваат на отворен и затворен простор во зависност од временските прилики, а за местото, денот и времето на спроведување на прегледите, населението ќе биде известено преку локалните медиуми и месните заедници.

Секој Здравствен дом треба да обезбеди по шест акции на годишно ниво, во рурално подрачје.

Динамиката на спроведување на активностите ќе биде еднаш на два месеци и тоа по една акција во следните периоди- (од 1.1.2022 до 28.2.2022 година), (од 1.3.2022 до 30.4.2022 година), (од 1.5.2022 до 30.6.2022 година), (од 1.7.2022 до 30.8.2022 година), (од 1.9.2022 до 30.10.2022 година) и (од 1.11.2022 до 31.12.2022 година).

Здравствените тимови ќе бидат составени од лекар ,медицинска сестра и возач.

Резултатот од анализата ќе се евидентира во евидентен лист и се доставува до Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

**Извршители**- дравствените домови

**2. Обработка на податоци од мерењата при здравствениот преглед и извештај**

**Извршители**–Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

**3.Активности за превентивни прегледи при топлотни бранови кои ќе бидат спроведени од страна на сите здравствени домови**

**Извршители**–Здравствените домови

**4. Истражување, мониторинг и евалуација-** Истражување за причини за немотивираност на пациенти за прекин на пушење

**Извршители**–Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

**5. Обуки за здравствени работници на тема – откажување од пушење**-За таа цел се подготвува модул со печатени едукативни материјали и одржани 4 семинари со вклучени по 50 здравствени работници по семинар

**Извршители**–Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

**6. Организирање на кампања за здрав живот-Организирање на прес конференции, учество во ТВ емисии, дистрибуција на брошури за здрав живот и орално здравје**

**Извршители**–Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

**7. Трошоци за гориво за Рурални Концесионери -** над 25 км оддалеченост од здравствениот дом до руралните концесионери и минимум 200 пациенти. За остварување на оваа активност ќе се обезбедат трошоци за пат за руралните доктори (над 25 км оддалеченост и минимум 200 пациенти) со максимална месечна исплата до 6.000,00 за патни трошоци.

**Извршители**–Руралните концесионери

**8. Промотивни активности за превенција и контрола на незаразни болести** Одбележување на денот на срцето и други активности кои се поврзани со превенција од кардиоваскуларни заболувања и фактори на ризик.

**Извршители-**Клиника за кардиологија во соработка со Граѓанско здружение од областа

**9. Обуки за здравствени работници на тема сексуално и репродуктивно здравје во општини каде има поголем број лица со попреченост-**За таа цел е подготвен модул и едукативен материјал и да се одржат 4 семинари со кои ќе бидат опфатени гинеколози, матични лекари и сестри.

**Извршители**–Медицински факултет Скопје - Центар за семејна медицина

10. Обуки за здравствени работници за работа со деца со пречки во развојот и лица со попреченост жртви на насилство во општини каде има поголем број на лица со пречки во развојот- За таа цел е подготвен модул и едукативен материјал, и да се одржат 4 семинари со кои ќе бидат опфатени гинеколози, матични лекари и сестри.

**Извршители** – Медицински факултет Скопје - Центар за семејна медицина.

**11. Проект Ало докторе**

Целта на функционирањето на телефонската линија за медицинските совети/Ало докторе е обезбедување со содветни здравствени услуги, односно консултации и упатства за граѓаните при појава на првични симптоми за кој не е неопходен итен медицински третман (главоболка, настинка , покачена температура). Граѓаните кој се јавуваат во повикувачкиот центар на телефонската линија 15123 имаат можност во тек на 24 часа да добијат стручен медицински совет и доколку има потреба пациентот се упатува во Итната медицнска помош или се советува да закаже преглед кај содветен специјалист.

**Извршител**–Здравствен дом Скопје

II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целта на оваа програма е активен пристап до граѓаните од руралните средини, контрола на нивното здравје, навремено и соодветно лекување и препораки за превенција на здравјето.

III.ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ ЗА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

За време на припремните активности за целосно и навремено спроведување на оваа програма се организираат средби со одговорните лица на здравствените установи – извршители на активностите. Воедно, навремено се обезбедуваат потребните медицински материјали, промотивни материјали и друг потребен инвентар.

За таа цел ќе се спроведат следните активности:

- Список со одговорни лица по здравствени установи и нивни телефонски броеви.
- Координатори на активностите се Здравствените домови за своето подрачје.
- Календар со локалитетиза поставување на пунктови за вршење на превентивните прегледи (на два месеци).
-Евидентен лист за индивидуалниот превентивен преглед, со содржината за антропометриските мерења за определување на индексот на телесна маса, мерење на нивото на шеќерот и холестеролот во крвта и крвниот притисок.
- Набавка на апарати за анализа, ленти за одредување на шеќерот и холестеролот во крвта и ланцети.
- Подготовка на анкетните листи во постоечкиот софтвер.

IV.ЕВАЛУАЦИЈА НА ДОБИЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД ИЗВРШЕНИТЕ ПРЕВЕНТИВНИ ПРЕГЛЕДИ

Секој извршен превентивен преглед се евидентира во посебен евидентен лист кој се доставува до Институтот за јавно здравјена Република Северна Македонија.

По обработката на добиените индивидуални листи за вкупниот период Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија изготвува студија за добиените резултати од превентивните прегледи по здравствени домови на ниво на државата со препораки за подобрување на здравствената состојба кај граѓаните.

V.ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА

Табела 1.

| Ред бр. | Активност | Единица/вредност | Извршители | Износ во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Надоместок за ангажирање на тимовите кои ќе одат на терен<br><br>Матерјални трошоци ( бензин, ленти ... ) | 3.000,00 ден (една посета - тим лекар, сестра и возач) 33*6*3.000,00ден (по 6 посети годишно)<br><br>33*1*20.000,00ден (годишно)/квартално | 33 Здравствени домови | **594.000,00**<br><br>**660.000,00**<br>----------------------<br>**990.000,00** |
| 2 | Обработка на податоци од мерењата при здравствениот преглед и извештај | 100.000,00 ден (годишно) | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | **60.000,00** |
| 3 | Активности за превентивни прегледи при топлотни бранови | 33*6.000,00ден (годишно) | 33 Здравствени домови | **200.000,00** |
| 4. | Истражување, мониторинг и евалуација за причините за немотивираност на пациентите за прекин на пушење | Извештај од остварено истражување 100.000,00 ден (годишно) | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | **60.000,00** |
| 5. | Обуки на здравствени работници на тема – откажување од пушење | Подготвен модул ,печатени едукативни материјали и одржани 4 семинари со вклучени по 50 здравствени работници по семинар | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | **100.000,00** |
| 6. | Организирање на кампања за здрав живот | Организирање на прес конференции,учество во ТВ емисии, дистрибуција на брошури за здав живот и ОРАЛНО ЗДРАВЈЕ | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | **100.000,00** |
| 7. | Трошоци за Рурални доктори (над 25 км оддалеченост и минимум 200 пациенти). Руралните доктори кој ги исполнуваат условите за работа добиваат месечна надокнада за патни трошоци максимум до 6.000,00 денари. | За остварување на оваа активност ќе се обезбедат трошоци за пат за руралните доктори.Максимална .месечна исплата ке биде до 6.000,00 денариод потрошените сретсва за патни трошоци. | 33 Здравствени домови (руралните доктори) | **640.000,00** |
| 8. | Промотивни активности за превенција и контрола на незаразни болести | Одбележување на денот на срцето и други активности кои се поврзани со превенција од кардиоваскуларни заболувања и фактори на ризик | Клиника за кардиологија во соработка со Граѓанско здружение од областа | **50.000,00** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9. | Обуки за здравствени работници на тема сексуално и репродуктивно здравје во општини каде има поголем број лица со попреченост | Подготвен модул ,печатени едукативни материјали и одржани 4 семинари со вклучени по 50 здравствени работници по семинар | Медицински факултет Скопје - Центар за семејна медицина | **100.000,00** |
| 10. | Обуки за здравствени работници за работа со деца со пречки во развојот и лица со попреченост жртви на насилство во општини каде има поголем број лица со попреченост | Подготвен модул печатени едукативни материјали и одржани 4 семинари со вклучени по 50 здравствени работници по семинар | Медицински факултет Скопје-Центар за семејна медицина | **100.000,00** |
| 11. | АЛО ДОКТОРЕ | 22 доктори просечно по 6.060,00 ден месечно вкупно 133.320,00 денари, по 12 месеци 1.600.000,00 | Здравствен дом Скопје | **1.600.000,00** |
| | | | | |
| | ВКУПНО | | | **4.000.000,00 ден** |

Извршители на оваа програма се Здравствените домови, Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија и Медицински факултет Скопје- Центарот за семејна медицина.

Неизмирените обврски кон извршителите за 2021 година ќе бидат исплатени во текот на 2022 година.

Оваа програма ќе се реализира во рамки на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година во износ од 4.000.000,00 денари.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-332/1<br>8 февруари 2022 година<br>Скопје | Прв заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>д-р **Artan Grubi,** с.р. |

---

**355.**

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/11, 136/11, 91/13, 164/13, 27/14, 112/14, 144/14, 124/15, 149/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ТРАНСПЛАНТАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

### I. Вовед

Со Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/11, 136/11, 91/13, 164/13, 112/14, 144/14, 124/15, 149/15 и 37/16), се уредуваат условите под кои можат да се земаат, чуваат, обработуваат, разменуваат, пренесуваат и пресадуваат делови од човечкото тело (органи,ткива и крвотворни матични клетки) од живи или умрени лица заради лекување, условите што треба да ги исполнуваат здравствените установи што вршат работи на земање, чување, обработување, разменување, пренесување и пресадување делови од човечкото тело заради лекување, организацијата и спроведувањето на земањето и пресадувањето делови од човечкото тело, како и надзорот над спроведувањето на овој закон.

Земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување може да се врши само кога е тоа медицински оправдано, кога е тоа најповолен начин за лекување на болниот, кога не се загрозува животот на дарителот или не му се нанесува трајно оштетување на здравјето, во постапка и под услови утврдени со овој закон.

### II. Приоритетни цели на Програмата

1. Зголемување на бројот на трансплантации на бубрези, срце и на коски и коскени ткива од починато лице
2. Зголемување на бројот на спроведени несродни и полуидентични трансплантации на крвотворни матични клетки
3. Проширување на листата на трансплантации од починато лице на црн дроб,  васкуларни ткива и рожница и отпочнување на подготовки за трансплантација на бели дробови.
4. Зголемување на бројот на доброволни несродни дарители во националниот регистер на хематопоетски матични клетки
5. Подигнување на свеста кај здравствените работици и кај населението за значењето на донирањето органи и хематопоетски матични клетки и трансплантациите како методи на лекување

**Специфични цели на Програмата се:**

1. Зголемување на бројот на трансплантации на бубрези, срце и на коски и коскени ткива од починато лице.
2. Зголемување на бројот на несродни и полуидентични трансплантации на матични хематопоетски клетки.
3. Проширување на листата на трансплантации од починато лице на црн дроб, рожница и васкуларни ткива и отпочнување на подготовки за трансплантација на бели дробови.
4. Зголемување на бројот на регрутирани доброволни несродни дарители во националниот регистер на матични хематопоетски клетки.
5. Изградба на систем кој ќе обезбеди и гарантира правичен пристап кон органите и ткивата. Проширување на софтверот за трансплантација со модули за коскени ткива, црн дроб, васкуларни ткива и рожница.
6. Одржување на базата на доброволни дарители на коскена срцевина и редовно ажурирање на софтверот кој управува со базата.
7. Подигнување на свеста кај населението за донирање на органи, ткива и крвотворни матични клетки.
8. Подигнување на свеста кај медицинскиот персонал од примарното, секундарно и терцијалното здравство за донирање на органи, ткива и матични хематопоетски клетки и за начењето на трансплантацијата.
9. Зголемување и идентификација на пацентиѕ со мозочна смрт во правец на органодарителство.

**Успешноста на Програмата ќе се оценува преку основните индикатори на исход:**

1. Број на извршени трансплантации од починат донор.
2. Број на спроведени несродни и полуидентични трансплантации на хематопоетски матични клетки.
3. Број на пациенти на листитите на чекање за орган.
4. Број на идентификувани и на процесирани донори на органи.
5. Број на регрутирани доброволни несродни дарители во македонскиот национален регистар.
6. Број на здравствени работници вклучени во извршување на трансплантацијата кои посетувале соодветна обука од областа на трансплантација.

### III. МЕРКИ, АКТИВНОСТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТ

Цел 1. Да се зголеми бројот на трансплантации од починато лице.

Цел 2. Да се изгради систем кој ќе обезбеди и гарантира правичен пристап кон органите и ткивата.

Цел 3. Да се зголеми бројот на несродни трансплантации на хематопоетски матични клетки.

Цел 4. Да се зголеми бројот на доброволни несродни дарители во националниот регистер на дарители.

Цел 5. Преку едукативни кампањи да се зголеми свесноста кај медицинскиот персонал и кај населението за значењето на трансплантацијата и органодонорството да се подигне свеста за донирање на органи, ткива и крвотворни матични клетки.

**Цел 1. Да се зголеми бројот на трансплантации од починато лице**

Мерка 1. Зголемување на опфатот со ХЛА типизација и други лабораториски и дијагностички испитувања на пациентите кои се подготвуваат за трансплантација од жив дарител и/или починато лице и кои се внесени на Националналата листа за трансплантација на бубрег. Вклучување на редовни анализи за ХЛА антитела 2 за сите пациенти кои се на Националната листа за трансплатнација, како и ХЛА типизација и други лабораториски и дијагностички испитувања на донаторите/дарителите на останати органи и ткива (срце, црн дроб, коски, коскена срцевина).

**Активности:**
1. Селекција и избор на нови пациенти на кои ќе им биде направена ХЛА типизација и ќе влезат на Националните листи за трансплантација.
2. Редовно испитување на ХЛА антителата 2 на пациентите кои веќе се наоѓаат на Националните листи за трансплантација, во координација и соработка со центрите за дијализа;
3. Извршување на ХЛА типизација и други лабораториски и дијагностички испитувања за други органи кои ќе се транслантираат (срце, коски и коскени ткива, црн дроб, бели дробови и васкуларни ткива) од страна на надлежните установи.

**Показатели на успешност**
1. Број на нови пациенти на Националните листи за трансплантација на бубрези, срце, црн дроб, бели дробови, васкуларни ткива и рожница.
2. Број на пациенти од Националните листи за трансплантација на бубрези,срце и бели дробови со извршени испитувања за ХЛА антитела 2.

**Извршители:** ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина, Институт за имунологија и хумана генетика при Медицински факултет при УКИМ и други здравствени установи кои ги извршуваат другите лабораториски и дијагностички испитувања на потенцијалните приматели и на донаторите;

**Мерка 2. Започнување со трансплантација на црн дроб, рожница, васкуларни ткива и отпочнување на подготовки за трансплантација на бели дробови**

**Активности:**
1. Надградба на постоечкиот софтвер за електронско водење на документацијата за трансплантација и на Националните листи за чекање во делот на, црн дроб, рожница, васкуларни ткива,коски и коскени ткива и бели дробови.
2. Зголемување на бројот на тимови за трансплантација од починат донор и зголемување на буџетот за финансиски надомест на овие тимови.

**Показатели на успешност**
1. Број на извршени трансплантации на црн дроб, рожница и васкуларни ткива

**Извршители:** ЈЗУУ Клиника за Гастроентерохепатологија, ЈЗУУ Клиника за Абдоминална хирургија, ЈЗУУ Клиника за очни болести, ЈЗУУ Клиника за Тораковаскуларна хирургија, ЈЗУ УК за Државна кардиохирургија.

**Мерка 3. Зголемување на нивото на обученост и информираност на здравствените работници кои се вклучени во извршување на трансплантациите**

**Активности:**
1. Обука на здравствените работници кои се вклучени во извршување на трансплантациите преку учество на обуки, конференции, конгреси и стручни усовршувања во референтни европски центри за трансплантација.
2. Обука на тим за експлантација, трансплантација, анестезиолошки тим и тим за пред и пост оперативно водење на пациенти за трансплантација на црн дроб во Република Хрватска -ОБ Меркур Загреб.
3. Обука на тим за експлантација, трансплантација, анестезиолошки тим и тим за пред и пост оперативно водење на пациенти за трансплантација на бели дробови.
4. Обука на тим за трансплантација на пациенти со механичко срце( LVAD BIVAD), во Р. Хрватска
5. Обука на тим од ЈЗУ УК за Ортопедија во делот на презервација на коскени ткива и водење на коскена банка.
6. Соработка на полето на реализација на ткивна банка со Завод за трансфузиона медицина - КБ Ребро Загреб.
7. Потпишување и имплементација на Протоколот/Меморандумот за соработка во областа на трансплантацијата Basic agreement taching and training со Еуротрансплант Словенија и Хрватска и меморандум за техничка соработка со Интернациналната трансплантациска мрежа на Република Турција.
8. Потпишување на Протоколот/Меморандум за соработка во областа на трансплантацијата на крвотворните матични клетки помеѓу надлежните органи на Република Северна Македонија и Република Хрватска.

**Показатели на успешност**

1. Број на здравствени работници вклучени во извршување на трансплантациите, кои учествувале на некој вид обука, конгрес, конференција, стручен состанок и слично;
2. Број на лекари и специјализанти опфатени со Протоколот/Меморандумот за соработка во областа на трансплантацијата помеѓу надлежните органи на Република Северна Македонија, Република Хрватска и Република Словенија;
3. Број на лекари и специјализанти опфатени со Протоколот/Меморандумот за соработка во областа на крвотворните матични клетки помеѓу надлежните органи на Република Северна Македонија и Република Хрватска.

**Извршител:** Министерство за здравство

**Мерка 4. Одржување и унапредување на системот за координација на процесот на трансплантација во Република Северна Македонија преку финансиска и техничка поддршка на работата на Националниот координатор за трансплантација и на „болничките“ координатори за земање и пресадување на делови од човечкото тело, како и стимулација и награда за вршење на работите на члеовите на тимовите за трансплантација и на координаторите за трансплантација на секоја клиника**

**Активности:**

1. Исполнување на законска обврска за исплата на законски пропишаниот надоместок за вршење на работите на Националниот координатор за трансплантација кој го координира процесот на спроведување на програмата за трансплантација и обезбедува координирање на работата на сите субјекти вклучени во спроведувањето на одредбите на Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување;

2. Ангажирање на лице за вршење на стручни и административно-технички работи поврзани со работата на Националниот координатор за трансплантација;

3. Исполнување на законска обрска за исплата на законски пропишаниот надоместок за вршење на работите на „болничките“ координатори, кои ја организираат и усогласуваат работата во овластената здравствена установа за земање и пресадување на делови од човечкото тело и за поврзаноста на установата со надлежните организа да може да се подобри ефикасноста во работењето, пред се во делот на детектирање на мозочна смрт.

4. Исполнување на обрска за исплата на надоместок за вршење на работите на координаторите за трансплантација, назначени од Националниот координатор за трансплантација, кои ја организираат работата во матичната овластена здравствена установа за експлантација, трансплантација, подготовка на реципиенти, за да може да се подобри ефикасноста во работењето, пред се во делот на организација на постапката за експлантација, трансплантација и подготовка на реципиенти на орган.

5. Исполнување на законска обрска за исплата на законски пропишаниот надоместок за вршење на работите на тимовите за трансплантација, кои ја прават подготовката на пациентите, експлантацијата и трансплантацијата во овластената здравствена установа за земање и пресадување на делови од човечкото тело и за поврзаноста на установата со надлежните органи и зголемување на бројот на тимови.

**Показатели на успешност**

1. Број на извршени исплати на надоместокот за вршење на работите на Националниот координатор за трансплантација;
2. Број на извршени исплати на надоместокот за вршење на работите на „болничките“ координатори;
3. Број на извршени исплати на надоместокот за вршење на работите на “координаторите” за трансплантација;
4. Број на извршени исплати на надоместокот за вршење на работите на „болничките“ тимови

**Извршител:** Министерство за здравство

**Мерка 5: Создавање на одржлив систем за поддршка и водење севкупна грижа за донаторите/дарителите и трансплантираните пациенти**

**Активности:**

1. Преземање на финансиски трошоци поврзани со починатото лице како донор заради растоварување на семејството на донорот од плаќање на споменатите трошоци (утврдување на фиксна сума за надомест на трошоците од 30.000,00 денари на секое семејство на донор).Зголемување на вкупната сума за исплата поради зголемениот број на донори на годишно ниво.
2. Партиципација за ХЛА типизација
3. Обезбедување на имуносупресивни лекови за трансплантирани пациенти кои ќе го спречат процесот на отфрлање на трансплантатот

**Показатели на успешност:**

1. Висина на средства исплатени за погребување на донорот;
2. Висина на средства исплатени за партиципација за ХЛА типизација
3. Висина на средства потрошени за имуносупресивни лекови за трансплантирани пациенти

**Извршители:** Министерство за здравство, ЈЗУ Универзитетската клиника за Трансфузиологија, и ЈЗУ УК за Нефрологија, ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ Клиника за Ортопедија, ЈЗУ УК Клиника за Гастроентерохепатологија, ЈЗУ Клиника за Абдоменална хирургија, ФЗОМ, ЈЗУ Клиника за Хематологија, ЈЗУ УК за Државна Каридохирургија, ЈЗУ УК за Урологија, ЈЗУ УК Клиника за торакална хируригија, Институт за имунобиологија и хумана генетика , ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ КАРИЛ, ЈЗУ УК за Тораковаскуларна хирургија, ЈЗУ УК за детска хирургија, ЈЗУ УК за Дигестивна хирургија, Институт за белодробни заболувања Козле.

**Цел 2. Да се изгради систем кој ќе обезбеди и гарантира правичен пристап кон органите и ткивата**

**Мерка 1: Надградба на Националниот софтвер за трансплантација во склоп на Мој Термин со модули за трансплантација на црн дроб, рожница, коски и коскени ткива, васкуларни ткива и бели дробови. Изготвување на електронски национални листи за црн дроб и бели дробови кои ќе се базираат на транспарентни, објективни и медицински критериуми и електронски систем за алоцирање на органи и ткива;**

**Активности:**

1. Надградба на софтверот за трансплантација во склоп на Мој термин и формирање на Национална листа на чекање за бели дробови, Национална листа за црн дроб, Национална Листа за рожница и Национална листа за васкуларни ткива

**Показатели на успешност:**

1. Процент од пациентите со индицирана потреба од трансплантација кои се опфатени со Националната листа на чекање

**Извршител:** Министерство за здравство

**Цел 6. Преку едукативни кампањи да се зголеми свесноста кај медицинскиот персонал и кај населението за значењето на трансплантацијата и органодонорството да се подигне свеста за донирање на органи, ткива и крвотворни матични клетки**

**Мерка 1: Спроведува на континуирана кампања за подигнување на свеста кај населението за донирање на органи и ткива и крвотворни матични клетки**

**Активности:**

1. Организирање јавни дискусии, трибини за важноста од донирањето органи, како и пешачења, маршеви, велосипедски трки, печатење постери, брошури, флаери, беџови и друг материјал за да на поразбирлив начин се објасни што е мозочна смрт, зошто е важно донирање и трансплантација на органи.
2. Тематски разговори и интервјуа со лекари, пациенти и членови на семејствата кои дале согласност да биде пресаден орган од нивни блиски роднини во средствата за јавно информирање – електронски, печатени и на социјалните мрежи (телевизии, радија, весници, магазини, портали).
3. Учество на успешни јавни личности како промотори на кампањата (спортисти, актери, пеачи, писатели);

4. Вклучување на избраните (т.н.„матични“) лекари во информирање на пациентите за важноста од донирање на органи;

5. Одбележување на Европски ден на органодарителство;

6. Одбележување на интернационалниот ден на несродни дарители

7. Активност продолжување на Националната кампања “Биди срцевина биди херој”. Клиниката за хематологија, Институтот за имунологија и хумана генетика и Министерството за здравство во Април 2019 година ја започна Националната кампања “Биди срцевина биди херој” за подигање на свеста за дарување на матични хематопоетски клетки. Таа кампања имаше голем одзив за зголемување на бројот на несродни донори на матични клетки во националниот регистер на донори. Истата претставува значаен допринос во здравствениот систем на државата.

**Показатели на успешност:**

1. Број на различни настани (јавни дискусии, трибини, пешачења, маршеви, велосипедски трки, тематски разговори и интервјуа) наменети за зголемување на јавната свест кај населението;
2. Тираж на постери, брошури, флаери, количина на беџови и друг материјал наменет за зголемување на јавната свест кај населението;
3. Број на успешни јавни личности како промотори на кампањата;
4. Број на избрани (т.н.„матични“) лекари вклучени во информирање на пациентите за важноста од донирање на органи;
5. Број на настани во рамки на Европски ден на органодарителство;

**Извршител:** Министерство за здравство

**Мерка 2: Спроведување на континуирана кампања за подигнување на свеста кај здравствените работници од примарното и секундарното здравство со правните прописи за донирање на органи, ткива и крвотворни матични клетки**

**Активности:**

1. Изготвување и имплементација на проект за семинари на кои на здравствените работници од примарното, секундарното и терцијалното здравство, кои не се директно поврзани во мрежата за трансплантација, ќе им бидат образложени законските одредби кои го регулираат пресадувањето на органи, како и подзаконските прописи со кои детално се уредуваат поединечни делови од оваа област.

**Показатели на успешност:**

1. Број на одржани семинари
2. Број на лица учесници на семинарите

**Извршител:** Министерство за здравство

**Мерка 3: Континуирано стручно усовршување на здравствените работници од областа на трансплантацијата заради подобрување на знаењето и комуникациските вештини и проширување на обуките за тимовите за срце, црн дроб, рожница, коски и коскени ткива.**

**Активности:**

1. Организација и спроведување на обуки за развој на комуникациските вештини и за стекнување нови знаења од областа на трансплантацијата

**Показатели на успешност:**

1. Број на одржани обуки
2. Број на лица учесници на обуките

**Извршител:** Министерство за здравство

**Мерка 4: Спроведува на континуирана кампања за подигање на свеста за донирање на органи, ткива и крвотворни матични клетки кај групите за поддршка на пациенти, невладините здруженија на пациенти и новинарите кои можат да бидат вклучени во промоција на придобивките од постапките на пресадување на органи, а понатаму да бидат и промотори за донирањето на органи**

**Активности:**

1. Организација и спроведување на „брифинзи“ од страна на Националниот координатор за трансплантација, „болничките“ координатори и други здравствени работници вклучени во трансплантацијата наменети за групите за поддршка на пациенти, невладините здруженија на пациенти и новинарите;

**Показатели на успешност:**

1. Број на одржани „брифинзи“;
2. Број на групи за поддршка на пациенти, невладини здруженија на пациенти и новинари опфатени со „брифинзите“;

**Извршител:** Министерство за здравство

IV. ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА И ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Извршување на Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2022 година**

Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2022 година се врши од страна на:
- Министерството за здравство;
- Здравствени установи вклучени во трансплантација, експлантација, дијагниостички и други иследувања.

**Финансиски средства**

За извршување на Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2022 година се потребни следните финансиски средства:

1. Финансиски средства за извршување на ХЛА типизација, ХЛА антитела 2 и други лабораториски и дијагностички испитувања од страна на надлежните установи (плаќање на партиципацијата наместо примателите-пациенти кои се подготвуваат за трансплантација/како и за дарителите на органи, ткива и матични клетки)
2. Средства за партиципација за ХЛА типизација и други специфични анализи во припремата на трансплантација

3. Финансиски средства за обука на здравствените работници кои се вклучени во извршување на трансплантациите преку учество на обуки, конференции, конгреси и други видови на усовршување (котизација, сместување, превоз)

Трошоци за ангажирање на стручни медицински лица кои доаѓаат од еминентни центри од странство од областа на трансплантологијата во ЈЗУ.

4. Средства за едукација на лекари за трансплантација на крвотворни матични клетки

5. Финансиски средства за исплата на надоместок за вршење на работите на Националниот координатор за трансплантација;

6. Еднокартна годишна награда за извршители на трансплантација на крвотворни матични клетки.

Висината на еднократен годишен надоместок за стимулација на тимот за трансплантација на крвотворни матични клетки изнесува:

| | Трансплантација на крвотворни матични клетки | | |
|---|---|---|---|
| | Здравствена установа/Здравствен работник вклучен во трансплантација на хематопоетски матични клетки | Број на лица вклучени во трансплантација | Нето износ во денари |
| 1. | доктор специјалист по интерна медицина; субспецијалист хематолог | 8 лекари на Оддел за трансплантација / 3 од Институт за имунобиологија и хумана генетика | 25.000,00 |
| 2. | одговорна медицинска сестра | 1 | 12.000,00 |
| 3. | медицинска сестра-на оддел/лаборант Институт за имунобиологија и хумана генетика | 8+2 | 8.000,00 |
| 4. | болничар-транспортер | 3 | 6.000,00 |

6.1 Надоместокот за тимовите за трансплантација се исплаќа еднократно за учинок за сите интервенции реализирани во тек на годината врз основа на доставените извештаи од ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија-Скопје, по спроведената 20 трансплантација

7. Уплата на годишна членарина во Европската Група за трансплантација на матични клетки (ЕБМТ) и светската асоцијација за доброволни дарители на коскена срцевина (WMDA)

8. Уплата на годишна лиценца за користење на софтвер Prometheus за работа на базата националниот регистер на доброволни дарители

9. Финансиски средства за ангажирање на лице за вршење на стручни и административно-технички работи поврзани со работата на Националниот координатор за трансплантација.

10. Финансиски средства за исплата на надоместок за вршење на работите на „болничките“ координатори.

11. Финансиски средства за исплата на надоместок за вршење на работите на координаторите за трансплантација

12. Финансиски средства за зголемување на нивото на мотивираност и задоволство на членовите на тимовите за трансплантација од жив донор. Висината на надоместокот за стимулација на тимовите за трансплантација, за секое лице кое учествува во трансплантацијата и за секоја извршена трансплантација (жив донор) изнесува:

| | Трансплантација на органи (бубрези, црн дроб) од жив донор | | |
|---|---|---|---|
| | Здравствена установа/Здравствен работник вклучен во експлантација/трансплантација | Број на лица вклучени во експлантација/трансплантација | Нето износ во денари |
| 1. | доктор специјалист по хирургија; доктор специјалист по анестезиологија; доктор специјалист по васкуларна хирургија | Од 4 до 6 (Оператор, прв асистент, втор асистент, трет асистент, анестезиолог, васкуларен хирург) | 12.600,00 |
| 2. | медицинска сестра-инструментарка | 1 | 8.220,00 |
| 3. | медицинска сестра-помошник инструментарка | 1 | 6.600,00 |
| 4. | медицинска сестра-анестетичарка | 1 | 8.220,00 |
| 5. | болничар-транспортер | 1 | 6.000,00 |

Надоместокот за тимовите за трансплантација се исплаќа врз основа на доставените извештаи од ЈЗУ Универзитетска Клиника за Урологија-Скопје.

13. Финансиски средства за зголемување на нивото на мотивираност и задоволство на членовите на тимовите за трансплантација од починат донор-кадавер. Вклучување на трошоци за новите тимови за трансплантација на васкуларни ткива, бели дробови

Висината на надоместокот за стимулација на тимовите за трансплантација, за секое лице кое учествува во трансплантацијата и за секоја извршена трансплантација (починато лице) изнесува:

| | Трансплантација на органи (бубрези, црн дроб, срце) од починат донор-кадавер | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Здравствена установа/Здравствен работник вклучен во експлантација/трансплантација | Број на лица вклучени во една експлантација/една трансплантација | Единица мерка | Нето износ во денари (се исплаќа еднократно) |
| | **УК за Нефрологија (подготовка на примател/реципиент)** | | | |
| 1. | доктор специјалист по интерна медицина/доктор суспецијалист по нефрологија | 2 | два примателi /еден дарител | 9.000,00 |
| 2. | медицинска сестра | 2 | Два приматели /еден дарител | 3.000,00 |
| | **УК за Гастроентерохепатологија (подготовка на примател/реципиент)** | | | |
| 1. | доктор специјалист по интерна медицина/доктор суспецијалист по гастроентерохепатологија | 2 | еден примател /еден дарител | 9.000,00 |
| 2 | медицинска сестра | 2 | еден примател /еден дарител | 3.000,00 |
| | **УК За Кардиологија** | | | |
| 1. | доктор специјалист по интерна медицина/доктор суспецијалист по кардиологија | 2 | еден примател /еден дарител | 9.000,00 |
| | | | | |
| | **УК ТОАРИЛУЦ-КАРИЛ (подготовка на донор)** | | | |
| 1. | доктор специјалист по анестезиологија; | 1 | еден примател /еден дарител | 12.600,00 |
| 2. | медицинска сестра | 2 | еден примател /еден дарител | 3.000,00 |
| 3. | болничар-транспортер | 1 | еден примател /еден дарител | 1.500,00 |
| | **УК за Урологија/ТОАРИЛУЦ-КАРИЛ** | | | |
| 1. | доктор специјалист по хирургија; доктор специјалист по анестезиологија; доктор специјалист по васкуларна хирургија | Од 3 до 5 хирурзи (Оператор, прв асистент, втор асистент, трет асистент, васкуларен хирург) Анестезиолог | Експлантација/ Трансплантација | 12.600,00 |
| 2. | медицинска сестра-инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 8.220,00 |
| 3. | медицинска сестра-помошник инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |
| 4. | медицинска сестра-анестетичарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 8.220,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | болничар-транспортер | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 3.000,00 |
| | **УК за ТОАРИЛУЦ-Ортопедија** | | | |
| 1. | доктор специјалист хирург по ортопедија, доктор специјалист по анестезиологија | 3 хирурзи (оператор, прв асистент, втор асистент) Анестезиолог | Експлантација/ Трансплантација | 12.600,00 |
| 2. | медицинска сестра-инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 8.220,00 |
| 3. | медицинска сестра-помошник инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |
| 4. | медицинска сестра-анестетичарка | 1 | Експлантација/ трансплантација | 6.600,00 |
| 5. | болничар-транспортер | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 3.000,00 |
| | **УК за Абдоминална хирургија** | | | |
| 1. | доктор специјалист по абдоменална хирургија; доктор специјалист по анестезиологија | 3 хирурзи (Оператор, прв асистент, втор асистент, 3 Анестезиолози | Експлантација/ Трансплантација | 12.600,00 |
| 2. | медицинска сестра-инструментарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 8.220,00 |
| 3. | медицинска сестра-помошник инструментарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |
| 4. | медицинска сестра-анестетичарка | 2 | | 6.600,00 |
| 5. | болничар-транспортер | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 3.000,00 |
| | **УК за очни болести** | | | |
| 1. | доктор специјалист по очна хирургија; специјалист по анестезиологија | 3 хирурзи (Оператор, прв асистент, втор асистент) Анестезиолог | Експлантација/ Трансплантација | 12.600,00 |
| 2. | медицинска сестра-инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 8.220,00 |
| 3. | медицинска сестра-помошник инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |
| 4. | медицинска сестра-анестетичарка | 1 | | 6.600,00 |
| 5. | болничар-транспортер | 3 | Експлантација/ Трансплантација | 3.000,00 |
| | **УК за Кардиохирургија** | | | |
| 1. | Доктор специјалист по кардиохирургија Специјалист по анестезилогија | 3 хирурзи( оператор, прв и втор асистент) , Анестезиолог | Експлантација/ трансплантација | 12.600,00 |
| 2. | Доктор специјалист по васкуларна хирургија Специјалист по анестезиологија | 2 хирурзи Анестезиолог | Еден примател Еден давател | 12.600,00 |
| 3. | Доктор специјалист по интерна медицина/доктор супспецијалист по кардиологија | 1 | еден примател /еден дарител | 9.000,00 |
| 4. | медицинска сестра-инструментарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 8.220,00 |
| 5. | медицинска сестра-помошник инструментарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |
| 6. | медицинска сестра-анестетичарка | 2 | Експлантација/ Трансплантација | 6.000,00 |
| 7. | болничар-транспортер | 3 | Експлантација/ Трансплантација | 3.000,00 |
| 8. | Медицинска сестра Центар за трансплантација | 3 | Трансплантација/ Експлантација | 3.000,00 |
| | **Институт за трансфузиона медицина** | | | |
| 1. | доктор специјалист по трансфузиона медицина | 1 | еден примател /еден дарител | 9.000,00 |
| 2. | Мед. лаборант | 1 | еден примател /еден дарител | 3.000,00 |
| 3. | Биолози | 2 | еден примател /еден дарител | 5.000,00 |
| | **Институт за радиологија** | | | |
| 1. | доктор специјалист по радиологија | 1 | еден примател /еден дарител | 9.000,00 |
| 2. | радиолошки технолог | 1 | | 1.500,00 |
| 3. | медицинска сестра | 1 | еден примател /еден дарител | 1.500,00 |
| | **Центар за трансплантација** | | | |
| 1. | Медицински сестри | 4 | еден примател /еден дарител | 3.000,00 |
| | **УК за Детска хирургија** | | | |
| 1. | доктор специјалист по хирургија; доктор специјалист по анестезиологија | Од 2 хирурзи (Оператор, прв асистент, втор асистент, Анестезиолог | Експлантација/ Трансплантација | 12.600,00 |
| 2. | медицинска сестра-инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 8.220,00 |
| 3. | медицинска сестра-помошник инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |
| 4. | медицинска сестра-анестетичарка | 1 | | 6.600,00 |
| 5. | болничар-транспортер | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 3.000,00 |
| | **УК за Неврохирургија (подготовка на донор)** | | | |
| 1. | доктор специјалист по анестезиологија или неврохирургија | 1 | еден примател /еден дарител | 12.600,00 |
| 2. | медицинска сестра | 2 | еден примател /еден дарител | 3.000,00 |
| 3. | болничар-транспортер | 1 | еден примател /еден дарител | 1,500,00 |
| | **Институт за белодробни заболувања кај деца Козле** | | | |
| 1. | Доктор Специјалист по педијатрија | 2 | Еден примател | 9.000,00 |
| 2. | Медицинска сестра | 1 | Еден примател | 3.000,00 |
| | **УК за Тораковаскуларна хирургија** | | | |
| 1. | доктор специјалист по торако-васкуларна хирургија; доктор специјалист по анестезиологија | Од 3 хирурзи (Оператор, прв асистент, втор асистент, ) Анестезиолог | Експлантација/ Трансплантација | 12.600,00 |
| 2. | медицинска сестра-инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 8.220,00 |
| 3. | медицинска сестра-помошник инструментарка | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 6.600,00 |
| 4. | медицинска сестра-анестетичарка | 1 | | 6.600,00 |
| 5. | болничар-транспортер | 1 | Експлантација/ Трансплантација | 3.000,00 |
| | **Клиника за Детски Болести** | | | |
| 1. | Доктор специјалист по педијатрија | 1 | Еден примател/ еден дарител | 9.000,00 |

Надоместокот за тимовите за трансплантација се исплаќа врз основа на доставените извештаи од ЈЗУ Универзитетска клиника за Урологија-Скопје, ЈЗУ УК за Дигестивна хирургија, ЈЗУ УК за Гастроентерохепатологија, ЈЗУ УК за Државна кардиохирургија, ЈЗУ УК за Кардиологија, ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ, ЈЗУ УК Клиника, За Ортопедија, ЈЗУ УК за Очни болести, ЈЗУ УК за Нефрологија, ЈЗУ УК Клиника за Детски болести, ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ КАРИЛ, ЈЗУ УК Неврохирургија, ЈЗУ УК за Очни болести, Институт за Трансфузиологија, Институт за рентген дијагностика и Институт за белодробни заболувања Козле.

14. Исплата на финансиски средства во износ од 30.000 денари, поврзани со починатото лице како донор заради растоварување на семејството на донорот од плаќање на погребалните трошоци.

15. Ослободување од плаќање на партиципација за имуносупресивни лекови за трансплантирани пациенти.

16. Финансиски средства за организирање на настани за зголемување на јавната свеста за значењето и придобивките од трансплантација на органи и промотивен материјал за органодарителство.

**Табела: Обезбедени финансиски средства за реализација на дел од активностите предвидени со Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2020 година**

| Ред. бр. | Активност | Извршител | Количина | Износ (во денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Извршување на ХЛА типизација, ХЛА антитела и други лабораториски и дијагностички испитувања од страна на надлежните установи (плаќање на партиципацијата наместо примателите-пациенти кои се подготвуваат за трансплантација/како и за дарителите на органи, ткива и матични клетки); | ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Република Македонија, Институт за имунологија и хумана генетика при Медицински факултет при УКИМ и други здравствени установи кои ги извршуваат другите лабораториски и дијагностички испитувања на потенцијалните приматели и на донаторите; | | 1.000.000,00 |
| 2. | Обука на здравствените работници кои се вклучени во извршување на трансплантациите преку учество на обуки, конференции, конгреси и други видови на усовршување (котизација, сместување, превоз):<br>Обука на тим за експлантација, трансплантација, анестезиолошки тим и тим за пред и пост оперативно водење на пациенти за трансплантација на црн дроб во Р. Хрватска ОБ Меркур Загреб.<br>Обука на тим за експлантација, трансплантација, анестезиолошки тим и тим за пред и пост оперативно водење напациенти за трансплантација на бели дробови.<br>Обука на тим за трансплантација на пациенти со механичко срце( LVAD BIVAD), во Р. Хрватска<br>Обука на тим од ЈЗУ УК за Ортопедија во делот на презервација на коскени ткива и водење на коскена банка.<br>Соработка на полето на реализација на ткивна банка со Завод за трансфузиона медицина КБ Ребро Загреб.<br>Трошоци за ангажирање на стручни медицински лица кои доаѓаат од еминентни центри од странство од областа на трансплантологијата во ЈЗУ Обуки обезбедени преки ИТН | Министерство за здравство | | 200.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Исполнување на законска обврска за исплата на законски пропишаниот надоместок за вршење на работите на **Националниот координатор за трансплантација** | Министерство за здравство | | 320.000,00 |
| 4. | Ангажирање на **лица за вршење на стручни и административно-технички работи** поврзани со работата на Националниот координатор за трансплантација | Министерство за здравство | | 100.000,00 |
| 5. | Исполнување на законска обрска за исплата на законски пропишаниот надоместок за вршење на работите на „**болничките“ координатори - девет** | Министерство за здравство | | 1.080.000,00 |
| 6. | Зголемување на ниво на мотивираност ни задоволство на **координатори за трансплантација од починат донор - шест** | Министерство за здравство | | 216.000,00 |
| 7. | Зголемување на нивото на мотивираност и задоволство на членовите на **тимовите за трансплантација од жив донор** | Министерство за здравство | | 1.000.000,00 |
| 8. | Зголемување на нивото на мотивираност и задоволство на членовите на **тимовите за трансплантација од починат донор** | Министерство за здравство | | 1.871.000,00 |
| 9 | Еднокартна годишна награда за извршители на трансплантација на крвотворни матични клетки. | Министерство за здравство | | 363.000,00 |
| 10. | Исплата на финансиски средства во износ од 30.000 денари, поврзани со починатото лице како донор заради растоварување на семејството на донорот од плаќање на погребалните трошоци. (10 кадавера по 30.000,00 денари) | Министерство за здравство | | 300.000,00Ж |
| 11. | Ослободување од плаќање на партиципација за имуносупресивни лекови за трансплантирани пациенти кои ќе го спречат процесот на отфрање на трансплантатнот | Министерство за здравство | | 300.000,00 |
| 12. | Организирање на настани за зголемување на јавната свеста за значењето и придобивките од трансплантација на органи и промотивен материјал за органодарителство | Министерство за здравство | | 250.000,00 |
| | **ВКУПНО** | | | **7.000.000,00** |

Програмата за трансплантација во Република Северна Македонија за 2022 година ќе се реализира во обем и содржина соодветни на средствата одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година во вкупен износ од 7.000.000,00 (седум милиони денари) од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство.

V. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-723/1
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**356.**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ПРОМОЦИЈА НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА ВО ДОМАЌИНСТВАТА ЗА 2022 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува начинот, условите, критериумите и постапката за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година- потпрограма 32 – Развој на енергетиката, ставка 464 – Разни трансфери, наменети за промоција на обновливи извори на енергија во домаќинствата за 2022 година.

II

Средствата од дел I на оваа програма во вкупен износ од 30.000.000,00 денари ќе се користат за надоместување на дел од трошоците за купување и инсталирање на фотонапонски панели за производство на електрична енергија до 4 kW за сопствена потрошувачка за домаќинствата, на градба на која има право на сопственост или користење, согласно Правилникот за обновливи извори на енергија (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.112/19 и 240/19), до 30%, но не повеќе од 62.000 денари по домаќинство за 2022 година.

Средствата од Буџетот на Република Северна Македонија наменети за реализација на оваа програма, ги распоредува Министерството за економија.

III

Надоместокот на дел од средствата од дел II од оваа програма ќе го остварат лицата кои досега не користеле средства од Буџетот на Република Северна Македонија за наведената мерка во дел II од оваа програма.

Барањето за искористување на правото на надоместок на дел од трошоците се доставува на пополнет образец за барање кој може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на Министерството:

www.economy.gov.mk.

Со барањето за искористување на правото на надоместок на дел од трошоците се доставува и потребната документација со која се докажува и исполнетоста на условите за надоместување на дел од трошоците од дел II од оваа програма.

Едно лице, односно едно домаќинство може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок за мерката наведена во дел II од оваа програма.

Доделувањето на надоместокот ќе се врши по принципот „Прв дојден прв услужен“.

IV

Постапката за реализација на мерката од дел II од оваа програма ќе се одвива на следниот начин:

а) Министерството за економија ќе распише јавен оглас на интернет страната на Министерството www.economy.gov.mk во времетраење од 150 дена. Министерството за економија може да го продолжи времетраењето на јавниот оглас во случај на недоволен број поднесени барања за мерката од дел II од оваа програма.

б) За спроведување на активностите за реализација на мерката од дел II од оваа програма министерот за економија ќе формира комисија од три члена и нивни заменици.

в) Комисијата ќе има за цел да ја утврди исполнетоста на условите за надоместување на дел од трошоците од мерката од дел II од оваа програма и на министерот за економија ќе му предложат донесување на решенија за исплата на утврдениот надоместок.

г) Комисијата ќе ги разгледа пристигнатите барања поднесени заклучно со последниот ден наведен во јавниот оглас, заедно со потребната документација, и ќе го утврди точниот број на пристигнати уредни и комплетни барања, според редоследот на пристигнување на барањата на платформата за онлајн аплицирање.

Министерството за економија го задржува правото да изврши посета во домаќинствата кои ќе поднесат барање.

Лицата кои имаат поднесено барање, а немаат уредна и комплетна документација не може да остварат надомест.

Исплатата на средствата за надоместување на дел од трошоците за мерката од дел II од оваа програма ќе се врши врз основа на донесено решение од министерот за економија, се до искористување на предвидените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за оваа намена.

Министерството за економија за мерката од дел II од оваа програма ќе објави листа на баратели кои го остваруваат правото на надомест на својата веб страница.

V

Министерството за економија до 31.1.2023 година, ќе достави извештај до Владата на Република Северна Македонија со финансиски показатели за реализација на оваа програма, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати, како и образложение за евентуални отстапувања од планираните активности.

VI

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-853/1 | Прв заменик на претседателот |
| 8 февруари 2022 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Artan Grubi,** с.р. |

**357.**

Врз основа на член 187 став (5) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ПОВЛАСТЕНИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ КОИ КОРИСТАТ ПРЕМИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа програма се уредува вкупната инсталирана моќност на електроцентралите по вид на технологии за кои ќе се доделува премија по спроведена тендерска постапка и склучени договори за користење на премија во 2022 година и износот на средствата потребни за исплата на премиите за произведената и продадена електрична енергија во 2022 година.

Член 2

Средства за реализација на оваа програмата изнесуваат 20.000.000,00 денари и се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, раздел 10001 Министерството за економија, потпрограма 32 – Развој на енергетика, ставка 46 – Субвенции и трансфери, потставка 464 –Разни трансфери.

Средства за реализација на оваа програмата се наменети за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија како дополнителен износ на цената која ја остварил со продажбата на произведената енергија на пазарот на електрична енергија.

Член 3

Средствата утврдени во член 2 став (1) од оваа програма ќе се користат за исплата на премии за произведената и продадена електрична енергија од повластени производители кои користат премија во 2022 година.

Член 4

Корисници на средства од оваа програма се производителите на електрична енергија кои што во согласност со Законот за енергетика се стекнале со право на користење на премија.

Член 5

Средствата од член 2 став (1) на оваа програма се наменуваат за исплата на премии на повластените производители кои произведуваат електрична енергија од фотонапонски електроцентрали, со вкупна инсталирана моќност не поголема од 100 MW.

Член 6

Максималниот референтен износ на фиксна премија за производство на електрична енергија во 2022 година изнесува 15 €/MWh за фотонапонски електроцентрали.

Член 7

Средствата од член 2 став (1) на оваа програма се доделуваат врз основа на договори за користење на премија склучени помеѓу Министерството за економија и корисникот на средствата.

Член 8

Исплатата на средствата од член 2 став (1) на оваа програма се врши од страна на Министерството за економија на месечно ниво, врз основа на доставено барање за исплата на премија за продадена електрична енергија, произведена од сопствено производство за претходниот месец. Кон барањето се доставуваат: фактура за испорачана електрична енергија на купувачот и податоци од операторот на електропреносниот систем, односно електродистрибутивниот систем за измерена и испорачана енергија во соодветната мрежа како и друга документација согласно договорот за користење на премија склучени помеѓу Министерството за економија и корисиникот на средствата. Износот за плаќање на премија се изразува во денари според средниот курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на последниот работен ден во календарскиот месец за кој се однесува фактурата.

Член 9

За начинот и динамиката за реализирањето на оваа програма се грижи Министерството за економија.

Член 10

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-910/1 | Прв заменик на претседателот |
| 8 февруари 2022 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Artan Grubi,** с.р. |

**358.**

Врз основа на член 16 став (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, и 178/21) и член 63 точка 7) од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07 82/08, 98/08, 06/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 77/21 и 285/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

ВОВЕД

Проблемите во менталното здравје стануваат се поочигледни во светот. Тие претставуваат сериозен и сложен социо-медицински, но и општествен проблем, со бројни здравствени, социјални и економски последици по поединецот, семејството и општеството во целост.

Овие заболувања имаат економско влијание на општеството и големо влијание на квалитетот на животот, како на поединците, така и на нивните семејства, а стануваат се поочигледни, како во светот така и кај нас.

Околу 20% од вкупниот број на пациентите во примарната здравствена заштита имале едно или повеќе ментални заболувања. До 2025 година се очекува процентот на менталните заболувања да се зголеми до 50 %.

Ефикасното решавање на овие проблеми не е можно само со имплементација на здравствените мерки, туку е потребен сеопфатен, интегративен пристап со учество на програмски организирани активности на различни субјекти во општеството, во чија надлежност се ресорни институции и установи, со особен акцент на социјалниот сектор.

Значаен момент е и трендот на сè поголем број случаи на суицид во Република Северна Македонија.

МЕРКИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА, ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ИНДИКАТОРИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМСКИТЕ ЦЕЛИ

**1) Згрижување и лекување на лицата кои се сместени во психијатриските установи со изречена мерка од надлежен суд „задолжително лекување и чување во психијатриска установа“.**

Во психијатриските болници се лекуваат околу 200 лица со изречена судска мерка. За овие пациенти, болниците не се во можност да обезбедат средства и согласно Законот за извршување на санкции, трошоците за здравствената заштита на овие лица ги обезбедува Министерството за здравство преку соодветна програма.

Пациентите кои се со изречена мерка од суд “задолжително лекување и чување“, се лекуваат и згрижуваат во трите психијатриски болници и тоа: околу 70 пациенти во ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар, околу 70 пациенти во ЈЗУ Психијатриска болница “Скопје“ Скопје и околу 50 пациенти во ЈЗУ Психијатриска болница “Негорци“ Гевгелија.

Со оглед на фактот дека бројката на лицата со изречена мерка од суд „задолжително лекување и чување“ не претставува константна категорија и истата подлежи на варијации во болестите и бројот на пациентите, не е можно да се предвиди апсолутно точен број на заболените и затоа е можен трансфер на средствата од една во друга позиција.

**2) Обезбедување на партиципација за дневно болничко лекување на пациенти во Центрите за ментално здравје**

Во Република Северна Македонија околу 750 душевно болни пациенти се лекуваат дневно-болнички во следните Центри за ментално здравје :

- 3 (три) Центри за ментално здравје на територијата на град Скопје во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје,
- Центар за ментално здравје во рамки на ЈЗУ УК за психијатрија Скопје,
- Центар за ментално здравје во рамки на ЈЗУ КБ Тетово,
- Центар за ментално здравје во рамки на ЈЗУ ЗД Струмица,
- Центар за ментално здравје во рамки на ЈЗУ ОБ Гевгелија,
- Центар за ментално здравје Демир Хисар во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар и
- Центар за ментално здравје Прилеп во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар.

**3) Развој на Центрите за ментално здравје како вонисниституционална форма на лекување.**

Душевните растројства опфаќаат широк круг на заболувања, вклучувајќи ги органските, симптоматските, невротските, растројствата во расположението (афективни растројства), шизофрениите, шизотипните и налудничавите растројства, душевната заостанатост и другите душевни растројства.

Светските искуства покажуваат дека кај повеќе од една половина од вкупно дијагностицираните лица, овие растројства добиваат хроничен тек, т.е периодите на подобрување се заменуваат со периоди на влошување и повторна појава на знаците на растројството. Поради природата на болеста, но далеку повеќе како резултат на општествениот став и предрасуди, во кои доминира неприфатеност, маргинализација и отфрлање, голем број лица со душевни растројства остануваат долготрајно, па дури и доживотно хоспитализирани, при што се создава таканаречен хоспитализам.

Поради наведените состојби, во изминатиот период, третманот на овој сериозен социо-медицински проблем беше скоро целосно препуштен на медицинските, т.е психијатриските институции и се одвиваше на товар на здравството и здравственото осигурување, давајќи скромни резултати. Имено, долготрајниот болнички третман во психијатриските установи, во изминатиот период, од една страна беше поврзан со значителни финансиски средства кои претежно беа на товар на здравственото осигуру-вање, а од друга страна придонесуваше долготрајно болнички третираните лица да би-дат дополнително стигматизирани, маргинализира-

ни и социјално исклучени. Ваквата хоспитализација предизвикуваше и дополнително влошување на здравствената состојба.

Ваквиот пристап се покажа како недоволно ефикасен, економски неоправдан и не успеа да обезбеди похуман пристап и третман на лицата со душевни растројства во нивната социјална средина.

Следејќи ги и препораките на СЗО, во Република Северна Македонија се пре-мина кон зајакнување на достапноста на овие услуги преку развивање на различни форми на вонболнички третман во локалната заедница, содржани во т.н Центри за ментално здравје во заедницата, со целосен сеопфатен дневно-болнички третман на пациентите. За целосно, адекватно, навремено, ефикасно и економично решавање на овие проблеми неопходно е вклучување на целата општествена заедница, пред се преку соодветните институции и установи во рамките на ресорните министерства, а во тесна соработка и координација со сите останати заинтересирани субјекти.

Во план е и отварање на нови Центри за ментално здравје во Кичево и Битола, кои ќе функционираат во соработка со ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар, како и Центар за ментално здравје во Штип кој ќе функционира во рамки на ЈЗУ Клиничка болница Штип, како и отварање на Центар за ментално здравје за млади лица. Овие активности се во надлежност на Министерството за здравство и не побаруваат финасиски средства.

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Цели на оваа програма се:

- обезбедување на здравствена заштита и згрижување на пациентите кои се со од надлежен суд суд изречена мерка „задолжително лекување и чување“,
- обезбедување на здравствена заштита на близу 750 пациенти кои се лекуваат во Центрите за ментално здравје низ републиката,
- развивање на различни форми на вонинституционално и вонболничко лекување.

ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на Програмата се:

1) Здравствените установи кои ги лекуваат лицата со изречена мерка „задолжително лекување и чување“ ( ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ Скопје, ЈЗУ Психијатриска болница „Негорци“ Гевгелија и ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар).

2) Јавните здравствени установи кои имаат Центар за ментално здравје како организациона единица.

3) Универзитетската клиника за психијатрија, Здружение на психијатри на Република Северна Македонија и Здружение на психолози на Република Северна Македонија, Комисија за ментално здравје формирана од министерот за здравство.

НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на здравствените установи извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

1) Финансиските трошоци за обезбедување на болничка здравствена заштита на душевно болните лица кои се со изречена мерка од суд „задолжително лекување и чување“ опфаќаат:

- болнички ден (сместување и исхрана во стандардни болнички услови) за стационарни пациенти,
- лекување со спроведување на дијагностички процедури и рехабилитациони мерки,
- лекови кои се наоѓаат на болничката листа,
- потрошен материјал за ординирање на терапијата,
- психосоцијален третман на пациентите како и
- помош и нега на пациентите.

2) Финансиските трошоци плаќање на партиципација за лекување на пациентите кои ги посетуваат центрите за ментално здравје.

3) Финансиски трошоци за подмирување на неизмирените обврски од Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Маке-донија за 2021 година.

Здравствените установи кои се извршители на овие активности од Програмата, најдоцна до 15.1.2023 година да доставаат до Министерството за здравство извештаи за реализираните мерки и активности во 2022 година.

За реализација на мерките и активностите предвидени со Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Маке-донија за 2022 година потребни се следните средства:

| | | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Судски случаи (лица со изречена мерка задолжително чување и лекување) | 50.000.000,00 |
| 2. | Партиципација за пациентите кои се лекуваат во центрите за ментално здравје | 7.000.000,00 |
| 3. | Неизмирени обврски од 2021 година | 8.000.000,00 |
| | ВКУПНО: | 65.000.000,00 |

Оваа програма ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година во висина од 65.000.000,00 од кои 40.000.000,00 денари од основниот буџет и 25.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-12913/1-21
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**359.**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА РЕТКИ БОЛЕСТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. ВОВЕД

Ретките болести претставуваат клинички хетерогена група болести со ниска преваленца во популацијата. Во светот до денес се идентификувани помеѓу 5.000 и 8.000 ретки болести со претежно генетска етиологија (конгенитални аномалии и деформации, моногенетски болести, наследни нарушувања на метаболизмот), но и болести со ретки автоимуни нарушувања, ретки дегенеративни нарушувања, ретки малигни заболувања и ретки инфекции. Ретките болести се карактеризираат со прогресивен неповолен тек, а многу често и со рана смрт. Најголемиот дел од ретките болести (75%) се појавуваат веднаш после раѓањето и во рана детска возраст.

И покрај различноста во етиологијата, ретките болести имаат многу заеднички елементи - неадекватно препознавање, неадекватна и/или непостоечка класификација, недоволна достапност на дијагностички постапки, како и ограничени и скапи терапавтски можности, До сега постои специфичен третман за околу 250 ретки болести со т.н. лекови -сираци (orphan drugs), кои се најчесто скапи и тешко достапни.

Иако опфаќаат многу мал процент од целокупната популација, тие претставуваат значаен процент во однос на морбидитетот, морталитетот и квалитетот на живот и здравјето на граѓаните. Касно и неадекватно препознавање и постапување на дијагноза на ретки болести често води до трајни оштетувања и смрт на заболените, со значајно влијание врз целокупниот статус на семејството.

Согласно експертското мислење на Комисијата за ретки болести при Министерството за здравство, во Регистарот на ретки болести и на пациенти кои боледуваат од ретки болести се вбројуваат единствено заболувања кои се наведени ОРФАН листата на ретки болести - ревидирана јануари 2020 година ( https: //www.orpha.net/ orphacom/cahiers/ docs/ GB/ List_of_rare_diseases_in_alphabetical order.pdf). Ретка болест, според Европскиот експертски комитет за ретки болести, е секоја болест или нарушување кое погодува мал дел од населението, односно со преваленца од не повеќе од 5 на 10 000 лица. Во оваа група не се вбројуваат хронично изнемоштени или несоодветно третирани заболувања, како и болни со ретка секундарна компликација на честа болест.

2. АНАЛИЗА НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА

Програмата за лекување на ретки болести започнува и за првпат е донесена во 2009 година за лекување на два пациенти со една иста ретка болест, а во последователните години постојано е зголемувана листата на лекови-сираци и на лекувани пациенти со ретки болести.

Заклучно со декември 2021 година во Регистерот на ретки болести има регистрирано вкупно 650 лица, од кои за околу 225 лица се обезбедуваат лекови преку Програмата за лекување на ретки болести.

Во 2021 година се воведени девет нови лекови-сираци за терапија и тоа за пациенти со цистична фиброза, за спинална мускулна атрофија (СМА) како втор лек за третман на оваа болест, нов лек за терапија на пациентите со хередитарен ангиоедем (ХАЕ) како четврти лек за третман на оваа болест, нов лек за болеста Porphyria, втор лек за пациентите со пулмонална фиброза, трет лек на избор за пациентите со болеста на Вилсон, како и лекови за одредени метаболни пореметувања и пореметувања во имунолошкиот систем.

Заклучно со јавната набавка во 2021 година, преку Програмата за лекување на ретки болести обезбедени се вкупно 43 лека за лекување на пациенти со ретка болест.

Сите пациенти ги исполнуваат критериумите и за нив е дадено позитивно мислење од Комисијата за ретки болести.

3. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА И МЕРКИ КОИ Е НЕОПХОДНО ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ

Основна цел на Програмата за лекување на ретки болести е обезбедување на терапија со лекови-сираци за лицата со ретки болести кои се вклучени во Регистарот на ретки болести на Република Северна Македонија, за чиешто лекување постои одобрение од Комисијата за ретки болести при Министерството за здравство. Преку Програмата за лекување на ретки болести ќе се лекуваат оние заболувања кои спаѓаат во ORPHAN листата на ретки болести, но чија преваленца во Република Северна Македонија не надминува 1 на 100 000 жители.

Со оваа програма се обезбедува стандард на лекување на лицата со ретки болести, сличен на стандардот на лекување на другите болести во здравствениот систем, согласно светските нормативи за лекување и обезбедениот буџет наменет за ретките болести. Во Програмата не е вклучено обезбедување на потребите од ортопедски и други помагала, обезбедување на суплементи (масти и витамини и слично) како и за лицата кои се лекуваат преку Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Комисијата за ретки болести предлага отпочнување на терапија на лице со ретка болест врз основа на усвоена стручна процедура на Комисијата за ретки болести и соодветна документација обезбедена од лекарот што го води пациентот.

За поставување на терапија не може да се одлучува ретроактивно откако е одобрена терапија на друго ниво во државата, отпочнато лекување во друга држава, или ако е првично отпочната терапија преку донации. Медицинската документација за овие пациенти потребно е да биде доставена на разгледување до Комисијата за ретки болести преку соодветната Универзитетска клиника каде ќе биде продолжено лекувањето.

За дијагнозите со ретка болест кај кои преваленцата во Република Северна Македонија е надмината а за кои веќе се набавуваат лекови преку Програмата за лекување на ретки болести, ќе бидат опфатени со Програмата, се додека не се обезбеди нивното лекување преку други извори на финансирање.

При одлучување на Комисијата за ретки болести по одредено прашање, во предвид треба да се има следното:

- Преку Програмата за лекување на ретки болести можат да се лекуваат пациенти со ретки болести дадени во Orphan листата за ретки болести - ревидирана во јануари 2020 година (ORPHAN list of rare diseases, https://www.orpha.net/orphacom/ cahiers/docs/ GB/ List _of_rare _diseases _in _alphabetical order.pdf).

Лекот треба да биде одобрен од страна на релевантни тела - ЕМЕА–Европа или FDA-САД.

- За болеста треба да постои препорака за лекување со одреден т.н лек-сирак и истиот да не се обезбедува преку Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

- Треба да постојат однапред дефинирани критериуми за мерливост на ефектите на лекувањето врз основа на кои понатаму, во строго дефинирани временски пероди ќе се евалуираат ефектите од терапијата од страна на независно тело - комисија одредена од страна на Министерството за здравство.

- Експериментална терапија или терапија која е во тек на клинички студии не може да биде одобрена за лекување. Ново-излезени лекови нема да се одобрат се додека не се добие меѓународна потврда дека истите даваат позитивни резултати, дека се препорачани од релевантни институции за употреба и дека се подготвени протоколи за примена.

- Доколку има повеќе лекови за иста болест, ќе се земе во предвид: лекот за кој има поголемо позитивно меѓународно искуство, индивидуалниот пристап кон пациентот, мислењето на лекарот кој го дијагностицирал и/или го лекува пациентот во однос на ефектите од лекувањето со истиот а по потреба на барање на Министерството за здравство и мислење од други експерти од соодветната област.

- Барање за одобрување за лекување на пациент со ретка болест до Комисијата за ретки болести може да поднесе само лекар кој го дијагностицирал пациентот и/или го лекува пациентот, кој има позитивно мислење од стручниот колегиум од својата матична универзитетска клиника каде ќе биде лекуван пациентот. Барањето за поставување на пациентот на Програмата за лекување на ретки болести треба да биде одобрено од стручниот колегиум и потпишано од Директорот на соодветната ЈЗУ Универзитетска клиника.

- Евалуацијата на пациентите за ефектите од терапијата ќе ја врши посебно формирана стручна комисија составена од три члена, потврдена од националната комисијата за ретки болести, од кои барем еден треба да е од областа или од блиска област во која е групирана ретката болест и член на Комисијата за ретки болести, во строго дефинирани временски периоди, најмалку еднаш годишно или пократко во зависност од видот на болеста.

- Сите пациенти со ретки болести кои се регистрирани за лекување се внесуваат во Регистарот на ретки болести и на пациенти кои боледуваат од ретки болести и истиот се обновува во годишни интервали врз основа на ефектите од лекувањето.

4. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Вкупните средства за реализација на оваа програма изнесуваат 567.700.000,00 денари од кои 347.700.000,00 денари се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година и 220.000.000.00 денари се обезбедуваат од сопствени приходи на Министерство за здравство. Со Програмата се предвидува и исплата на неизмирени обврски за 2021 година.

5. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Лековите за терапија на лицата заболени од ретки болести ќе ги набавува Министерството за здравство по пат на јавна набавка, како и дистрибуирањето до јавните здравствени установи, Универзитетски клиники при Клинички центар „Мајка Тереза“- Скопје каде се лекуваат пациентите со ретки болести, извршители на активностите, а врз основа на доставена потреба од лекови кои се набавени од страна на Министерството за здравство.

Јавните здравствени установи, Универзитетските клиники при Клинички центар „Мајка Тереза“- Скопје кои се извршители на активностите, водат евиденција за пациентите и дадената терапија согласно донесената процедура за дистрибуција и издавање на лекови/терапија, донесена од страна на Министерството за здравство по предлог на Комисијата за ретки болести.

Издавањето на оралната терапија на пациентите од страна на Универзитетските клиники при Клинички центар „Мајка Тереза“- Скопје кои се извршители на активностите, се врши за период од најмногу два месеци, а во вонредни услови за период од најмногу четири месеци.

6. ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ

Јавните здравствените установи, Универзитетските клиники кои се извршители на оваа програма, доставуваат редовни шестмесечни извештаи до Министерството за здравство за бројот на пациентите, количина на потрошени лекови и моментална залиха на истите.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.40-12914/1-21
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**360.**

Врз основа на член 16 став (1) алинеја 7 и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

I. ВОВЕД

Крводарителството има нагласено општествено значење и претставува дејност од општ интерес за Република Северна Македонија. Без потребните количества на крв и крвни продукти не е можно да се обезбеди современа и квалитетна здравствена заштита. Во Република Северна Македонија крводарителството е доброволно и се спроведува преку крводарителски акции кои се организирани од Црвениот крст на Република Северна Македонија, а со помош на стручни тимови од Институтот за трансфузиона медицина, Скопје.Програмата претставува поддршка на крводарителството во Република Северна Македонија, а во неа се содржани мерки и активности за организирање и спроведување на крводарителски акции.

Министерството за здравство утврдува потреби на државата од единици на крв, крвни продукти и резерви, во соработка со Институтот за трансфузиона медицина и врши надзор над учесниците во спроведувањето на Програмата и утврдува систем на квалитет.

Министерството за здравство ги обезбедува финансиските средства и врз основа на доставени фактури и извештаи, врши исплата.

II.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Програмата претставува подршка на крводарителството во Република СевернаМакедонија, а во неа се содржани мерки и активности за организирање и спроведување на крводарителски акции, изготвување наздравствено-воспитни пропагандни материјали, мотивациски средства за крводарителите, надоместок на трошоци за организирање на крводарителски акции за општинските организации на Црвениот крст на Република Северна Македонија по единица крв, активности на Институтот за трансфузиона медицина и партиципација при користење на здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувања.

Недостаток во обезбедување крв во државата, ќе предизвика застој на хируршки и други интервенции за кои е потребно апликација на крв и спасување на многу животи.

III.ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА И ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Црвениот крст на РепубликаСеверна Македонија и Институтот за трансфузиона медицина се извршители на програмата кои преку поединечни и заеднички активности ги реализираат планираните активностите.

1. Црвениот крст на Република Северна Македонија во областа на крводарителството, при реализација на Програмата, ги врши следните активности :

- Континуирана здравствено-воспитна и мотивациска работа кај населението;
- Непосредна подготовка на крводарителските акции во сите средини;
- Изготвување на информативно-пропаганден материјал;
- Анкетирање и изготвување на списоци на потенцијални дарители на крв;
- Учество на волонтери на самата акција за прифаќање на дарителите на крв;
- Евиденција на крводарителските акции на посебни формулари ;
-Изготвување на периодични и годишни извештаи за работа, што ги
доставувадо Министерството за здравство;
- Доделување на признанија на крводарителите;

2. Институтот за трансфузиона медицина и трансфузиолошките служби, при реализација на Програмата, гивршат следните активности:

- Гиутврдуваатпотребитезакрв и крвнипродуктизанаселениетовоРепубликаСевернаМакедонија, заедносоМинистерствотозаздравство;
- Вршат организирано прибирање на крв од доброволни дарители со мобилни екипи и во службите за трансфузиологија при болничките центри;
- Вршат контрола на крв, приготвување на крвни компоненти, нивно чување и експедиција;
- Во соработка со клиниките или болничките центри при медицинските центри вршат контрола на употребените крвни продукти;
- Обезбедуваат стандарди за прибирање на крв (стандарден состав на екипи, опременост, минимални ресурси за работа, стандарден број на единици кои треба да се прибираат дневно, месечно, годишно);
- Вршат здравствена контрола и се грижат за здравјето на дарителите на крв;
- Водат национален регистар за дарители на крв (според местото на давање, крвни групи,крвни групи, типизирани, одбиени крводарители, дарители на плазма и клеточни елементи);
- Изготвуваат книшка за дарители на крв (со код за секој крводарител, крвна група, картон за возач со крвна група);
- Учествуваат во здравствено-воспитна, мотивациска, истражувачка работа за развој и унапредување на крводарителството;
- Обезбедуваат унифициран благодарен оброк за дарители на крв.

3. Заеднички активности на Црвениот крст на Република Северна Македонија и Институтот за трансфузиона медицина:

- Планирање и организирање на крводарителските акции, како и изготвување на програма, оперативни планови, обврски  и извештаи за реализација на Програмата за крводарителство;
- Планирање и утврдување на термин за изведување на крводарителска акција во одредена средини;
- Редовни контакти и посети во средина во која се планира да се изведе акцијата;
- Договор со организаторите за обезбедување на соодветен простор и услови за оптимално изведување на акцијата;
- Евалуација на постигнатите резултати, на терен и во установите за прибирање крв;
- Предлози за измени и дополнувања на програмата за организирање и унапредување на крводарителството;
- Прилагодување на новонастанати состојби и потреби од крв и крвни продукти (вонредни акции, сезонски потреби, ретки крвни групи);
- Организирање на вонредни крводарителски акции во случај на недостиг на единици на крв;
- Учество во работа на комисииите за крводарителство на разни нивоа;
- Редовно информирање за сите крводарителски акции преку средствата за јавно информирање;
- Постојано осовременување на промотивни материјали за крводарителство и соработка со размена на искуства од други земји;
- Севкупна анализа и конкретен тримесечен увид во извршените активности и нивното финансиско обезбедување.

IV.ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Вкупните средства за реализација на Програмата изнесуваат 45.000.000,00 денари.

Програмата ќе се реализира во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година во вкупен износ од 45.000.000,00 денари, од кои 20.000.000,00 денари од Основниот буџет и 25.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство. Од овие средства ќе се плаќаат и неизмирените обврски за патиципација кон здравствените установи за 2018 година, 2019 година и 2021 година.

Програмските активности и финансиската рамка преставени се во табелите број 1,2,3 и 4.

Табела бр.1 Здравствено-воспитни, пропагандни и едукативни активности

| Реден број | Здравствено-воспитни, пропагандни и едукативни активности | **Количина** | **Единечна цена** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Плакат “повик“за објавување на крводарителски акции | 10.000 | 7,00 | 70.000,00 |
| 2 | Плакат за 17 Март | 1.000 | 20,00 | 20.000,00 |
| 3 | Евидентни листови за крвни акции | 10.000 | 2,00 | 20.000,00 |
| 4 | Флаер за крводарителство | 20.000 | 4,50 | 90.000,00 |
| 5 | Одбележување на 17 Март и 14 Јуни | 2 | 100.000,00 | 200.000,00 |
| 6 | Активности на дневен центар за крводарување | - | - | 150.000,00 |
| 7 | Републички семинари и работилници за едукација на мотиватори во крводарителство | 4 | 100.000,00 | 400.000,00 |
| 8 | Изработка на информативни табли за бенефиции на крводарители | 1.500 | 80,00 | 120.000,00 |
| 9 | Флаер за бенефиции на крводарители | 20.000 | 3,50 | 70.000,00 |
| 10 | Кампања/организирање на трибини за промоција на бенефиции на крводарители | 8 | 8.000,00 | 64.000,00 |
| 11 | Одржување на мобилна апликација | 12 | 1.770,00 | 21.240,00 |
| 12 | Годишна членарина за регистрација за објавуван на Апле апликација | 1 | 7.080,00 | 7.080,00 |
| 13 | Верзија 2 на апликацијата (надоградба и албанска и англиска верзија на апликацијата | 1 | 350.000,00 | 350.000,00 |
| 14 | надоместок за одржување на мобилната апликација (месечно) | 12 | 17.667,00 | 212.000,00 |
| 15 | Активности спроведени од страна на Институт за трансфузиона медицина | - | - | 300.000,00 |
| **Вкупно:** | | | | **2.094.320,00** |

**Табела број 2** Изготвување на мотивациски средства за крводарителите

| Реден број | **Јубилејни признанија и мотивациони средства** | **Количина** | **Единечна цена** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Значка за 5-то дарување | 1.800 | 70.00 | 126.000,00 |
| 2 | Значка за 10-то дарување | 1.500 | 70.00 | 105.000,00 |
| 3 | Значка за 25-то дарување | 800 | 70.00 | 56.000,00 |
| 4 | Плакета за 50-то дарување | 150 | 800,00 | 120.000,00 |
| 5 | Плакета за 75-то дарување | 60 | 800,00 | 48.000,00 |
| 6 | Плакета за 100-то дарување | 20 | 800,00 | 16.000,00 |
| 7 | Признанија за општини со исполнет план за крводарителство | 17 | 4.000,00 | 68.000,00 |
| 8 | Печатење на јубилејни благодарници | 6.000 | 7,00 | 42.000,00 |
| **Вкупно средства за јубилејни признанија за крводарителство** | | | | **581.000,00** |

**Табела број 3** Средствата за надоместок на трошоци за подготвување и организирање на крводарителски акции.

| **Опис на активност** | **Единечна цена (ден.)** | **Вкупно (ден.)** |
|---|---|---|
| **За планирани 52.000 крводарувања на ООЦК** | **160,00 ден** | **8.320.000,00** |

**Табела број 4** Средствата за надоместок за партиципација

| **Опис на активност** | **Вкупно (ден.)** |
|---|---|
| Партиципација за крводарители по приложени пресметки | **34.004.680,00** |

Средствата за надоместок за партиципација при користење на здравствени услуги за дарители со над 10 крводарувања кои се трансферираат на квартално ниво (тромесечно)до здравствените установи за околу 6.000 крводарители. Бројот на крводарители за исплатена партиципација е во зависност од висината на пресметаната партиципација за користење на здравствени услуги по крводарител во вкупен износ од 34.004.680,00 денари.

Вкупно потребни средства за реализација на програмата по извршители:

| Опис на активност | Извршител | Вкупно ден. |
|---|---|---|
| Организација на крводарителство | Црвен наРепублика Северна Македонија | 8.320.000,00 |
| Здравствено-воспитни и пропагандни материјали | | 1.794.320,00 |
| Јубилејни признанија и мотивациони средства | | 581.000,00 |
| Активности за крводарителство спроведени од страна на Институт за трансфузиона медицина | Институт за трансфузиона медицина | 300.000,00 |
| Средства за партиципација | Здравствени установи | 34.004.680,00 |
| **Вкупно** | | **45.000.000,00** |

V.РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА

Распределбата на средствата по Програмата се врши квартално до извршителите на активностите, врз основа на доставени извештаи и фактури за реализација на мерките и активностите содржани во Програмата, и тоа за активностите во последниот квартал од 2021 година и за првите три квартали од 2022 година.

Распределба на средствата за надоместок за партиципација при користење на здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувања се врши квартално до здравствените установи кои имаат склучено договор за пружање здравствени услуги со Фондот за здравствено осигурување на РепубликаСеверна Македонија за тековната година, а врз основа на доставена фактура, извештај/спецификација за периодот кој се фактурира за последниот квартал од 2021 година и за првите три квартали од 2022 година.

VI. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Мониторинг и евалуација за спроведување на оваа програма континуирано во текот на годината ќе врши Црвениот крст на Република Северна Македонија, и за тоа во извештаите ќе го информира Министерството за здравство.

Црвениот крст на Република Северна Македонија во соработка со Институтот за трансфузиона медицина формира стручен тим кој заедно со комисијата за развој и унапредување на крводарителството при Црвениот крст на Република Северна Македонија ќе ги следи и проценува зацртаните цели во оваа програма и ќе предлага мерки за надминување на одредени проблеми кои можат да произлезат во процесот на имплементација на утврдените задачи и активности во оваа програма.

VII.ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ

Црвениот крст на Република Северна Македонија најдоцна до 31.1.2023 година доставува до Министерството за здравство годишен извештај за реализираните активности предвидени со Програмата за 2022 година.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-12915/1-21
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**361.**

Врз основа на член 16, ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОИ НЕ СЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАНИ ЗА 2022 ГОДИНА**

1. ВОВЕД

Со Законот за здравственото осигурување е уредено здравственото осигурување на граѓаните, правата и обврските од здравственото осигурување, како и начинот на спроведување на здравственото осигурување. Здравственото осигурување се установува како задолжително и доброволно осигурување. Задолжителното здравствено осигурување се установува за сите државјани на Република Северна Македонија заради обезбедување на здравствени услуги и парични надоместоци врз начелата на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со закон.

Со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се уредуваат видовите на придонеси за задолжителното социјално осигурување, обврзниците за плаќање на придонеси, обврзниците за пресметка и уплата на придонеси, основиците на кои се плаќаат придонеси, стапките на придонеси, начинот на пресметка, роковите на плаќање на придонеси, контрола на пресметување и уплата на придонеси, како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на придонесите.

2. МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА

Со Законот за здравственото осигурување се утврдува кои категории на лица се задолжително здравствено осигурани, меѓу кои се и државјаните на Република Северна Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување.

Со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, горепосочената категорија на граѓани на Република Северна Македонија се утврдуваат како обврзници за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување, а како обврзник за пресметување и уплатување на придонесот е Министерството за здравство.

3. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Со донесувањето на оваа програма се обезбедуваат услови за плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување. Министерството за здравство како обврзник за пресметување и уплатување на придонесот за задолжително здравствено осигурување ќе може на месечна основа да го плаќа придонесот. Согласно тоа, овие лица ќе имаат редовно уплатен придонес и со тоа непречено користење на здравствените услуги односно здравствената заштита.

4. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Според податоците добиени од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, државјани на Република Северна Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување се околу 250.000, а придонесот за задолжително здравствено осигурување на месечно ниво, за еден осигуреник се пресметува по основица од 50% од просечно исплатената месечна плата по работник во Републиката објавена во јануари во тековната година според податоците на Државниот завод за статистика.

5. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За пресметување и уплатување на придонесот за задолжително здравствено осигурување според оваа програма, обезбедени се средства во износ од 3.000.000.000,00 денари од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, од кои ќе бидат измирени и заостанатите обврски од 2021 година.

6. МОНИТОРИНГ НА ПРОГРАМАТА

Следење на спроведување на оваа програма врши Министерството за здравство и по потреба ја известува Владата на Република Северна Македонија.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 40-12916/1-21 | Прв заменик на претседателот |
| 8 февруари 2022 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Artan Grubi,** с.р. |

**362.**

Врз основа на член 16 став (1) алинеја 5 и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО БОЛЕСТИ НА ЗАВИСНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

Употребата и злоупотребата на различни психоактивни супстанци, негативно се рефлектира на севкупното живеење и функционирање како на индивидуален, така и на професионален, семеен и социјален план, предизвикувајќи големи страдања и загуби.

Особено загрижувачко е постојаното намалување на просечната возраст на злоупотреба на психоактивни супстанци и возраста на започнување. Употребата на психоактивни супстанци помеѓу малолетните лица (лица под 18 годишна возраст) во Република Северна Македонија станува сериозен проблем и за кој е потребен сериозен пристап од сите засегнати страни како од професионалните здравствени работници така и од креаторите на политиките.

Консумацијата на алкохол денес не е само појава кај возрасните лица, туку и кај младите луѓе чиј број од ден на ден станува се поголем. Истотака, се поголем е бројот на консументи на алкохол и меѓу жените. Околу 85% од возрасните лица употребуваат алкохол, што е една од главните причини за повеќе болести или прерана смрт. Злоупотребата на алкохол е одговорна за околу 9% од вкупниот морбидитет во европскиот регион, зголемувајќи го ризикот за појава на хепатална цироза, одредени видови на карцином, хипертензија, инсулт и конгенитални малформации, како и појавата на семејни, работни и социјални проблеми, несреќи, напади, криминогено и кривично однесување, несакани повреди, сообраќајни несреќи, насилство, убиство и самоубиство и друго. Се проценува дека над 60.000 луѓе се алкохоличари, а 300.000 имаат проблеми со алкохолот и покажуваат знаци на алкохолна болест.

Според Студијата за употреба на психоактивни супстанции помеѓу општата популација во Република Северна Македонија (Институт за јавно здравје 2017), највисоко ниво на консумирање на алкохол е пронајдено во возрасната група 25-34 (76,9%), потоа следи возрасната група 15-24 со 74,7%. Најчесто користена нелегална дрога е канабисот и 8,2% од сите возрасти пријавиле дека земале од оваа дрога во одреден момент од нивниот живот. Стапките на преваленца на земање други видови на droги во текот на животот се значително помали: екстази 1,6%, амфетамини 1,1%, хероин 1,1%, ЛСД 0,5% и кокаин 1,3%.

АНАЛИЗА НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА

Третманот на лицата зависни од алкохол актуелно е со доминантна психијатријска ори-ентација и се одвива пред се во болнички услови, во трите психијатриски болници во др-жавата (Скопје, Демир Хисар и Негорци), а се врши болнички и дневно-болнички на повеќе од 400 лица.

Третманот на лицата зависни од droги е расположливо во рамките на јавните и приватните здравствени установи во земјата.

Третманот на лекување во јавните здравствени установи вклучува дневно-болнички третман, болничко лекување, детоксификација и агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин). Најголемиот дел од лицата со растројства од употреба на дрога се лекуваат дневно-болнички, каде се нуди третман со агонистичка терапија со опоиди, психо-социјални интервенции, индивидуално или групно советување и социјална и психо-терапија.

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основна цел на програмата е вклучување на што поголем број на лица со растројства од употреба на дрога во програмите за лекување со агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин), со што ќе се намали употребата на илегални droги, смртноста од предозирање, честотата на инјектирање, употребата на нестерилен прибор за инјектирање, ширење на инфекции со ХИВ/Хепатит Б и Ц и ќе се намалат криминалните активности.

Ефикасноста на терапијата на одржување со метадон и бупренорфин се состои и во подобрување на квалитетот на животот, здравјето, можноста за вработување, социјалното функционирање и физичкото (телесното) функционирање.

Цел на програмата е на лицата што употребуваат дроги или се зависни од нив да им се пружи помош и подршка преку широко достапни, ефикасни, флексибилни и индивидуално прилагодени интервенции што ќе го подобрат нивното здравје и ќе им овозможат социјално созревање и функционирање, без нивно натамошно стигматизирање и маргинализирање.

ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ КОИ Е НЕОПХОДНО ДА СЕ ПРЕВЗЕМАТ

- завршување на процесот на децентрализација на третманот со бупренорфин и подеднаква достапност на лекот бупренорфин до сите лица со нарушувања од употреба на дрога во земјата, вклучително и лицата лишени од слобода,
- изготвување на посебна Програма и Протокол за третман на деца кои употребуваат психоактивни супстанци,
- планирање и понатамошно проширување на мрежата на служби преку отворање на нови служби за превенција и третман од злоупотреба на дроги во повеќе градови во земјата, според потребата (број на лица со нарушувања од употреба на дрога, оддалеченост од постоечките регионални центри и др.), Гостивар, Кичево, Струга и Прилеп,
- исполнување на стандардизирани услови за работа во однос на кадарот и обуката на кадарот во сите специјализирани центри во земјата, обезбедување мултипрофесионални тимови во сервисите за третман и нивна адекватна професионална квалификација,
- обезбедување лекови според медицина заснована на докази, за третман на нарушувања од употреба на дрога и предозирање, во сите сервиси за третман на нарушувања од употреба на дрога,
- ревидирање на постоечките протоколи – протокол за метадон, протокол за бупренорфин и проткол за неонатален апстиненцијален синдром,
- изготвување на софтверски програм за лицата со болести на зависност кои се на третман во јавните здравствени установи,
- анализа на состојбите во однос на простор, опрема и кадар и примената на протоколите во казнено поправните установи во земјата,
- Развивање на специфични програми и протокол за третман на жени/бремени жени,
- Подеднаква достапност на сервисите за третман на соматски и психички коморбидитет за лицата со нарушувања од употреба на дрога како и за сите останати пациенти во земјата.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ (ИНДИКАТОРИ НА УСПЕШНОСТ)

Напредок во однос на достапност на услугите за пациентите во местото на живеење преку отворање на нови Служби за превенција и третман од злоупотреба на дроги.

Вклучување на што поголем број на лица кои употребуваат дроги во програмите за лекување со агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин). Со овие мерки, ќе се овозможи:

- постигнување апстиненција,
- намалување на зачестеноста и острината на рецидивите,
- намалување на морбидитетот и на морталитетот предизвикани со злоупотреба на незаконската опиоидна дрога или како последица од тоа, особено ризикот од ХИВ, хепатитис Б и Ц и други по крвен пат преносливи болести од инјектирање со нестерилна опрема,
- подобрување на физичкото и психолошкото здравје;
- намалување на криминалното однесување за обезбедување на финансиски средства за злоупотреба на дрога;
- овозможување и поддршка за реинтеграција на работното место и во системот на образованието и
- унапредување на социјалното функционирање.

ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Третманот на зависноста од дроги и лекувањето во дневни болници и болничко лекување на зависници од алкохол и дрога над 30 дена и зависници - судски случаи претставува комбинација на: фармакотерапија (агонистичка терапија со опоиди - метадон и бупренорфин), лекови за смирување на болки, за подобрување на апетитот, регулирање на расположението, сонот и др.), психотерапија која се спроведува во зависност од проценката на потребите на пациентот и семејството и социотерапија која претставува учење на социјални вештини за возобновување или подобрување на социјалното функционирање.

Согласно, доктринарните ставови и медицината заснована на докази, финансиските тро-шоци за обезбедување на дневно-болничка и болничка здравствена заштита на лицата со болести на зависности опфаќаат:

| | ПАКЕТИ ЗА ЗАВИСНОСТИ И АЛКОХОЛИЗАМ | Цена на пакет услуги |
|---|---|---|
| 1. | ПАКЕТ БР. 1 | |
| | Во цената на пакетот се вклучени услугите од доктор и медицинска сестра, потрошен материјал и лабораториски услуги | **1700,00 денари** |
| 2. | ПАКЕТ БР. 2 | |
| | Во цената на пакетот се вклучени услугите од доктор психијатар, доктор и медицинска сестра, потрошен материјал и лабораториски услуги | **1900,00 денари** |
| 3. | ПАКЕТ БР. 3 | |
| | Во цената на пакетот се вклучени услугите од доктор психијатар, доктор, медицинска сестра, психолог, социјален работник, потрошен материјал и лабораториски услуги | **2100,00 денари** |
| **4.** | **ПАКЕТ БР. 4 Болничко лекување на пациенти** | |
| | Во цената на пакетот е вклучен болнички ден за стационарни пациенти (сместување и исхрана во стандардни болнички услови, лекување со спроведување на дијагностички процедури и рехабилитациони мерки и психосоцијален третман на пациентите).<br>Дополнително ќе бидат фактурирани ординирана терапија, потрошен материјал и лабораториски услуги. | **550,00 денари** |

За реализација на мерките и активностите предвидени со оваа програма предвидени се средства за:

| **1.** | **Метадон / бупренорфин** | **Количини** |
|---|---|---|
| 1.1. | Набавка на метадон за 1650 лица со болести на зависности | 4 700 000 мл. |
| 1.2. | Набавка на бупренорфин за 400 лица со болести на зависности<br>Таблети од 2 мг. –261 520 мг<br>Таблети од 8 мг. –985 600 мг | 1 247 120 мг |
| **2.** | **Лекување во дневни болници, болничко лекување и лекување во казнено поправни установи** | |
| 2.1. | Лекување во дневни болници на зависници од алкохол и дрога над 30 дена | |
| 2.2. | Болничко лекување на зависници од алкохол и дрога над 30 дена | |
| 2.3. | Лекување на зависници-судски случаи | |
| **3.** | **Неизмирени обврски за реализирани програмски активности за 2020 и 2021 година** | |
| | **ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА** | **86.000.000,00** |

Пресметките за потребните количини на метадон и бупренорфин се направени врз основа на податоците за бројот на пациентите и динамиката на потрошувачката на агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин) во 2021 година и залихите на метадон и бупренорфин. За да се добие проектирана вредност на фискалните импликации земени се цените на чинење на метадон и бупренорфин во 2021 година.

Доколку во 2022 година се отворат нови Служби за превенција и третман од злоупот-реба на дроги во Република Северна Македонија, лицата кои ќе бидат опфатени со агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин), ќе бидат дел од оваа програма.

ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Оваа програма ќе се реализира во обем и содржина согласно одобрените средства од основниот буџет наменети за оваа програма, во висина од 75.000.000,00 денари и 11.000.000,00 денари од буџетот на самофинансирачки активности на Министерството за здравство.

ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на оваа програма во третманот на алкохолизам и со агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин) се: Психијатриските болници Скопје, Демир Хисар и Негорци, Универзитетска клиника за токсикологија – Скопје и Службите за превенција и третман од злоупотреба на дроги кои функционираат во рамките на болниците во Тетово, Куманово, Струмица, Штип, Гевгелија, Охрид, Битола, Велес, Кавадарци, ГОБ 8-ми Септември Скопје, Здравствен дом Скопје (КПУ Идризово и КПУ Затвор Скопје) и КПУ Затвор Битола.

НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на здравствените установи извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во оваа програма.

Набавените количини на метадон и бупренорфин ќе се дистрибуираат до овластените здравствени установи - извршители на програмата, на неделно/месечно ниво по претходна нарачка од страна на Министерството за здравство.

ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ

Здравствените установи кои се извршители на оваа програма, најдоцна до 20 во ме-сецот доставуваат фактура и месечен извештај за реализирани активности до Министерството за здравство.

МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Министерството за здравство ќе врши редовни контроли во јавните здравствени ус-танови извршители на програмата, во делот на реализирани активности согласно оваа програма и контрола на динамиката на потрошувачката на агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин) и увид во медицинската документација.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 40-12921/1-21 | Прв заменик на претседателот |
| 8 февруари 2022 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Artan Grubi,** с.р. |

**363.**

Врз основа на член 46 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21), член 150-г став (1), член 274 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија”, бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ЕДУКАЦИЈА НА ЛЕКАРИ И МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ, ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА, ОДНОСНО СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВРАБОТЕНИ ВО ПРИВАТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА И НЕВРАБОТЕНИ, КАКО И ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРЕГЛЕД НА УМРЕНИ ЛИЦА ЗА 2022 ГОДИНА

I. ВОВЕД

Министерството за здравство се залага за стручно усовршување, односно специјализација/супспецијализација на медицинскиот кадар од јавните здравствени установи во Република Северна Македонија со долгорочна цел подигнување на квалитетот на укажувањето на здравствените услуги во државата. Во таа насока се обезбедуваат што е можно поголем број специјализации за македонските доктори, имајќи предвид дека нивната специјализација овозможува и поголема достапност до специјалистички услуги за граѓаните, како и подобра искористеност на медицинската опрема.

Освен овие активности, а со цел стекнување на најнови знаења и примена на најсовремени техники на лекување, подигнување на нивото на стручно знаење и унапредување на квалитетот на здравствените услуги во сите облици на здравствена заштита во секојдневната пракса, како и продуцирање на нови стручни лица во државата, Министерството за здравство преку јавните здравствени установи овозможува ангажирање на еминентни странски лекари и експерти, медицински професионалци од најразлични области од медицината, како и спроведување на едукација на овластени лица за преглед на умрени лица.

II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Цел на програмата е подигнување на нивото на стручното знаење и унапредување на квалитетот на здравствените услуги преку стекнување на најновите

знаења и примена на најсовремени техники на лекување, зголемување на бројот на специјалистички кадри во здравствениот систем, како и обезбедување на обучени лица овластени за преглед на умрени лица на ниво на Република Северна Македонија.

III. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ И ОБЛАСТИ

Со оваа програма предвидени се активности од следните области:

1. СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ, СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ НА ЛЕКАРИ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МА-КЕДОНИЈА ВО СТРАНСТВО

Со оваа програма опфатени се специјализациите, односно супспецијализациите на лекари од јавните здравствени установи од Република Северна Македонија во реномирани медицински центри/факултети/универзитети во странство.

2. АНГАЖИРАЊЕ НА СТРУЧНИ МЕДИЦИНСКИ ЛИЦА ОД СТРАНСТВО

Со оваа програма се опфатени трошоците кои произлегуваат од ангажирањето на стручни медицински лица кои доаѓаат од еминентни центри од странство во текот на 2022 година со цел едукации/практична работа/тренинзи/обука на медицинскиот кадар во јавните здравствени установи во Република Северна Македонија.

Во текот на 2022 години планирано е ангажирање на стручни медицински лица од странство за потребите на следните јавни здравствени установи:

- ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедија, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар – Скопје
- ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести – Скопје
- ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија - Скопје
- ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија - Скопје
- ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата „Козле” – Скопје
- ЈЗУ Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија – Скопје
- ЈЗУ Градска општа болница 8-ми Септември – Скопје.

3. ЕДУКАЦИИ ОД УСТАНОВАТА МЕДИЦИНСКИ СИМУЛАЦИСКИ ЦЕНТАР СКОПЈЕ

Со оваа програма се опфатени и едукации кои се реализираат во установата Медицински симулациски центар Скопје, кои се наменети за стекнување практични вештини неопходни за стекнување на називот доктор на медицина, дел од процесот на полагање на практичниот дел од стручниот испит, дел од процесот на стекнување на практични вештини за стекнување со стручно звање специјалист и супспецијалист, дел од полагањето на практичниот дел на специјалистичкиот и супспецијалистичкиот испит и дел од процесот на продолжување на лиценца на докторите на медицина.

Средствата ќе се исплаќаат периодично, согласно потребата и динамиката на реализација на едукациите. Установата Медицински симулациски центар Скопје до Министерството за здравство ќе доставува периодични извештаи за сите едукации извршени во периодот за којшто се известува.

4. КОФИНАНСИРАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА, ОДНОСНО СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВРАБОТЕНИ ВО ПРИВАТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА И НЕВРАБОТЕНИ

Со оваа програма е опфатена и можноста за кофинансирање на здравствените работници и здравствените соработници, односно дел од надоместокот за овие специјализации се покрива со оваа програма согласно склучени договори.

5. ОБУКА НА ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА ЗА ПРЕГЛЕД НА УМРЕНИ ЛИЦА

Програмата за обука на овластени лица за преглед на умрени лица, има за цел да ги оспособи кандидатите за самостоен преглед на умрени лица, утврдување на постоење на промени и/или повреди кои би укажувале на евентуално насилна смрт.

Програмата за обука на лица за преглед на умрени лица се состои од теоретски и практичен дел со вкупно 320 часа, која се спроведува од страна на:

- Институт за судска медицина и форензика во соработка со Институт за епидемиологија и медициска биостатистика и
- Институт за патолошка анатомија.

IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Средствата од оваа програма се предвидени за спроведување на активности од следните области:

1. Во областа Специјализации, супспецијализации на лекари од Република Северна Македонија во странство, предвидени финансиски средства за:

1.1. Трошоци кои произлегуваат од специјализациите/супспецијализациите во странство согласно склучени договори и решенија: надомест за школарина и полагање специјалистички испит, месечен надомест за престој во износ од 500 евра, патни трошоци, сместување и др.,

1.2. Дополнителни трошоци кои произлегуваат од законските прописи од земјата каде се спроведува специјализацијата/супспецијализацијата со доставување на соодветен документ.

2. Во областа Ангажирање на стручни медицински лица од странство, предвидени се финансиски средства за:

2.1. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на ортопедија, трауматологија, невромониторинг и спортски трауматизам за надоместок на едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедија, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар – Скопје, до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 3.500.000,00 денари;

2.2. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на офталмологија за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќа-

ат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести – Скопје, до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 3.000.000,00 денари;

2.3. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на неврохирургијата (ендоваскуларната неврохирургија, спинална неврохирургија и ендоскопија на хипофиза) за надоместок на едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија, до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 1.500.000,00 денари;

2.4. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на торакална и васкуларна хирургија (за воведување на минимум инванзивна техника – ВАТС процедура) за надоместок на едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија-Скопје до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 4.500.000,00 денари;

2.5. Трошоци за ангажирање на странски доктори за развој на центарот за цистична фиброза за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата „Козле" до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 2.000.000,00 денари;

2.6. Трошоци за ангажирање на странски доктори за развој на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 1.600.000,00 денари;

2.7. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на офталмологија и оториноларингологија за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна ЈЗУ Градска општа болница 8-ми Септември – Скопје, до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 3.500.000,00 денари.

3. Во областа Едукации од установата Медицински Симулациски Центар – Скопје, предвидени се финансиски средства за:

3.1. Трошоци за едукации кои се реализираат од установата Медицински симулациски центар Скопје по доставени периодични извештаи за сите едукации извршени во периодот во висина од 6.000.000,00 денари, согласно утврдениот ценовник на установата.

4. Во областа Кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, предвидени се финансиски средства за :

4.1. Трошоци за покривање на дел од средствата за спроведување на специјализацијата, односно супспецијализацијата и за полагање на специјалистички, односно супспецијалистички испит на здравствените работници и здравствените соработници преку кофинансирање на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Медицински факултет Скопје и Универзитет „Гоце Делчев" Штип – Медицински факултет Штип, согласно склучените договори.

5. Во областа Обука на овластени лица за преглед на умрени лица, предвидени се финансиски средства за спроведување на обука за овластени лица за преглед на умрени лица со дефинирана цена од 18.750,00 денари по слушател. Исплатата ќе се врши согласно добиена фактура од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Медицински факултет – Скопје, заедно со извештаите од институциите наведени во глава III, точка 5 од оваа програма, за целосна реализација на обуката.

6. Програмата опфаќа и дополнителни трошоци доколку произлезат од ангажирање на странски доктори/тимови со цел едуцирање на нашите доктори и медицинскиот кадар, како и едукациите кои се спроведуваат од Медицинскиот симулациски центар Скопје согласно склучените договори.

7. Програмата ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година во вкупен износ од 40.000.000,00 денари од кои 10.000.000,00 денари од основниот буџет и 30.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство. Заостанатите обврски ќе се измират во 2022 година.

V. СЛЕДЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За спроведување на активностите од оваа програма се грижи Министерство за здравство.

VI. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 40-12923/1-21 | Прв заменик на претседателот |
| 8 февруари 2022 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Artan Grubi,** с.р. |

---

**364.**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

I. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

**Општа цел**

Општа цел на оваа програма е континуирано унапредување на здравјето на децата и жените во репродуктивен период во насока на намалување на доенечката и матернална смртност.

**Специфични цели**

1. Континуирано унапредување на системот на мониторирање на здравствениот статус на мајките и децата и ефикасноста на здравствената заштита;
2. Подигање на информираноста и едуцираноста на населението за здрави животни стилови и правилно здравствено однесување во преконцепциски, антенатален, постнателен и во доенечкиот период, со фокус на ранливите категории на жени (жени Ромки, жени од руралните подрачја);
3. Унапредување на квалитетот и еднаквоста во пристапот до здравствените услуги за мајките и децата, со посебен фокус на ранливите категории жени;
4. Навремено откривање на заболувања кај новороденчињата, доенчињата и малите деца;
5. Јакнење на интерсекторската соработка и мобилизирање на партнерството во заедницата на сите релеванатни партнери во идентификација и решавање на здравствените проблеми на мајките и децата особено во намалувањето на бариерите и зголемувањето на достапноста на услугите;
6. Обезбедување навремен и ран пристап на секоја бремена жена до квалитетна антенатална здравствена заштита (отстранување на сите видови на географски, финаниски и културолошки бариери особено кај ранливите групи);
7. Намалување на диспаритетите во здравствената состојба кај жените и децата.

II. ПОКАЗАТЕЛ ЗА УСПЕШНОСТ НА ПРОГРАМАТА

Индикатори на успешност на спроведување на програмата се:

- Намален морбидитет на новороденчиња
- Намалена перинатална смртност
- Намалена доенечка смртност
- Намален морбидитет на мајки
- Намалена матернална смртност
- Намален % на живородени со ТТ под 2500 грама.

III. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА

**1. Активности за мониторирање на здравствениот статус на мајките и децата и проценка на ефикасноста и достапноста на здравствените сервиси:**

- бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени жени, за лица без документ за идентификција;
- бесплатни прегледи за жени кои претпреле сексуално насилство;
- медикаметозен абортус;
- набавка на современи контрацептивни средства (орална контрацепција, спирали, кондоми) за жени од социјално-ранливи категории и жени со репетитивни абортуси.

**2. Активности за здравствена промоција и унапредување на здравственото однесување преку едукација на населението и промотивни активности:**

- промоција на светската недела на доење.

**3. Јакнење на капацитетите на здравствени работници кои обезбедуваат здравствена заштита на деца и жени во репродуктивен период:**

- изготвување на Информација за здравствената состојба на мајките и децата за 2021 година;
-ангажирање на членовите на Државната комисија за биомедицинско потпомогнато оплодување согласно Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување.

**4. Активности за рана детекција на заболувања кај новороденчињата, доенчињата и малите деца:**

- спроведување на тиреоиден скрининг кај сите новородени деца во Република Северна Македонија;
- неонатален метаболен скрининг за целна популација за новородени сомнителни за метаболни заболувања;
- национален скрининг за цистична фиброза;
- пилот скрининг за фенилкетонурија
- пилот скриниг за неонатален слух кај новороденчиња.

**5. Јакнење на интерсекторска соработка и соработка со локалната заедница**

- одржување на работилница за креирање на активностите на Програмата со сите чинители и потенцијални партнери.

IV. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА СЛЕДЕЊЕ, ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Процесот на следење, оценување и известување ќе се спроведува согласно насоките во Упатствата, преку подготовка на годишен план на спроведување на активностите на Програмата, на квартално ниво и останатите дефинирани табели за оценување на спроведувањето.

V. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на оваа програма се: Министерство за здравство, Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство-Скопје, Универзитетска клиника за детски болести-Скопје, Универзитетска клиника за уво нос и грло, Клиничка болница Тетово, Општа болница Куманово, Завод за здравствена заштита на мајки и деца/Здравствен дом Скопје, Специјална болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза “ - Скопје и јавните здравствени установи во Република Северна Македонија кои се наведени во табелата 1.

VI. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА РАСПРЕДЕЛЕНИ ПО МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Активностите предвидени во оваа програма ќе се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

Распределбата на средствата по оваа програма ја врши Министерството за здравство квартално, врз основа на реализирани активности по доставени фактури и извештаи содржани во Програмата, од страна на извршителите, согласно утврдениот годишен план за работа (табела 1.) со финансиски средства распределени по мерки/активности од оваа програма).

**Табела 1. Потребни финансиски средства за реализација на оваа програма**

| | Активности | Извршител | Количина | Цена (во денари) | Вкупно (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Неонатален скрининг за хипотиреоза за сите новородени | Универзитетска клиника за детски болести - Скопје | 19000 | 171,00 | 3.249.000,00 |
| 2. | Неонатален метаболен скрининг за целна популација за новородени сомнителни за метаболни заболувања | Универзитетска клиника за детски болести - Скопје | 6000 | 1.000,00 | 6.000.000,00 |
| 3. | Неонатален скрининг за цистична фиброза | Универзитетска клиника за детски болести - Скопје | 19000 | 171,00 | 3.249.000,00 |
| 4. | Пилот скрининг за фенилкетонурија | Универзитетска клиника за детски болести - Скопје | 10000 | 171,00 | 1.710.000,00 |
| 5. | Пилот скрининг на слухот кај новороденчиња | Универзитетска клиника за уво нос и грло во соработка со јавните здравствени уставови | 1 | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 |
| 6. | Медикаментозен абортус | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје и Специјална болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза “ -Скопје и јавните здравствени уставови | 1 | 572.000,00 | 572.000,00 |
| 7. | Изготвување на Информација за здравствената состојба на мајките и децата за 2021 година | Завод за здравствена заштита на мајки и деца/Здравствен дом Скопје | 20 | 500,00 | 10.000,00 |
| 8. | Бесплатни прегледи за жени кои претпреле **сексуално насилство** | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје, Клиничка Болница Тетово, Општа болница Куманово | 3 | 10.000,00 | 30.000,00 |
| 9. | Бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за лица без документ за идентификција | Јавни здравствени установи | 1 | 80.000,00 | 80.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Набавка на современи контрацептивни средства (орална контрацепција, спирали, кондоми) за жени од социјално-ранливи категории и жени со репетитивни абортуси | Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје, Клинички болници, Општи болници и Специјална болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза“ - Скопје | 1 | 100.000,00 | 100.000,00 |
| 11. | Финансиски средства за ангажирање на членовите на Државната комисија за биомедицинско потпомогнато оплодување согласно Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување - неизмирени обврски за 2021 година | Министерство за здравство | 1 | 500.000,00 | 500.000,00 |
| | Средства кои се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија | | | | 10.000.000,00 |
| | Буџет на самофинансирачки активности на Министерството за здравство | | | | 7.000.000,00 |
| | Вкупно | | | | 17.000.000,00 |

VII. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

40-12938/1-21
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**365.**

Врз основа на член 16, ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ БЕЗ НАПЛАТА НА УЧЕСТВО (ПАРТИЦИПАЦИЈА) ЗА ПЕНЗИОНЕРИ И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНИ И БОЛНИЧКИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ, КАКО И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ ДОМАЌИНСТВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. ВОВЕД

Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош и неговите членови на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2022 година, обезбедува грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите и на корисниците на правото на социјална парична помош, како и на членовите на нивните домаќинства.

Со Програмата се опфатени корисниците на старосна, инвалидска, семејна и земјоделска пензија, чијашто пензија е пониска од 14.000 денари и се со живеалиште на територијата на Република Северна Македонија. Со Програмата се опфатени случаите на болничко лекување во болничките здравствени установи во Република Северна Македонија непосредно по акутно заболување, состојба и повреда или заради влошување на хронична болест.

Со Програмата не се опфатени членовите на семејството на корисникот на пензијата како и случаите на:

- специјализиранаата медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување,
- сместување во геронтолошка установа и
- дневното болничко лекување (дневна болница).

Со Програмата се опфатени здравствените услуги од областа на специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита за корисниците на правото на социјална парична помош, како и за членови на нивните домаќинства, освен за лековите од листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекување во странство.

За реализација на мерките предвидени во оваа програма, Владата на Република Северна Македонија обезбедува средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целта на донесувањето на оваа програма е обезбедување грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите и на корисниците на социјална парична помош, како и на членовите на нивните домаќинства.

3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе се реализира со финансиски средства во висина од 65.000.000,00 денари од основен Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година, одобрени се 50.000.000,00 денари, а останатите 15.000.000,00 денари од самофинансирачки средства на Министерството за здравство.

Во рамки на средствата ќе бидат измирени неизмирените обврски од 2021 година.

4. МОНИТОРИНГ НА ПРОГРАМАТА

Следење на спроведувањето на Програмата врши Министерството за здравство и по потреба ја известува Владата на Република Северна Македонија.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-12940/1-21
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**366.**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2022 година се однесува на:

I. Скрининг за превенција и рано откривање на карцином на грло на матката

II. Пилот скрининг на колоректален карцином во Република Северна Македонија

III. Промотивна кампања за превенција и рано откривање на карцином на простата

IV. Организиран мамографски скрининг за рана детекција на карцином на дојка

V. Промотивна активности за превенција и рана дијагностика на хепатоцелуларниот карцином во рамките на новоотворениот Центар за болести на црн дроб

I. СКРИНИНГ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РАНО ОТКРИВАЊЕ НА КАРЦИНОМ НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

**1. Вовед**

Карциномот на грлото на матката (КГМ) во светот учествува со 10% во вкупниот број на малигни неоплазми. Тој е дванаесетти по честота и петти по смртност рак кај жените во светот. Заболуваат околу 490 000 новорегистрирани случаи секоја година или 16 од 100 000 жени годишно, а околу 9 од 100 000 жени умираат.

Организираниот скрининг за превенција и рано откривање на ракот на грлото на матката е активност што се спроведува во повеќе држави со цел да се намали инциденцата и смртноста на жените од рак на грлото на матката. Оправданоста на спроведувањето на оваа програма се потврдува со фактот што секоја година се откриваат случаи на карцином кај жени кои немале никакви знаци на болеста.

За успешно спроведена скрининг програма се смета доколку во период од 3 години се опфатат 75% од целната популација.

**2. Приоритети и цели**

Главна цел е да се намали инциденцата и смртноста на жените од рак на грлото на матката во Република Северна Македонија.

Специфични цели:

1. Зголемување на бројот на лица опфатени со организираниот скрининг;
2. Подигнување на свеста кај жените за важноста од редовни превентивни прегледи и вклученост во организираниот скрининг;
3. Зголемување на бројот на гинеколози вклучени во организираниот скрининг.

**3. Показатели на успешност**

Успешноста ќе се мери преку следните показатели на успешност:

- Број на анализирани ПАП тестови
- Број на лица со откриени клеточни абнормалности
- Број на лица со откриен рак на грлото на матката

Процес индикатори:

- Број на поканети лица
- Број на лица кои примиле покана и се јавиле на преглед
- Број на земени ПАП тестови
- Организација на прес конференција
- Број на настапи преку медиумите
- Број на организирани предавања и трибини
- Број на отпечатени пропагандни материјали
- Број на гинеколози вклучени во организираниот скрининг
- Број на гинеколози информирани за скринингот
- Број на гинеколошки ординации кои доставуваат извештаи
- Број на цитолошки лаборатории кои доставуваат извештаи
- Број на изготвени квартални и годишни извештаи

**4. Спроведување на процесот на следење, оценување и известување**

**Гинеколошките ординации вршат:**

- поканување на жените да се вклучат во организираниот скрининг во рамки на остварување ан превентивните цели
- преглед на жените со земање на материјал за ПАП тест за возрасна група од 36-45 години кои изразиле интерес во рамки на апликацијата креирана во елктронскиот систем Мој термин.
- доставување на материјалот до цитолошката лабораторија
- известување на жените за резултатот од ПАП тестот
- доставување на месечни/квартални извештаи до Центрите за јавно здравје.

**Цитолошките лаборатории вршат:**

- Припрема на материјалите (ПАП тест)
- Преглед на материјалот
- Издавање на извештај за секоја пациентка
- Доставување на месечни/квартални извештаи до Центрите за јавно здравје.

**Центрите за јавно здравје вршат:**

- Координација на активностите на локално ниво (контакти со гинеколошките ординации, цитолошките лаборатории)
- Прибирање на извештаи од гинеколошките ординации и цитолошките лаборатории и изготвување на квартални извештаи
- Дистрибуција на пропаганден материјал
- Одржување на предавања за важноста на скринингот
- Организација на активности во рамки на кампањата на локално ниво, со учество на стручни лица во локалните медиуми

**Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија врши:**

- Координација на сите активности поврзани со скринингот на локално и национално ниво
- Изготвување на квартални и годишен извештај

Изготвување на информативни/едукативни материјали, брошури, или користење на социјалните мрежи ќе се врши со поддршка на Фондот за население на обединети нации – УНФПА, Македонско лекарско друштво, Црвен крст на Република Северна Македонија во консулатција со Националната комисија за рана детекција и скрининг на рак на грло на матка во Република Северна Македонија.

**Табела број 1**

| Реден број | Вид на мерки | Извршители | Обем на активност | Цена по услуга (во денари) | Вкупно (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на Софтверски модули (изработка на портал за изразување на интерес за скрининг, закажување на скрининг, воведување на обрасци за упатување и за наод, модул за внесување на податоци кај гинеколог и во лабораторија, извештаи за следење на прогресот на скринингот) | Министерство за здравсто во соработка со Управата за електронско здравство - Мој термин | | | 600,000.00 |
| 2. | Активност на матични гинеколози (оние кои имаат потпишано договор со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија) за дополнителни трошоци за земање на ПАП тест на жени на возраст од 36-45 години | Матични гинеколози | Дополнителни трошоци за преглед и доставување на материјал на 25,000 жени | 200,00 | 5,000.000.00 |
| 3. | Партиципација за цитолошка анализа -активност за Цитолошките лаборатории во јавно здравствените установи и оние кои имаат потпишано договор со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за здравствената услуга читање на ПАП тест за жени на возраст од 36-45 години | Цитолошките лаборатории во јавно здравствените установи и оние кои имаат потпишано договор со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија | 25,000 жени | 60,00 | 1.500.000,00 |
| 4. | Контнуирана медицинска едукација на патолозите кои читаат ПАП тестови во рамки на скрининг на рак на грло на матка од сите ЈЗУ и ПЗУ кои имаат склучено договор со Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија | Институт за патологија во соработка со Македонско здружение за патологија и Националната комисија за рана детекција и скрининг на рак на грло на матка во Република Северна Македонија | | 1 | 500.000,00 |
| 5. | Контрола на кавлитет на Цитолошките лаборатории во ЈЗУ и ПЗУ кои имаат склучено договор со Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија | Институт за патологија во соработка со Македонско здружение за патологија и Националната комисија за рана детекција и скрининг на рак на грло на матка во Република Северна Македонија | | | 500.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Координација на скринингот од страна на 10-те Центри за јавно здравје | Центри за јавно здравје | 10 | 10,000.00 | 100,000.00 |
| 7. | Изработка на Национална студија за рак на грло на матка во Република Северна Македонија | Институт за епидемиологија и биостатистика - Медицински факултет | 1 | | 100,000.00 |
| 8. | Пилот скрининг за ХПВ тестирање (набавка на ХПВ тестови за пилот скрининг, анализа, повикување на жените) | ЈЗУ Универзитетска Клиника за Гинекологија и Акушерство-Скопје | Предвидени 800 тестирања | | 1,000,000.00 |
| 9. | Месечни и квартални извештаи за скрининг на рак на грлото на матката, за состојбата и постигнатите резултати, евалуација и мониторинг за 2022 година | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 4 | 30.000,00 | 120,000.00 |
| 10. | Активност со мобилната гинеколошка амбуланта | ЈЗУ Клиника за гинекологија и акушерство | 1 | | 500.000,00 |
| 11. | Активности поврзани со лекарите по семејна медицина поврзани со услугите за сексуално и репродуктивно здравје во Здравствените домови во Македонски Брод, Ресен, Делчево и Радовиш | Центар за семејна медицина – Медицински факултет | 1 | | 300.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | | | | **10.220.000,00** |

**5. Извршители на програмата**

- Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија
- Центри за јавно здравје
- Клинички болници и општи болници на ниво на цела држава
- Институт за патологија во соработка со Македонско здружение за патологија
- Цитолошки лаборатории со потпишан договор со Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за здравствена услуга читање на ПАП тест
- Матични гинеколози на ниво на цела држава
- Клиника за гинекологија и акушерство
- Родилишта во ЈЗУ на ниво на Република Северна Македонија
- Институт за епидемиологија и биостатистика
- Центар за семејна медицина – Медицински факултет
- Управа за електронско здравство.
- Фондот за население на обединети нации – УНФПА, Македонско лекарско друштво, Црвен крст на Република Северна Македонија во консулатција со Националната комисија за рана детекција и скрининг на рак на грло на матка во Република Северна Македонија.

**6. Мониторинг и евалуација**

Мониторинг и евалуација ќе спроведува Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија врз основа на базата на податоци која ја поседува за организиран скрининг и изготвување на периодични извештаи како сублимат од извештаите од Цитолошките лабораторији. Основна обврска на овластените извршители на оваа програма се континуирано внесување, праќање и ажурирање на податоците за организиран скрининг. Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе врши евалуација на сите активности на скринингот и доставување на извештаи, врз основа на показателите за успешност кои се јасно определени.

Националната комисија за рана детекција и скрининг на рак на грло на матка во Република Северна Македонија е одговорна за имплементација и реализација на активностите пропишани во табелата број 1.

II. ПИЛОТ СКРИНИНГ НА КОЛОРЕКТАЛЕН КАРЦИНОМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1. Цел на Програмата**

Целта на оваа програма е намалување на морбилитетот и морталитетот на населението во Република Северна Македонија од рак на дебело црево. Стратегијата за подобрување на раното откривање на ракот на дебело црево подразбира и подобра информираност на населението за значењето на раното откривање на ракот на дебелото црево и едукација на здравствениот кадар за самата програма.

Да се намали морталитетот со колоректален карцином за 20-30% што подразбира 200 спасени животи секоја година. Да се редуцира инциденцата на колоректален карцином за 20 %. Да се намалат за 300 случаи годишно на колоректален карцином. Да се зголеми пропорцијата на раниооткриени на колоректален карцином од 14% до повеќе од 50% за 10 години. Да се подобри квалитетот на живот на пациенти со колоректален карцином и да се намали трошокот за третман од заболени од колоректален карцином.

**Активности:**

**2. Спроведување на скринингот**

Скринирањето ќе се изведува со тестот за детекција на окултно крварење – ФОБ тест (Fecal Occult Blood Test – FOBT). Министерството за здравство ги набавува ФОБ тестовите и ги распоредува по пилот Центарот за јавно здравје Скопје според бројот на жители на подрачјето кое го покриваат. (Скопје 136.986)

Секој граѓанин на возраст од 50-70 години може да си го оставари правото на бесплатен ФОБ тест одејќи во пилот Центрите за јавно здравје . Секој пациент со негативен ФОБ тест треба да се јави за 2 години на повторно скринирање. Секој пациент со позитивен ФОБ тест треба да биде упатен на колоноскопија во јавно здравствена установа.

Исклучување од скрининг програмата ќе бидат направени кај:

1. Пациенти кои веќе се вклучени во дијагностички или терапевтски третмани за колоректален карцином
2. Пациенти со улцерозен колитис или Кронова болест и состојби кои можат да предизвикаат окултни крвавења и активни хемороидални крвавења
3. Пациенти кои претходно имаат отстрането аденоми со колоноскопија
4. Пациенти кои имаат направено колоноскопија во изминативе 3 години со доказ дека резултатите се уредни. Тие ќе бидат повикани да парцтиципираат по 2 години.
5. Пациенти кои одбиле да учествуваат во скрининг програмата

Центарот за јавно здравје ќе врши анализа на доставениот материјал со примена на ФОБ тестот за резултатот го известува пациентот и го упатува на консултација кај матичниот лекар.

На пациентите/семејствата со покачен ризик за заболување ќе бидат советувани и упатувани на колоноскопија од страна на матичните лекари.

- Координатор на скринингот ќе биде Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, кој ќе биде задолжен за координација на сите активности во државата, стручно методолошка помош на Центрите за јавно здравје, изготвување и водење на Регистер за колоректален карцином. Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе доставува до Министерството за здравство тромесечни извештаи и фактури за извршениот скрининг во Република Северна Македонија. Министерството за здравство ќе доставува финансиски средства и до извршителите – Центрите за јавно здравје.

Центрите за јавно здравје ќе бидат задолжени за координација на активностите на своето подрачје

Очекуваниот одзив на поканите за скрининг од вкупниот број на испитаници на возраст од 50-70 години е околу 10.000 испитаници, за кои ќе бидат потребни по 2 теста за испитаник.

**2.1. Министерство за здравство**

Министерството за здравство ќе врши стратешко планирање (кадар, опрема), координација и следење на целокупните активности поврзани со скринингот, набавка на ФОБ тестови и материјали и финансирање на активностите предвидени со програмата. Програмата за скрининг на рак на дебело црево ќе се спроведува под раководство на стручната комисија за спроведување на Програмата во Министерството за здравство, која ќе врши и стручен надзор на спроведување на скринингот, и ќе му предлага на министерот за здравство насоки за организација, координација и следење на Програмата.

**2.2. Управа за електронско здравство (УЕЗ)**

Управата за електронско здравство ќе направи подготовка на листа на пациенти кои треба да бидат повикани за да направат ФОБ тест. Листата ќе содржи податоци за пациентот и за неговиот матичен лекар. Управа за електронско здравство ќе ги испрати до матичните лекари изготвените листи на пациенти кои подлежат на скринирање.

Управата за електронско здравство ќе подготви софтверско решение или апликација за регистар за скрининг на рак на дебело црево, ќе изврши едукација за негова имплементација и користење и ќе соработува со координаторот во Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија за медицинските аспекти на подготовка на табеларни прегледи со индикатори за следење и реализација на скринингот.

**2.3. Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија**

Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, ќе ги организира и координира сите активности во државата, ќе дава стручно методолошка помош на Центрите за јавно здравје и ќе изготвува и води Регистар за колоректален карционоим. Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, ќе изготви стручни материјали за промоција на скрининг за рак на дебелото црево, ќе подготви стручни упатства за сите вклучени странки во спроведување на скринингот, ќе осмисли, дизајнира и печати постери и флаери за информирање на граѓаните.

Медиумска кампања за скрининг на ракот на дебелото црево, ќе реализира Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија и ќе доставува до Министерството за здравство тромесечни извештаи за извршениот скрининг во Република Северна Македонија.

Мониторинг и евалуација ќе спроведува Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија врз основа на базата на податоци за опортунистичкиот скрининг, која ќе биде сместена во Управата за електронско здравство. Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, заедно со Комисијата за изготвување на Акционен план за скрининг на колоректален карцином, ќе изготви Акционен план со предвидени активности и фази за успешно следење на скринингот за ракот на дебелото црево, во тековната и наредните години. Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, ќе изготвува годишна публикација за скрининг на колоректален карцином, за состојбата и постигнатите резултати во 2022 година.

**2.4. Центри за јавно здравје**

Центрите за јавно здравје ќе вршат прибирање на податоците од Приватните здравствени установи на матични лекари на месечно ниво и ќе доставуваат квартални извештаи до Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија. На локално ниво тие ќе вршат промотивни активности со цел зголемување на бројот на граѓани кои ќе бидат опфатени со скринингот.

**2.5. ПЗУ матични доктори**

Матичните лекари во примарната здравствена заштита, ќе ги информираат своите пациенти за можноста за скрининг и ќе ги советуваат да направат 3 последователни ФОБ тестови, давајќи им ФОБ тестови, упатство за употреба, и промотивен материјал. Ординацијата доставува месечни извештаи до Центрите за јавно здравје.

**2.6 Клиника за гастроентерохепатологија**

Клиника за гастроентерохепатологија ќе врши едукација на матичните лекари од примарната здравствена заштита за советување на пациентите за употреба на китовите за ФОБ тестовите, идентификација на пациентите со висок ризик како и за упатување до Центрите за јавно здравје.

**2.7. Известување**

Матичните доктори, доставуваат месечни извештаи до Центрите за јавно здравје најдоцна до седмиот ден по завршување на месецот. Центрите за јавно здравје подготвуваат збирни извештаи и најдоцна до 15 дена по завршување на кварталот доставуваат извештај до Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија. Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија најдоцна до 30 дена по завршување на кварталот/годината доставува збирни квартални и годишен извештај до Министерството за здравство.

**2.8 Препраќање на колоноскопија**

Секој пациент со позитивен ФОБ тест треба да биде упатен на колоноскопија во јавно здравствена установа (Клиника за гастроентерохепатологија или ГОБ 8 ми Септември). Управата за електронско здравство треба да овозможи посебни термини за пациентите со позитивен тест веднаш да се упатат до горенаведените јавно здравствени установи.

**3. Индикатори на спроведување на програмата**

3.1. Индикатори на процес на спроведување

- Број и процент на луѓе кои се поканети на тестирање
- Број и процент на луѓе која примиле поканата
- Број и процент на луѓе кај кои е направен ФОБ тест
- Број и процент на луѓе кои се исклучени согласно критериумите за исклучување
- Број и процент на луѓе кои одбиле да го направи ФОБ тест
- Број и процент на луѓе кои го земале резултатот
- Број и процент на неадекватни тестови

3.2.Индикатори на успешност на спроведување на скринингот се:

- Број и процент на опфатени лица со Програмата
- Број и процент на направени ФОБ тестови
- Број и процент на адекватно направени ФОБ тестови:
- Број и процент на позитивни тестови
- Број и процент на негативни тестови
- Број и процент на лица препратени на колоноскопија

**4. Финансирање на програмата**

**Активности и финансирање на пилот скрининг на колоректален карцином во Република Северна Македонија**

4.1.Министерство за здравство, Управа за елетронско здравство, Институт за епидемиологија и биостатистика, Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и Клиника за гастроентерохепатологија

**Табела број 2**

| Ред. број | Вид на активноста | Одговорна институција | Количина | Количина и цена (во денари) | Вкупен буџет (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Подготовка на табеларни прегледи за известување | Управа за елетронско здравство | 4 (квартални) | 15.000,00 | 60.000,00 |
| 2. | Ситуациона анализа - Изработка на ситуациона анализа за начинот на спроведување на скринингот за колоректален карцином | Институт за епидемиологија и биостатистика, Управа за електронско здравство, Министерство за здравство | 1 | 300.000,00 | 300.000,00 |
| 3. | Организирање на едукативни работилници за внес на податоци во софтверот | Управа за елетронско здравство | 2 | 10.000,00 | 20.000,00 |
| 4. | Изработка на Национална студија за рак на дебело црево во Република Северна Македонија | Институт за епидемиологија и биостатистика, Управа за електронско здравство, Министерство за здравство | 1 | 100.000,00 | 100.000,00 |
| 5. | Клиника за гастроентерохепатологија ќе врши едукација на матичните лекари од примарна здравствена заштита за советување на пациентите за употреба на китовите за ФОБ тестовите, идентификација на пациентите со висок ризик како и за упатување до Центрите за јавно здравје. | Клиника за гастроентерохепатологија | 10 | 30.000,00 | 300.000,00 |
| 6. | Координација на пилот скринингот за колоректален карцином со Центар за јавно здравје Скопје и со Клиника за гастроентерохепатологија и здруженија на избрани лекари на ниво на Република Северна Македонија | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 12 | 6.000,00 | 72.000,00 |
| 7. | Осмислување , подготовка и печатење на промотивен материјал (постери, флаери, упатства за употреба на ФОБ-тестови за пациенти, упатство за работа на здравствениот персонал) | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 1 | 30.000,00 | 30.000,00 |
| 8. | Кампања за промоција на скрининг за колоректален карцином | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 1 | 30.000,00 | 30.000,00 |
| 9. | Квартални извештаи за скрининг на колоректален карцином за состојбата и постигнатите резултати | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 4 | 20.000,00 | 80.000,00 |
| 10. | Центар за јавно здравје Скопје координација на скринингот со матичните доктори на ниво на град Скопје | Центар за јавно здравје Скопје | 4 | 10.000,00 | 40.000,00 |
| 11. | Анализа на ФОБ тест, известување и внес на податоци во софтвер | Центар за јавно здравје Скопје | 13.000 | 100,00 | 1.300.000,00 |
| 12. | Изготвување на квартални извештаи до Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија | Центар за јавно здравје Скопје | 4 | 30.000,00 | 120.000,00 |
| 13. | Давање на ФОБ тест на прикрепениот пациент, советување за негова употреба и упатување во Центар за јавно здравје Скопје за проверка на тестот, изработка на месечен извештај и испраќање до Центар за јавно здравје Скопје и препраќање на пациентите на понатамошни иследувања | Матични доктори | 13.000 | 60,00 | 780.000 |
| | **Вкупно** | | | | **3.232.000,00** |

Финансиски средства за реализација на скрининг на колоректалниот карцином (КРК) Министерството за здравство ќе ги распределува средствата на јавните здравствените установи и извршители на активностите за реализација на скринингот на колоректален карцином, врз основа на доставени фактури и извештаи, по завршена и реализирана активност.

**5. Извршители на програмата**

- Министерство за здравство
- Управа за електронско здравство
- Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија
- Институт за епидемиологија и биостатистика
- Клиника за гастроентерохепатологија
- Пилот Центар за јавно здравје Скопје
- Матични доктори во пилот регионите

**6. Мониторинг и евалуација**

Мониторинг и евалуација се планира да спроведува Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија врз основа на базата на податоци која ја поседува за скрининг и изготвување на периодични извештаи како сублимат од извештаите од Пилот Центар за јавно здравје Скопје. Овластените извршители на Програмата се грижат за континуирано внесување, праќање и ажурирање на податоците за организиран скрининг. Краткорочната проценка на успешноста на спроведување на Програмата се вреднува со одзивот на населението, брзината на известување за позитивен наод и упатување на колоноскопија, каков е односот према понатамошните испитувања на лицата кај кој е најден позитивен тест. Долгорочна проценка на спроведување на Програмата се однесува на намалување на стапката на морталитет, морбилитет и инциденца.

Индикатори на следење на Програмата се: ниска стапка на популација заболена од рак на дебело црево, број на извештаи за направени превентивни прегледи предвидени со Програмата, број на едуцирани здравствени работници, број на здравствени установи кои се опремени за спроведување на систематски прегледи. Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе врши евалуација на сите активности на скринингот и доставување на извештаи, врз основа на показателите за успешност кои се јасно определени.

Национална комисија за рана детекција и скрининг на рак на дебело црево во Република Северна Македонија е одговорна за имплементација и реализација на активностите пропишани во табелата број 2.

## III. ПРОМОТИВНА КАМПАЊА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РАНО ОТКРИВАЊЕ НА КАРЦИНОМ НА ПРОСТАТА

**1. Вовед**

Карциномот на простата е најчест вид на рак меѓу машката популација. Главен ризик фактор е возраста. Ризикот е поголем доколку еден или повеќе членови во семејството имале карцином на простата. За рана детекција на рак на простата потребно е секој маж над 50 години да направи ПСА тестирање со ректално туше.

Бројот на новорегистрирани пациенти во Република Северна Македонија за 2020 година е во пораст. За таа цел Министерството за здравство ќе организира кампања за подигнување на свеста кај машката популација за превенција и рано откривање на ракот на простата, во насока матичните лекари да им препорачуваат на сите мажи на возраст од 50-55 години и оние со фамилијарен ризик од 40-50 години да направат превентивни прегледи на секундарно и терциерно ниво.

**Табела број 3**

| Ред. број | Вид на активноста | Одговорна институција | количина | износ | Вкупен буџет (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изготвување на едукативни/информативни материјали, | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 1 | 10,000,00 | 10,000,00 |
| 2. | Изработка на Национална студија за рак на простата во Република Северна Македонија | Институт за Епидемиологија и Биостатистика – Медицински факултет и Управа за електронско здравство | 1 | 100.000,00 | 100.000,00 |
| 3. | Организација на прес конференција | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, Универзитски Клиники | 1 | 20.000,00 | 20.000,00 |
| 4. | Организирање на предавања, трибини во разни средини | 10- те Центри за јавно здравје | 10 | 10.000,00 | 100.000,00 |
| 5. | Организација на превентивна кампања за подигнување на свеста кај машката популација за превенција и рано откривање на ракот на простата, | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, Универзитски Клиники | 1 | 30.000,00 | 30.000,00 |
| | **Вкупно** | | | | **260.000,00** |

IV. ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАМОГРАФСКИ СКРИНИНГ ЗА РАНА ДЕТЕКЦИЈА НА КАРЦИНОМ НА ДОЈКА

Ракот на дојката е најчесто малигно заболување кај жените во светот и во Република Северна Македонија. Во просек, секоја осма жена во својот животен век ќе се соочи со оваа болест. Воедно ракот на дојката е водечка причина за смртност  и претставува  глобален проблем. Но, со  детекција и откривање на болеста во рана фаза, се намалува смртноста и до 30%. Единствена докажана метода за рана детекција е мамографијата која може да го детектира карциномот во негова предклиничка фаза. Во повеќе од 30 земји во светот постојат организирани национални програми за рано откривање на рак на дојка т.н скрининг што подразбира редовни мамографски прегледи на одреден временски интервал на жени на  одредена возраст, кои се навидум здрави, односно немаат клинички симптоми на рак на дојка.

Примарна цел на раната детекција (скрининг) е намалување на смртноста од рак на дојката,подобрување на квалитетот на животот на пациентката и намалување на потребата од радиотераписки и онколошки третмани. Поради тоа Министерството за здравство,  следејќи ги препораките на Европска Унија, Светската Здравствена организација, како и  примерите на повеќето земји во Европа, САД, Канада и Австралија, во април 2015 година започна да спроведува организиран скрининг.

**1. Приоритети и цели**

**Главна цел**

Детекција на карцином на дојка во ран стадиум на жените во Република Северна Македонија, преку спроведување на скринингот, а следејќи ги европските препораки за спроведување на организиран скрининг.

**Дополнителни цели**

- Подигање на свеста на  жената за значењето на редовните преглед и раното откривање на карциномот;
- Зајакнување на капацитетот на здравствените установи за спроведување на скрининг во поглед на кадар и опрема;
- Надградба на системот за собирање и обработка на податоци за скринингот;
- Воведување на контрола на квалитетот на услугите во спроведување на скринингот;
- Формирање на Центар за континуирана едукација и обука за технолози и радиолози и воведување на практика за континуирана анализа на вештините на технолозите и на поставените радиолошки дијагнози;
- Проширување на скрининг програмата во мамографските центри кои што ги исполнуваат критериумите за квалитет на апаратурата и стручната подготвеност на персоналот.

**2. Показатели на успешност**

Индикатори на успешност на спроведување на главната цел се:

- број на извршени снимања
- број на поканети жени во однос на вкупниот број на жени во старостниот интервал за скринининг (50 – 69 год)
- број на жени кои се јавиле на преглед  и на кои што им е направено снимање
- број на жени кои што се повикани на дополнителни м едицински испитувања
- број на жени со позитивен наод
- број на жени со позитивен наод во ран стадиум
- Извештај за техничкиот и дијагностичкиот квалитет на сликите
- Извештај за перформансите на мамографската апаратура и испорачаните радијациони дози на пациентите.

**3. Финансирање на активностите и извршители**

Табела број 4

| Ред. број | Активност | Извршител | Вкупен буџет (во денари) |
|---|---|---|---|
| 1. | Организација на скриниг програмата во делот на повикување на жени и доставување на одговори и центар за комуникации | Министерство за здравство, Управа за електронско здравство | 1.000.000,00 |
| 2. | Набавка на ПАКС - Вмрежување на мамографски центри | Министерство за здравство | 1.000.000,00 |
| 3. | Евалуација на скрининг програмата за рак на дојка - Анализа на клучни индикатори за квалитет на имплементација на скринингот за рак на дојка | Институт за Епидемиологија и Биостатистика – Медицински факултет | 300.000,00 |
| 4. | Мамографски активности (снимање,читање, супервизија) | Сите јавно здравствени установи кои имаат услови за мамографски скрининг | 4.200.000,00 |
| 5. | Контрола на квалитет на сите мамографски центри во јавно здравствени установи (Експерти од Природно математички факултет ќе вршат секојдневна контрола на квалитетот на сликите, перформансите на мониторите и следење на дозите на пациентите ( преку online софтвер) ќе прават годишни тестирања и ќе доставуваат извештаи за сите мамографските кабинети кои што учествуваат во скринингот и кабинетите кои што дополнително ќе бидат вклучени во програмата) | Природно математички факултет, Скопје – Национален центар за обезбедување на квалитет и регистрирање на дозите на пациентите | 200.000,00 |
| 6. | Подигање на свеста за скрининг на рак на дојка организација на прес конференција, настапи на стручни лица преку медиумите, организирање на предавања, трибини во разни средини | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 60.000,00 |
| 7. | Изработка на промотивен материјал (подготовка на стручниот материјал од експерти, печатење на плакати, брошури) | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 60.000,00 |
| .8. | Изготвување на табеларни прегледи (Подготовка на табеларни прегледи за изготвување на релативни податоци и индикатори) | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 30.000,00 |
| 9. | Изработка на 4 квартални извештаи (изработка на квартални извештаи со анализа на состојбите од извршениот скрининг во секој квартал) | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 60.000,00 |
| 10. | Изработка на Годишен извештај за резултатите од спроведениот скрининг во 2022година (изработка на индикаторите; стручна анализа на состојбите) | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 30.000,00 |
| 11. | Изработка на Национална студија за ракот на дојката во Република Северна Македонија | Институт за Епидемиологија и Биостатистика – Медицински факултет и Управа за електронско здравство | 100.000,00 |
| 12. | Едукација на читачи и едукација на лидери на тимовите (број на одржани едукативни работилници за читачи во мамографскиот скрининг и број на обучени читачи, број на одржани едукации на лидери на тимови и број на обучени лидер на тимови) | ЈЗУ Клиника за радиологија, ЈЗУ Градска Општа Болница 8 Септемеври, ЈЗУ Универзитетска Клиника по хирушки болести | 96.000,00 |
| 13. | Анализа на биопсии од суспектни лезии добиени во при скринингот | Патолошки лаборатории во јавно здравствените установи | 300.000,00 |
| | **Се вкупно** | | **7.436.000,00** |

Националната комисија за рана детекција и скрининг на рак на дојка и негово соодветно третирање во Република Северна Македонија е одговорна за имплементација и реализација на активностите пропишани во табелата број 4.

V. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РАНА ДИЈАГНОСТИКА НА ХЕПАТОЦЕЛУЛАРНИОТ КАРЦИНОМ ВО РАМКИТЕ НА НОВООТВОРЕНИОТ ЦЕНТАР ЗА БОЛЕСТИ НА ЦРН ДРОБ

Во рамките на Европскиот план за борба против ракот, оваа година акцент беше ставен на хепатоцелуларниот карцином како трета најчеста причина за смртност од малигна болест во светот. Во нашата земја исто така беше покрената иницијатива за активно вклучување на сите засегнати страни кои ќе превземат активности кон справување со целокупниот третман на болеста. Сето тоа резултираше со потпишување на “1ва Национална Декларација за рак на  црниот дроб како дел од Европскит план  за борба против ракот” во јули оваа година. Со оваа декларација се обединија сите засегнати страни на еден мултидисциплинарен пристап со цел развивање на сеопфатен национален план за превенција и контрола на црнодробниот карцином, а во согласност со Европскиот план за борба против ракот.

Засегнати страни кои се вклучени во реализација на националниот план се: Министерството за здравство на Република Северна Македонија,  ЈЗУ Универзитетска Клиника за Гастроентерохепатологија, ЈЗУ Универзитетска Клиника за Радиотерапија и Онкологија, ЈЗУ Универзитетска Клиника за Инфективни болести и фебрилни состојби, ЈЗУ Универзитетска Клиника за Дигестивна Хирургија, ГОБ  8ми Септември – одделот за интервентна радиологија, Хепар Центар Битола, а истиот  е структуриран околу четири клучни акциони области каде што ЕУ и СЗО Европа можат да дадат најголем придонес: (1) превенција; (2) рано откривање; (3) дијагноза и третман; и (4) квалитетот на животот на пациентите со рак.

Согласно своите надлежности, ЈЗУ Универзитетска Клиника за Гастроентерохепатологија активно се вклучува во реализација на единствена национална стратегија, со развивање на програма за превенција и рана дијагностика на хепатоцелуларниот карцином во рамките на новоотворениот Центар за болести на црн дроб.

Преку Центарот за болести на црн дроб, ќе се овозможи реализација на нашата цел, која се состои во навремена детекција на пациентите кои имаат ран стадиум на црнодробна болест, нивно редовно следење преку ултразвучни прегледи на секои 6 месеци, редовна контрола на маркерите за рана детекција на хепатоцелуларниот карцином, одредување на стадиумот на фиброза со помош на неинвазивна метода еластографија и нивно активно лекување со што ќе се спречи прогресијата на црнодрбната болест кон понапреден стадиум и превенција на појава на црнодробен карцином. За реализација на оваа цел потребна е блиска соработка со семејните лекари, првично преку организирани семинари, со кои поблиску ќе бидат информирани за можностите на нашиот Центар за болести на црн дроб, но во исто време и за важноста на рана детекција на фактори кои доведуваат до заболувања на црниот дроб, како што се алкохолизмот, обезноста, наркоманијата и сл.

**Табела број 5**

| Ред. број | Активност | Извршител | Вкупен буџет (во денари) |
|---|---|---|---|
| 1 | Активности  на Центарот за болести на црн дроб | ЈЗУ Универзитетска Клиника за Гастроентерохепатологија | 500.000,00 |
| | **Се вкупно** | | **500.000,00** |

VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА:

ЗБИРНА ТАБЕЛА

**Табела број 6**

| Ред. број | Активност | Финансиски средства (во денари) |
|---|---|---|
| 1. | Скрининг за превенција и рано откривање на карцином на грло на матката | 10.220.000,00 |
| 2. | Пилот скрининг на колоректален карцином во Република Северна Македонија | 3.232.000,00 |
| 3. | Промотивна кампања за превенција и рано откривање на карцином на простата | 260.000,00 |
| 4. | Организиран мамографски скрининг за рана детекција на карцином на дојка | 7.436.000,00 |
| 5. | Активности за превенција и рана дијагностика на хепатоцелуларниот карцином во рамките на новоотворениот Центар за болести на црн дроб | 500.000,00 |
| 6. | Неизмирени обврски по програма за 2018-2021 | 3.922.000,00 |
| | ВКУПНО: | 25.570.000,00 |

Активностите предвидени со оваа програма ќе се реализираат во обем на средствата одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година во висина од 25.570.000,00 денари. Распределбата на средствата по оваа програма ќе ја врши Министерството за здравство на јавните здравствените установи, приватни здравствени установи кои имаат потпишано договор со Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и други извршители на активностите наведени во Програмата, врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

VII. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.40-12942/1-21
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**367.**

Врз основа на член 16 став (1) точка 10 и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИНСУЛИН, ГЛУКАГОН, ИНСУЛИНСКИ ИГЛИ, ЛЕНТИ ЗА МЕРЕЊЕ ШЕЌЕР И ЕДУКАЦИЈА ЗА ТРЕТМАН И КОНТРОЛА НА ДИЈАБЕТЕСОТ ЗА 2022 ГОДИНА**

Во Република Северна Македонија, Diabetes mellitus претставува едно од најчестите за¬¬болувања и според податоците од Националниот систем за електронски евиденции од областа на здравството – Мој Термин дијагностицирани се околу 85,000 пациенти со дијабетес мелитус.

**1. Diabetes mellitus - тип 1** Овој вид на дијабетес е вообичаено се јавува на помлада возраст и застапен кај околу 3000 лица.

**2. Diabetes mellitus - тип 2** опфаќа 96% од сите дијагностицирани случаи од кои 47% се на инсулинска терапија, а останатите користат орална антидијабетична терапија.

I. СОСТОЈБА СО ИНСУЛИН ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во состав на ЈЗУ постојат Кабинети за дијабетес (вкупно 41), кои се во состав на универзитетски клинки, клинички болници, општи болници и здравствени домови.

Бројот на регистрирани лица со дијабетес кои се на инсулинска терапија во моментов во Република Северна Македонија е 40.000 од кои 3,000 се лица со тип 1 дијабетес и 37.000 со тип 2. Овој број секоја година расте. Согласно податоците од Интернационалната Дијабетолошка Федерација вкупната преваленца (дијагностициран и недијагностициран) на дијабетесот изнесува 9.8% од населението на возраст од 25-70 години.

II. ПРЕДНОСТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНАТА ЦЕНТРАЛИЗИРАНА ЈАВНА НАБАВКА НА ИНСУЛИН

Министерството за здравство ја спроведува Програмата за обезбедување на инсулин за 2022 година преку придржување до измените на Законот за здравствена заштита во делот за дијабетес мелитус, активностите на Националната комисија за дијабетес, интегрирањето на грижата за дијабетесот во МојТермин, Националното упатство за третман на дијабетес мелитус тип 2, како и останатите упатства за третман на дијабетес мелитус, контролите на лице место во инсулинските аптеки, контрола на залихите на инсулини редовните состаноци со докторите, фармацевтите и медицинските сестри вклучени во процесот на издавање на инсулинот.

III. ПОТРЕБНИ ТИПОВИ И КОЛИЧИНИ НА ИНСУЛИН, ГЛУКАГОН, ИНСУЛИНСКИ ИГЛИ, ЛЕНТИ ЗА МЕРЕЊЕ ШЕЌЕР И ЕДУКАЦИЈА ЗА ТРЕТМАН И КОНТРОЛА НА ДИЈАБЕТЕС ЗА 2022 ГОДИНА

**1.Финансиски средства кои се потребни за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќерот во крвта за 2022 година.**

Износот на финансиски средства кои се потребни за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќерот, потрошен материјал за инсулински пумпи за 2022 година се 844.655.000,00денари.

| | АТЦ код | Генеричко име | единечна мера | јачина | количина единечна мерка за период од две години | количина пенкала период од една година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | A10AB01 | Human insulin со кратко дејство | наполнето инјекциско пенкало/патрон 3mL | 100 IE/mL | 60000 пенкала /патрон | 30.000 |
| 2 | A10AB05 | fast acting insulin aspart (со брзо ултра дејство) | наполнето инјекциско пенкало/патрон 3mL | 100 E/mL | 355.000 патрон/ пенкало | 177.500 |
| 3 | A10AB05 | fast acting insulin aspart (со брзо ултра дејство) | вијала10 mL | 100 E/mL | 3100 вијали | 1550 |
| 4 | A10AB06 | Insulin glulisine | наполнето инјекциско пенкало/патрон 3mL | 100 E/mL | 130000 пенкало/ патрон | 65.000 |
| 5 | A10AB04 | Insulin lispro | наполнето инјекциско пенкало/патрон 3mL | 100 E/mL | 31000 пенкало /патрон | 15.500 |
| 6 | A10AD01 | Инсулини и аналози за инјектирање, средно- или долго дејствувачки комбиниран со брзо-дејствувачки insulin human (70/30 или 75/25) | наполнето инјекциско пенкало /патрон 3mL | 100 E/mL | 1100000 пенкало /патрон | 550.000 |
| 7 | A10AD05 | Инсулини и аналози за инјектирање, средно- или долго дејствувачки комбиниран со брзо-дејствувачки insulin aspart (70/30) | наполнето инјекциско пенкало /патрон 3mL | 100 E/mL | 900.000 пенкало /патрон | 450.000 |
| 8 | A10AD06 | Инсулини и аналози за инјектирање, средно- или долго дејствувачки комбиниран со брзо-дејствувачки insulin aspart (70/30) | наполнето инјекциско пенкало /патрон 3mL | 100 E/mL | 400000 пенкало /патрон | 200.000 |
| 9 | A10AD04 | Инсулини и аналози за инјектирање, средно- или долго дејствувачки комбиниран со брзо-дејствувачки insulin lispro (75/25) | наполнето инјекциско пенкало /патрон 3mL | 100 E/mL | 210000 пенкало /патрон | 105.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | A10AD04 | Инсулини и аналози за инјектирање, средно- или долго дејствувачки комбиниран со брзо-дејствувачки insulin lispro (50/50) | наполнето инјекциско пенкало /патрон 3mL | 100 E/mL | 55000 пенкало /патрон | 27.500 |
| 11 | A10AC01 | Human insulin (со средно дејство) | наполнето инјекциско пенкало /патрон 3mL | 100 IE/mL | 700000 пенкало /патрон | 350.000 |
| 12 | A10AE04 | Insulin glargine 100E/mL | наполнето инјекциско пенкало/ патрон 3mL | 100 E/mL | 350000 пенкало /патрон | 175.000 |
| 13 | A10AE04 | Insulin glargine 300E/mL | наполнето инјекциско пенкало/патрон 1,5mL | 300 E/mL | 18000 пенкало /патрон | 9.000 |
| 14 | A10AE04 | Insulin Glargine biosimilar | наполнето инјекциско пенкало/ патрон 3mL | 100 E/mL | 30000 пенкало /патрон | 15.000 |
| 15 | A10AE06 | Insulin degludec | наполнето инјекциско пенкало/ патрон 3mL | 100 E/mL | 490000 пенкало /патрон | 245.000 |
| 16 | A10BJ03 | Lixisenatide | / | / | за 80 пациенти | 960 кутии |
| 17 | A10BJ06 | semaglutide | наполнето инјекциско пенкало со игли | | за 800 пациенти | 11.050 пенкало/кутија |
| 18 | A10BH01 | Sitagliptin | / | / | за 150 пациенти | 1800 кутии |
| 19 | A10BH02 | Vildagliptin | / | / | за 100 пациенти | 1200 кутии |
| 20 | A10BX12/ A10BK03 | Empagliflozin | / | / | за 500 пациенти | 6000 кутии |
| 21 | H04AA01 | Glucagon | наполнето инјекциско пенкало + вијала | 1 mg | 2000 вијали | 1000 вијали |
| 22 | A10AE56 | Insulin decludeg/liraglutide | наполнето инјекциско пенкало/ патрон 3mL | 100E+3,6мг/мл | 100 пациенти | 1550 кутии |
| 23 | Инсулински игли 4 мм со силиконска површина | | парче | количина за 2022 година | | **1.000.000** |
| 24 | Инсулински игли 6мм со силиконска површина | | парче | количина за 2022 година | | **3.500.000** |

Ленти за мерење на шеќер во крв

Со Програмата за 2022 година потребно е да се обезбедат и ленти за мерење на шеќерот во крвта. Во Програмата се предвидени 125 ленти месечно за секој пациент со дијабетес тип 1 . За лицата со дијабетес тип 2 предвидени се 350 ленти годишно.

**Ленти за мерење шеќер**

| Бр. | Ленти за мерење гликемија | единечна мера | количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Ленти за мерење на гликемија за глукометри за пациенти со дијабетес мелитус тип 1 | лента | 6,000,000 |

| Бр. | Ленти за мерење гликемија | единечна мера | количина |
|---|---|---|---|
| 2 | Ленти за мерење на гликемија за глукометри за пациенти со дијабетес мелитус тип 2 | лента | 12,750,000 |

Во програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2022 година е предвидено снабдување на пациенти со дијабетес тип 1, согласно медицината базирана на докази и важечките прописи, со инсулински пумпи и потрошни материјали.

| | Потрошен материјал за инсулински пумпи | Паковање |
|---|---|---|
| 1 | Инфузиски сет (9/6 мм канила и 109/58 цм пластичноцрево,А 1/10 | 2.900 |
| 2 | Резервоар за инсулин (1.8/3.0 мл) А 1/10 | 2.900 |
| 3 | Сензор за гликозно мониторирање со агол од 90 степени | 500 |
| 4 | Систем за континуирана испорака на инсулин | 35 |
| 5 | Систем линк за поврзување со сензор | 15 |

**2.Камп за едукација на деца со дијабетес–185.000,00 денари**

Кампот е во организација на ЈЗУ УК за детски болести. Целта на кампот е едукација на лица со дијабетес тип 1 кај кои не е постигната добра гликорегулација, како и кај лица со дијабетес каде е потребно интервенција во терапијата. Основната идеја е преку едукативни сесии да бидат опфатени сите аспекти на дијабетес како што се прифаќање на состојбата, учење за правилна исхрана, физичка активност, подесување на доза на инсулин и секојдневно живеење со дијабетесот.

**3. Едукација за исхрана и физичка активност на високообразовни установи, средни и основни училишта- 60.000,00 денари.**

Предвидено е одржување на едукативнио сесии по основни и средни училишта со учениците и студентите од страна на специјалисти. Едукацијата се состои од т.н. структурирани едукативни сесии (дијабетес, хипогликемија, хипергликемија, инсулин, подесување на инсулинска доза за време на болести, физичка активност, исхрана, бременост, алкохол), спортски активности како и културни социјални настани. На овој начин се овозможува интервенција во иднината на младите, каде ќе се заштити нивното здравје. Едукацијата е во организација на Министерство за здравство во соработка со ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички болести - Скопје.

**4. Изработка на брошури и флаери за дијабетес-100.000,00 денари**

Изработка на брошури и флаери во боја со симптоми за хипогликемија и хипергликемија (ниско ниво на шеќерот во крвта и високо ниво на шеќерот во крвта), како би им се олеснило на лицата со дијабетес полесно да научат да ја препознаваат состојбата на хипогликемија и на хипергликемија. Симптомите треба да бидат означени сликовито и со детален опис и како да се препознае кој симптом индицира хипогликемија, а кој хипергликемија. Изработка на брошура (џебно издание) каде што би се наброиле сите прехрамбени артикли достапни на пазарот на Република Северна Македонија, па и пошироко со тоа кој колку јаглени хидрати содржи и како делува врз нивото на шеќер во крвта. Брошурата е замислена да биде џебно издание како би можел секој оној што има дијабетес да може да ја носи со себе, секаде и во секое време.

Изработката е во организација на Министерство за здравство во соработка со ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички болести-Скопје

| | Рекапитулар | *Денари* |
|---|---|---|
| 1 | Финансиски средства кои се потребни за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќерот во крвта за 2022 година | 844.655.000,00 |
| 2 | Камп за едукација на деца со дијабетес | 185.000,00 |
| 3 | Едукација за исхрана и физичка активност на високообразовни установи, средни и основни училишта | 60.000,00 |
| 4 | Изработка на брошури и флаери за дијабетес | 100.000,00 |
| | Вкупно потребни средства од Буџетот на Република Северна Македонија | 845.000.000,00 |

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-12948/1-21
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**368.**

Врз основа на член 16 став (1) алинеја 8 и став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА БОЛНИ КОИ СЕ ТРЕТИРААТ СО ДИЈАЛИЗА И АКТИВНОСТИ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ СО ХЕМОФИЛИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

1. БОЛНИ СО ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА ИНСУФИЦИЕНЦИЈА И НИВНО ТРЕТИРАЊЕ СО ДИЈАЛИЗА

Пациентите со хроничната бубрежна инсуфициенција се лекуваат со хемодијализа за нивно оспособување за вршење на секојдневните активности.

**1.1. Обезбедување на лекување на најмногу 20 пациенти од Република Албанија, како итни случаи за хемодијализа во траење од еден циклус, за една година во ЈЗУ Завод за нефрологија Струга кои се опфатени со Спогодбата меѓу македонската Влада и албанската Влада за соработка во областа на здравството и медицинските науки.**

Извршители: ЈЗУ Специјализирана болница за нефрологија-Струга

Индикатор: број на пациенти на хроничен хемодијализен третман

Рок на извршување: континуирано

**1.2.Покривање на трошоци за дијализа на лица без здравствено осигурување.**

Со оваа активност се покриваат трошоците за хроничен дијализен третман и хемодијафилтрација за лица кои во периодот на отпочнување на хемодијализниот третман немаат здравствено осигурување во временски период од максимум 60 дена, кој е доволен за регулирање на здравственото осигурување.

Извршители:центри за хемодијализен третман
Индикатор: број на пациенти со покриени трошоци за хроничен хемодијализен третман
Рок на извршување: континуирано

**1.3 Спроведување на вакцинација и ревакцинација за сите пациенти на хемодијализа согласно протоколот за вакцинација на пациентите на хемодијализа**

1.3.1 Набавка на Хепатит Б адулт вакцини од страна на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола за потребите на 10-те центри за јавно здравје;
Извршител: ЈЗУ Центар за јавно здравје - Битола
Рок на извршување: мај 2022
Индикатор: склучени договори по спроведена постапка за јавна набавка и записник од прием на вакцини
1.3.2 Спроведување на вакцинација и ревакцинација за сите пациенти на хемодијализа согласно протоколот за вакцинација на пациентите на хемодијализа
Извршител: 10-те центри за јавно здравје
Рок на извршување: континурано
Индикатор: извештај за број на пациенти на хемодијализа вакцинирани/ ревакцинационирани со Хепатит Б вакцина.

2. ПРЕВЕНЦИЈА НА КОМПЛИКАЦИИ КАЈ ЛИЦАТА СО ХЕМОФИЛИЈА

2.1 Хемофилија А и хемофилија Б се наследни заболувања кои настануваат заради неспособноста на организмот да создава т.н. фактор VIII или фактор IX во доволни количини. Доколку овие лица адекватно и навремено не се лекуваат, кај нив може да настанат сериозни компликации.

Покрај активностите за лекување на лицата со хемофилија, потребен е и интегративен и сеопфатен пристап. Целта е подобрување на состојбата на овие лица преку рано препознавање и навремено лекување, нивна едукација и едукација на нивните семејства и други активности. Затоа Центарот за хемофилија при ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина (ЈЗУ ИТМ) како Центар за сеопфатна грижа, заедно со граѓанските здруженија ги проширува досегашните активности.

2.2 Планирани активности за унапредување на грижата за лицата со коагулопатии во 2022 година, за која е неопходна координација помеѓу Министерството за здравство, Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за хематологија, ЈЗУ УК за детски болести и граѓанските здруженија на лица со коагулопатии.

2.2.1 Спроведување на анкети помеѓу здравствените работници, според што потоа ќе се организираат работилници со здравствени работници од примарна и секундарна здравствена заштита.

2.2.2 Спроведување на анкети со граѓаните како би можело да се процени нивното познавање на коагулопатиите и според тоа да се креира кампања за подигање на јавната свест.

2.2.3 Организирање на работилници со заедничко учество на Министерството за здравство, Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за хематологија, ЈЗУ УК за детски болести и граѓанските здруженија на лица со коагулопатии.

2.2.4 Спроведување на епидемиолошко и клиничко истражување за здравствениот статус и работната способност кај лицата со хемофилија и останати вродени нарушувања на системот за коагулација, како и примена на индивидуални здравствено-промотивни активности.

2.2.5 Превентивни кардиоваскуларни прегледи за возрасните лица со хемофилија и останати коагулопатии. Активностите треба да бидат спроведени во соработка помеѓу, Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за кардиологија, ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија и граѓанските здруженија на лица со коагулопати.

Извршители: Центарот за хемофилија при ИТМ, ЈЗУ УК за кардиологија, ЈЗУ УК за хематологија, ЈЗУ УК за детски болести, ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија и граѓанските здруженија на лица со коагулопати.

Индикатор: број на спроведени анкети, број на спроведени едукативни работилници за здравствени работници, број на едукативни работилници за компликациите од коагулопатиите и број на превентивни кардиоваскуларни прегледи за возрасните лица со коагулопатии.

Рок на извршување: Квартално

3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Оваа програма ќе се реализира во обем и содржина во вкупен износ од 6.000.000,00 денари, согласно одобрените средства од основниот буџет во висина од 1.000.000,00 денари и 5.000.000,00 денари од буџетот на самофинансирачки активности. Распределбата на финансиските средства по планирани активности и извршители, прикажани се во Табела број 1.

Табела број 1

| Вид на активост | Потребни финансиски средства (ден.) | Извршител |
|---|---|---|
| 1.1 Потребни средства за дијализа на пациенти опфатени со Спогодбата меѓу македонската Влада и албанската Влада за соработка во областа на здравството и медицинските науки | 1.500.000,00 | ЈЗУ Завод за нефрологија Струга |
| 1.2 Покривање на трошоци за хемодијализа и хемодијафилтрација на лица без здравствено осигурување до најмногу 60 дена | 1.900.000,00 | Хемодијализни центри |
| 1.3.1 Набавка на 3000 дози Хепатит Б адулт вакцини | 2.050.000,00 | ЈЗУ ЦЈЗ Битола за потребите на 10-те центри за јавно здравје; |
| 1.3.2 Покривање на трошоци за спроведување на вакцинација и ревакцинација за сите пациенти на хемодијализа согласно протоколот за вакцинација на пациентите на хемодијализа | 300.000,00 | 10-те Центри за јавно здравје |
| 2. Превенција на хемофилија по пат на едукативни активности (семинари,флаери и брошури)и план за унапредување на грижата за лицата со хемофилија и други вродени коагулопатии во 2022 година | 250.000,00 | ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина- Центар за хемофилија, ЈЗУ УК за кардиологија, ЈЗУ УК за хематологија, ЈЗУ УК за детски болести, ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија и граѓанските здруженија на лица со коагулопатии. |
| ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА: | 6.000.000,00 денари | |

**Во рамките на оваа програма ќе се исплатат и неизмирени обврски за 2021 година.**

Со оглед на тоа дека здравствениот статус на населението не претставува константна категорија и истата подлежи на варијации во болестите и бројот на пациентите, не е можно да се предвиди апсолутно точен број на заболените.

4. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на оваа програма се ЈЗУ Завод за нефрологија Струга, здравствените установи во кои пациентите се лекуваат со хемодијализа, 10-те Центри за јавно здравје, ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина-Центар за хемофилија, ЈЗУ УК за кардиологија, ЈЗУ УК за хематологија, ЈЗУ УК за детски болести, ЈЗУ Универзитетски институт за клиничка биохемија и граѓанските здруженија на лица со коагулопатии.

5. НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата до здрав-ствените установи за хемодијализен третман извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во оваа про-грама, фактурирани согласно референтните цени на Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. Здравствените установи каде се спроведува дијализа на пациентите, вршат поединечно фактурирање со прилог: за секој пациент со извештај, доказен материјал, пресметка и потврда за статус на неосигурано лице издадена од Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македониа со точни податоци за временскиот период за неосигураноста.

Центрите за јавно здравје доставуваат во прилог на фактурата и копија од рамковната спогодба за јавна набавка, копија од склучен договор за набавка со најповолен понудувач и испратница за достава на вакцините.

6. ДОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ

Здравствените установи кои се извршители на оваа програма доставуваат месечни извештаи за реализирани активности согласно роковите за извршување наведени во оваа програма, а годишен извештај за реализирани активности за 2022 година до Министерството за здравство најдоцна до 15.1.2023 година.

7. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Министерството за здравство ќе врши редовни контроли најмалку на секои три месеци во јавните здравствени установи извршители на оваа програма, во делот на реализирани активности согласно оваа програма.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-12952/1-21
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**369.**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

I. ВОВЕД

Децата од училишна возраст се посебна популациона група која се карактеризира со интензивни физички, психолошки и социјални промени, што ги прави исклучително ранливи на неповолните ризик фактори од околината. Промените во правец на стекнување поголема независност придружено со склоноста кон експериментирање со нови животни стилови и активности, креираат нови здравствени ризици поврзани во прв ред со однесувањето. Поради тоа, раната детекција на здравствените како и на психо-социјалните, развојните и бихејвиоралните ризици треба да претставува приоритет во грижата за училишните деца и младина. Најчестите причини за морбидитет и морталитет кај оваа возрасна група се намерните и ненамерни повреди, последиците од ризичното сексуално однесување, пореметувања на менталното здравје (депресија, анорексија, булимија), недоволна физичка активност и неправилна исхрана.

Класичен метод за скрининг на здравјето на училишните деца и младина се систематските прегледи, кои се вршат организирано во јавните здравствени установи од страна на службите за превентивна здравствена заштита и превентивна стоматолошка заштита на училишни деца.

При систематскиот преглед се врши и редовна имунизација против заразни заболувања според Календарот за имунизација на Република Северна Македонија.

Посебно вулнерабилната група на деца и адолесценти е онаа која е надвор од образовниот систем.

Здравствениот сектор во соработка со патронажната служба, Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија и невладините организации превзема активен пристап во откривањето на овие деца и нивно упатување до превентивните тимови кои обезбедуваат превентивна здравствена заштита на децата. Овој проблем е особено голем кај децата Роми кои не ги посетуваат редовно основните и средни училишта.

Целта на систематскиот преглед е:

- Следење на физичкиот и психосоцијалниот развој,
- Рана детекција на здравствени проблеми и навремен третман,
- Рано препознавање на ризични видови на однесување - детекција на бихејвиорални ризици,
- Едукација за усвојување на здрави животни стилови,
- Едукација за важноста на навремената и целосна вакцинација.

Возраст на вршење на систематски прегледи:

Задолжителни систематски прегледи се вршат во 1-во, 3-то, 5-то, 7-мо и 9-то одделение. Средношколците се опфатени со систематски прегледи во 1-ви и 4-ти клас, а студентите во 1-ва година. Содржината на систематскиот преглед зависи од возраста на ученикот.

Содржина на систематскиот преглед:

1. Општ лекарски преглед:

- мерење на телесната тежина и висина и одредување на ИТМ;
- преглед на кожата;
- согледување на постоење на деформитети на локомоторниот систем;
- општ лекарски преглед и преглед по системи (кардиоваскуларен, респираторен, дигестивен, нервен, урогенитален систем);
- мерење на пулсот и крвниот притисок;
- испитување на вид, слух и говорот;
- земање на податоци во врска со пубертетот кај двата пола и menarћа (кај ученички и студентки);
- земање податоци во врска со сексуалната активност на адолесцентите и употребата на контрацепција и заштита од СПИ;
- земање на податоци за употреба и злоупотреба на супстанци (пушење, алкохол, таблети, дроги);
- земање податоци за рано откривање на знаци на депресија и други пореметувања на менталното здравје;
- земање на податоци за постоење на насилно однесување (булинг);
- давање препорака за понатамошни специјалистички прегледи доколку е потребно;
- прибирање на податоци од наставниците и психолозите за успехот и однесувањето на ученикот и давање на потребни совети;
- контрола на извршените вакцинации и ревакцинации и преземање мерки за комплетирање на вакциналниот статус.

Наодите од систематскиот преглед се евидентираат во Картонот за систематски прегледи на училишни деца, изготвен од Заводот за здравствена заштита на мајки и деца, а отстапувањата се запишуваат во картонот со преземање на соодветни мерки за санирање и следење.

Контролни и целни прегледи: Во зависност од констатираните претходни состојби, се вршат контролни и целни прегледи за поедини видови на однесување или заболување/состојба.

2. Лабораториски преглед:

- хемоглобин во крв и
- албумен и билирубин во урина.

3. Стоматолошки преглед:

- контрола и евиденција на состојбата на забалото (млечни, трајни заби, кариес, екстракција и пломба индекс);
- откривање на деформитети и неправилности во развојот на забите и вилиците;
- евиденција на констатираната состојба во здравствениот картон;
- задолжителен преглед за сите ученици секоја учебна година од прво одделение во основно образование до завршна година на образование во средното образование.

4. Превентивна стоматолошка заштита

Превентивните стоматолошки тимови од јавните здравствени установи-здравствени домови во Република Северна Македонија спроведуваат превентивни активности кај деца до 14 години, меѓу другите:

- залевање на фисурите и јамичките (кај сите деца кои посетуваат прво одделение), при што се залеваат 4-те први трајни молари;
- кај дел од децата со специјални потреби кај кои има висок кариес ризик, потребни се материјали за локална заштита на нивните заби со троен ефект.

За извршување на овие активности и набавка на потребните материјали одговорни се ЈЗУ Здравствени домови и ЈЗУ Општи болници со проширена дејност во Република Северна Македонија и нивните превентивни тимови (стоматолог-сестра).

5. Превентивни прегледи за рана дијагностика на пречки во развојот на слух, говор и глас

Превентивните прегледи на децата од 4-6 годишна возраст ќе се спроведуваат во насока на рана дијагностика на пречки во развојот на слухот ,говорот и гласот. Прегледите ќе се спроведуваат од страна на стручните тимови на ЈЗУ Завод за рехабилицација на слух говор и глас Скопје и ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух говор и глас Битола со рамномерно распоредување на прегледите на територијата на целата држава. Целта на овие прегледи е рано откривање на деца со:

- Пречки во развојот на говорот од полесна до најтешка форма;
- Лесно до најтешко оштетување на слухот;
- Ортодонтски аномалии;
- Аутистичен спектар на симптоми и аутизам.

II. МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА

Поради пандемијата со COVID 19, активностите на програмата за систематски прегледи на ученици и студенти за 2021 година согласно препораките и мерките дадени од страна на комисијата за заразни болести беа запрени, а Програмата има реализација 35 %.

III. МЕРКИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ

Во насока на подобрување на здравствената состојба и квалитетот на превентивната здравствена заштита на децата од училишна возраст и младината, како и обезбедување на одржлив систем на надзор врз подобрување на здравјето, потребно е извршување на следните мерки:

1. Мерки за подобрување на превентивната здравствена заштита на децата од училишна возраст и младина:

- систематски прегледи во 1-во, 3-то, 5-то, 7-мо и 9-то одделение како и во 1-ва и 4-та година од средното образование;
- систематски прегледи на студенти во 1-ва година факултет;
- дополнителни превентивни контролни и целни прегледи кај учениците каде е најдено отстапување;
- превентивни стоматолошки прегледи.

2. Следење и евалуација на здравствената состојба на децата и адолесцентите:

- унапредување на системот на раководење со податоци за превентивна здравствена заштита на деца од училишна возраст и младина;
- воспоставување на систем за документирање на наодите од систематските прегледи преку примена на Картони за систематски прегледи кај училишни деца;
- изготвување на Извештај за здравствена состојба и заштита на децата со предлог мерки за унапредување на состојбата.

IV. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на оваа програма е да обезбеди услови за зачувување и унапредување на здравјето на сите деца од училишна возраст и студентите преку превенција и рана детекција на здравствените ризици и нарушувањата на здравјето.

1. Специфични цели:

1.1. Превенција и рана детекција на здравствените ризици и нарушувањата на здравјето на учениците и студентите.

1.2. Документирање на податоци за здравствената состојба и здравственото однесување на учениците и студентите во национална база на податоци која ќе послужи како основа за креирање на навремени и соодветни јавно-здравствени интервенции.

V. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ (ИНДИКАТОРИ НА УСПЕШНОСТ):

1.1. Обем на извршени систематски прегледи (над 90%).

1.2. Број на откриени и прегледани деца вон образовниот систем на терен.

1.3. Број (процент) на залеани заби кај ученици од прво одделение во однос на вкупниот број на деца.

1. Проценка на бројот на ученици и студенти за 2022 година

Бројот на учениците и студентите кои треба да бидат систематски прегледани во 2022 година е добиен од Министерство за образование и наука.

1.1. Основно образование:

Во 2022 година со систематски прегледи треба да бидат опфатени 101.217 ученици од основните училишта, од кои:

- 21.109 ученици во 1 одделение;
- 20.893 ученици во 3 одделение;
- 20071 ученици во 5 одделение;
- 20.157 ученици во 7 одделение.
- 18.987 ученици во 9 одделение.

1.2. Средно образование:

Во средните училишта во текот на 2022 година, со систематски прегледи треба да бидат опфатени 34.636 ученици, и тоа:

- 17.916 ученици во први клас;
- 16.720 ученици во четврти клас.

1.3. Високо образование:

Во 2022 година, со систематски прегледи треба да бидат опфатени 11.243 студенти од прва година високо образование.

Вкупно ученици (основно и средно) како и студенти кои треба да бидат опфатени со систематски прегледи се 139.502.

VI. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

VII.

| | ПРОГРАМА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ | Потребни финансиски средства |
|---|---|---|
| 1 | Партиципација за осигурани студенти и ученици како и за лица од 7-18 години неопфатени во образовниот систем за извршени систематски прегледи која се трансферира до ЈЗУ | 5.070.000,00 |
| 2 | Општ систематски преглед, систематски стоматолошки и лабораториски систематски прегледи на неосигурани лица од 7-18 години неопфатени во образовниот систем.<br>1000 прегледи x 400 ден. | 400.000,00 |
| 3 | Превентивни прегледи за рана дијагностика на пречки во равојот на слух , говор и глас кај деца<br>3500 прегледи x 500 ден. | 1.750.000,00 |
| 4 | 4.1. Средства за стоматолошки материјал за заштита (залевање, запечатување) на првите трајни молари кај децата во прво одделение. | 2.000.000,00 |
| | 4.2. Средства за пасти за локална примена кај деца со посебни потреби наменети за превенција од кариес (за деца со посебни потреби до 14 години и со тежок вид на ментална и физичка попреченост во развојот). | 1.500.000,00 |
| 5 | Доставување на извештај со анализа и коментар за систематските прегледи извршени во 2022 година (ИЈЗ) | 50.000,00 |
| | Од основен Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година | 7.000.000,00 |
| | Од самофинансирачки средства на Министерството за здравство | 3.000.000,00 |
| | Од донации | 770.000,00 |
| | ВКУПНО | 10.770.000,00 |

VII. ФИНАНСИРАЊЕ

Оваа програма ќе се реализира со финансиски средства во висина од 10.770.000,00 денари. Од основен буџет на Република Северна Македонија за 2022 година одобрени се 7.000.000,00 денари, 3.000.000,00 денари се обезбедени од самофинансирачки средства на Министерството за здравство, а 770.000,00 денари се обезбедени од донации.

Во рамки на средствата ќе бидат измирени неизмирените обврски од 2021 година.

Распределбата на средствата по Програмата ја врши Министерството за здравство квартално на ЈЗУ - извршители на активностите, врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во оваа програма.

VIII. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Систематските прегледи ќе ги извршуваат превентивните тимови од ЈЗУ- здравствени домови (доктор-сестра), а за студентите систематските прегледи ќе ги извршуваат превентивни тимови од здравствените домови, како и специјализирани тимови за таа дејност во рамките на универзитите во градовите каде се наоѓаат универзитетите.

Превентивната стоматолошка заштита и набавката на потребните материјали ќе ја извршуваат превентивните стоматолошки тимови (стоматолог-сестра) од ЈЗУ- здравствени домови.

Заводот за здравствената заштита на мајки и деца во соработка со поливалентната патронажна служба и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе учествува во откривање на семејства кои имаат деца надвор од образовниот систем со цел вклучување на истите во здравствениот систем заради изведување на систематски прегледи, вакцинација и унапредување на нивното здравје.

Прегледите за рана дијагностика на пречки во развојот на слухот, говорот и гласот ќе се спроведуваат од страна на стручните тимови на ЈЗУ Завод за рехабилицација на слух говор и глас - Скопје и ЈЗУ Завод за рехабилицација на слух говор и глас - Битола.

Заводот за здравствената заштита на мајки и деца во соработка со превентивните тимови и членовите на локалните заедници и граѓанскиот сектор ќе учествуваат во здравствена едукација на деца од училишна возраст и младина кои живеат во рурални средини или припаѓаат на ромските заедници и не посетуваат училиште.

IX. ДОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ

Заводот за здравствената заштита на мајки и деца во соработка со Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе достави Информација за извршување на мерките од Програмата до Министерството за здравство најдоцна до 30.12.2022 година.

Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе изготви извештај за наодите од систематските прегледи и ќе го достави до Министерството за здравство најдоцна до 30.12.2022 година.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 40-12953/1-21<br>8 февруари 2022 година<br>Скопје | Прв заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>д-р **Artan Grubi,** с.р. |

**370.**

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од¬ Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ПОЈАВАТА, СПРЕЧУВАЊЕ И СУЗБИВАЊЕ НА БРУЦЕЛОЗАТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

I. ВОВЕД

Бруцелозата во Република Северна Македонија, како и во голем број други земји во Европа и во светот, сеуште претставува значаен јавно здравствен проблем.

Поради своите епидемиолошки карактеристики, јавување во епидемиска форма, оштетување на здравјето на луѓето кое може да доведе до инвалидитет, како и хоспитализација и долго лекување со можност за рецидиви и реинфекции, бруцелозата претставува не само медицински туку и социо - економски проблем.

II. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Постигнати резултати

Бруцелозата кај луѓето во Република Северна Македонија, во епидемиска форма за прв пат беше регистрирана во 1980 година, кога скоро сите заболени беа од територијата на општина Битола (вкупно пријавени 102 заболени), исто како и наредната, 1981 година, кога беа регистрирани 122 заболени лица.

Бројот на регистрирани заболени од бруцелоза во десетгодишниот период 2008-2017, бележи тренд на опаѓање. Најголем број на регистрирани случаи во овој период е во 2008 (n=490), а просечниот број на регистрирани заболени лица на годишно ниво изнесува 127 случаи, а просечната инциденца за овој период – 6,2/100.000 жители.

Ако се анализираат последните пет години (2013–2017), најголем број на заболени лица се регистрирани во 2014 (n=40, I=1,9/100.000), а најмал број и инциденца (22, I=1,1/100.000) во последните три години. За овој петгодишен период, просекот на годишно ниво изнесува 28 пријавени случаи на бруцелоза (I=1,4/100.000).

За намалувањето на бројот на заболени лица од бруцелоза голем придонес има воведувањето на вакцинација на животните против бруцелоза, со која се започна во 2008 година, од кога се бележи тренд на нагло опаѓање на морбидитетот и бројот на заболени луѓе од ова заболување.

Обезбедување на потребни институционални ресурси

Превенцијата и контролата на заразните болести е комплексен јавно-здравствен проблем, врз кој влијаат повеќе фактори: социо-економски, фактори на околината и здравствениот систем во целина. Имајќи ги во предвид овие факти, потребно е проширување и зајакнување на системот со подобрување на мулти-дисциплинарниот пристап и соработка во контролата на заразните болести.

Посебно значајно е навремено да се обнови и зајакне кадровската структура во епидемиолошките служби при Центрите за јавно здравје и превентивните тимови во Здравствените домови, со цел да се обезбеди континуитет во рутинската работа, но воедно и да се спречат последици кои може да произлезат поради недостаток на едуциран здравствен персонал на сите нивоа (централно, регионално, локално ниво). Неопходно е да се обезбедат просторни, материјални и човечки ресурси, кои ќе овозможат брз и ефикасен одговор кон заканите од заразните заболувања во било кое време, што воедно е обврска согласно обврските од меѓународниот здравствен правилник 2005.

Потребно е да се подобри состојбата со воведување на сеопфатен интегриран информациски систем, кој ќе овозможи навремено детектирање и следење на заразните болести и редовната вакцинација преку поврзување на матичните доктори, болниците и превентивните служби при здравствените домови со центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, со цел да се обезбеди брз, ефикасен и навремен проток на информации во врска со заразните болести и вакцинација. На тој начин ќе се овозможи брзо и ефикасно спроведување на соодветни мерки за спречување на појавата, ширење и сузбивање на заразните болести, вклучително и бруцелозата, како и појава на епидемии.

III. ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

**Генерална цел на Програмата е спречување и сузбивање на бруцелозата кај луѓето на територијата на Република Северна Македонија.**

Притоа, основни цели на годишната Програма се:

1. Намалување на инциденцата на бруцелоза кај луѓето
2. Спречување на појава на компликации, хронични форми и инвалидитет
3. Спречување на појава на рецидиви
4. Намалување на стапката на смртност
5. Микробиолошка потврда на секој сомнителен случај
6. Континуирана медицинска едукација, обновување на знаењата на здравствените и ветеринарните работници
7. Информираност и здравствена едукација на општата популација и на професионално експонираните лица, со цел превенција на бруцелоза.

Овие цели, во 2022 година ќе се остваруваат преку следните активности:

- Спроведување на мерките и активностите за спречување на појавата, понатамошно ширење на бруцелозата и нејзино сузбивање на територија на целата република, особено во критичните региони
- Епидемиолошко следење и испитувања за рано откривање на изворите, патиштата и начинот на пренесување на заразата
- Рано и активно откривање на заболените лица, нивно пријавување до надлежните институции, анкетирање, информација и едукација
- Рано и адекватно лекување на заболените
- Лабораториско докажување на бруцелозата
- Континуирана медицинска едукација на здравствените работници
- Информирање и здравствено едукативна дејност.

IV. УСПЕШНОСТА НА ПРОГРАМАТА ЌЕ СЕ ОЦЕНУВА ПРЕКУ ОСНОВНИТЕ ИНДИКАТОРИ НА ИСХОД

1. Инциденца на бруцелоза
2. Појава на рецидиви и реинфекции
3. Информираност на населението, здравствените и ветеринарните работници

V. МЕРКИ, АКТИВНОСТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТ

За остварување на целите утврдени со оваа програма, во 2022 година ќе се спроведуваат следните мерки и активности:

1. Изготвување на 10 работни оперативни планови на регионално ниво, од страна на центрите за јавно здравје, со активностите за спречување и сузбивање на бруцелозата во 2022 година на подрачјето кое го покриваат, врз основа на епидемиолошката состојба на тоа подрачје.

**Извршители:** ЦЈЗ/ПЕ, во соработка со Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија.

**Индикатор:** Број на изготвени и доставени оперативни планови до Министерството за здравство.

**Рок на извршување: 15 јануари 2022 година**

2. Организирање на 6 регионални советувања/работилници на тема бруцелоза – епидемиолошка и епизоотолошка состојба при Центар за јавно здравје и епидемиолошката дејност, на кои здравствените работници од републиката (епидемиолози, инфектолози, микробиолози, матични доктори, претставници од ДСЗИ и претставници од ветеринарната медицина) на регионално ниво ќе се запознаат со раширеноста на бруцелозата во Република Северна Македонија, со епизоото-

лошката и епидемиолошката состојба, со клиничката слика, дијагностиката и другите карактеристики на бруцелозата, како и со мерките и активностите кои треба да се спроведуваат за нејзино сузбивање. Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија во соработка со Медицински факултет Скопје - Институт за епидемиологија со медицинска биостатистика и Агенција за храна и ветеринарство подготвува и доставува детален план (датум, место на одржување, планирани здравствени институции - учесници) за 2-те семинари, агенда со теми планирани и листа на предавачи до Министерство за здравство. Надлежните ЦЈЗ/ПЕ на чија територија ќе се одржуваат овие семинари, во соработка со ветеринарната дејност треба да обезбедат простор и слушатели од сите горенаведени професии.

**Извршители:** Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија (ИЈЗ) во соработка со Медицинскиот факултет Скопје - Институт за епидемиологија со медицинска биостатистикаи АХВ, ЦЈЗ.

**Индикатор:** Доставен план, квартален извештај (број на учесници, датум, место) за организирани регионални семинари.

**Рок на извршување: во прв и четврти квартал по еден, а во втор и трет квартал по 2**

3. Секој Центар за јавно здравје на својата територија организира 10 предавања за население во рурални средини како и 10 предавања за ризични групи на работници со цел запознавање на населението со оваа болест, начините на превенција и опасностите.

**Извршители:** ЦЈЗ.

**Индикатор:** Доставен план, квартален извештај (број на учесници, датум, место) за организирани предавања.

**Рок на извршување: во прв и четврти квартал по 2, во втор и трет квартал по 3 предавања.**

4. Активен епидемиолошки надзор на терен преку епидемиолошко извидување и епидемиолошки истражувања за секој откриен случај на бруцелоза кај луѓето или добиен податок за заболен добиток на одредена територија (од АХВ/ ветеринарни инспектори) како и за рано откривање и дијагноза, евидентирање, пријавување и анкетирање на сите сомнителни и дијагностицирани случаи на бруцелоза со цел да се откријат сите заболени лица во таа населба и навреме да се подложат на медицински третман. ЦЈЗ/ПЕ зема материјали за серолошка дијагностика и изготвува информации.

**Извршители:** ЦЈЗ /ПЕ, во соработка со ветеринарната инспекција.

**Индикатор:** Број на епидемиолошки увиди за надзор и следење на бруцелозата и изготвување на информација за најдената состојба и број на епидемиолошки анкети, број на лабораториски тестирања.

Рок на извршување: континуирано во текот на целата година, информации периодично

5. Секој случај на заболување од бруцелоза се пријавува до епидемиолошката дејност на територијата каде е регистрирана болеста. Епидемиолошките служби при ЦЈЗ/ПЕ ги обработуваат и евидентираат пријавите и за секој случај го известуваат Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и ветеринарната инспекција надлежна за одредена територија. ЦЈЗ/ПЕ изработуваат епидемиолошка анкета за секој заболен и заедно со пријавата ги доставуваат до Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија. Тука се врши внесување во дата-базата, обработка и анализа на пријавите и епидемиолошките анкети на заболените, врз база на што се изработуваат извештаи.

**Извршители:** Здравствените установи (ЈЗУ, ПЗУ) на примарно, секундарно и терцијарно ниво, ЦЈЗ/ПЕ, ИЈЗ.

**Индикатор:** Број на доставени и обработени пријави/анкети за заболени од бруцелоза.

**Рок на извршување: континуирано во текот на целата година.**

6. Здравствен надзор над ветеринарните работници, сточарите, работниците во кланиците, млекарниците и во кожарската индустрија ќе се врши преку систематски здравствени прегледи, во кои се вклучени клиничко-серолошки испитувања на бруцелоза.

**Извршители:** ЦЈЗ/ПЕ.

**Индикатор:** Број на здравствени прегледи, број на лабораториски тестирања на професионално експонирани лица.

**Рок на извршување: согласно планот на ЦЈЗ, известување квартално.**

7. За секој случај на заболување од бруцелоза кај добиток или докажување на причинителот во животински продукти, АХВ го известува Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, кој ја препраќа информацијата до надлежниот Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија /ПЕ. Истовремено, по добивање на резултатите, надлежната ветеринарна инспекција ја известува епидемиолошката дејност при надлежниот ЦЈЗ/ПЕ, на територијата каде е регистрирано заболувањето/позитивниот лабораториски наод.

**Извршители:** ИЈЗ, АХВ, ЦЈЗ/ПЕ и ветеринарна инспекција на локално ниво.

**Индикатор:** Број на информации за заболени животни/докажан причинител во животински продукти, доставени до ЦЈЗ/ПЕ.

**Рок на извршување: 1.1.2022 година до 31.12.2022 година по добивање на позитивен резултат на бруцелоза кај животни или во продукти од животинско потекло**

8. Во случај на зголемен број на заболени или појава на епидемија на бруцелоза, Центар за јавно здравје ќе прави епидемиолошки увиди за следење на состојбата на теренот во соработка со Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и ќе предлагаат мерки за спречување на понатамошно ширење/сузбивање на епидемијата кои ги доставуваат до ДСЗИ. За тоа ќе изработуваат информации со предлог мерки и ќе ги доставуваат до Министерството за здравство. АХВ ќе направи увид во епизоотолошката состојба во подрачјето и ќе го извести Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија за најдената состојба.

**Извршители:** ЦЈЗ/ПЕ во соработка со ИЈЗ и ДСЗИ, АХВ.
**Индикатор:** Број на теренски увиди и доставени информации при епидемии.
**Рок на извршување: 1.1.2022 година до 31.12.2022 година во случај на зголемен број на заболени или епидемија**

9. Микробиолошко - лабораториска дијагностика на бруцелозата кај луѓето ќе се врши во лабораториите на Центрите за јавно здравје за територијата за која се основани и во лабораториите на Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија , со користење на следните микробиолошки испитувања: Brucelacapt (850) и ВАВ (900). Во вкупниот број тестирања, Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе учествува со 150 анализи на ВАВ и 150 анализи на Brucelacapt.

**Извршители:** Микробиолошките лаборатории при ЦЈЗ/ПЕ и ИЈЗ на РСМ.
**Индикатор:** Извештај за број на направени тестови (Brucelacapt, ВАВ).
**Рок на извршување: квартално, до 15 ден по завршување на кварталот.**

10. Лабораториска конфирмација и верификација на сомнителните и позитивните серолошки наоди во ЦЈЗ/ПЕ ќе се врши во микробиолошката лабораторија на Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, со примена на PCR-дијагностика (50 тестови).

**Извршители:** Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија
**Индикатор:** Извештај за број на конфирмирани/верифицирани лабораториски наоди.
**Рок на извршување: квартално, до 15 ден по завршување на кварталот.**

11. За својата работа и спроведените активности, ЦЈЗ/ПЕ изготвуваат тромесечни табеларни и годишни табеларни и наративни извештаи за состојбата со бруцелоза на нивното подрачје и преземените мерки и активности. Извештаите ги доставуваат до Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и МЗ.

**Извршители:** ЦЈЗ/ПЕ.
**Индикатор:** Број на тромесечни извештаи, Годишен Извештај со епидемиолошки коментар за своето подрачје на покривање.
**Рок на извршување: квартално, до 15 ден по завршување на кварталот**

12. Епидемиолошката служба при Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, по обработка на индивидуалните пријави за бруцелоза, епидемиолошките анкети и теренските увиди, во текот на годината изготвува периодични информации за состојбата со ова заболување во републиката, како и годишен извештај за бруцелоза. Информациите и Годишниот Извештај, Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија го доставува до МЗ, ДСЗИ, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Агенцијата за храна и ветеринарство, Националниот соработник за бруцелоза и др. надлежни институции. Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија изработува и квартални извештаи за остварените активности во текот на годината од страна на ЦЈЗ/ПЕ, како и за остварените активности од страна на Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, согласно Програмата за бруцелоза и ги доставува до МЗ по истекот на тромесечјето.

**Извршители:** Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија.
**Индикатор:** Број на изготвени информации, изработен годишен извештај со епидемиолошки коментар и број на квартални извештаи (табеларен приказ) на спроведените активности по ЦЈЗ/ПЕ и за Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија .
**Рок на извршување: информации периодично, квартални извештаи до 15 ден по истекот на кварталот, годишен извештај до 15 март 2023 година**

13. Изготвување на Предлог Програма за спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија во 2022 година.
**Извршители:** Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.
**Индикатор:** Изготвена Предлог Прорама за спречување и сузбивање на бруцелозата кај населението во Република Северна Македонија.
**Рок на извршување: 31.10.2022 година**

14. Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе дава стручно-методолошка помош од областа на следење и надзор над состојбата со бруцелоза преку теренски увиди – во секој ЦЈЗ (10), односно во оние региони каде се регистрирани поголем број на заболени лица или епидемии на бруцелоза и преку други средства за комуникација со ЦЈЗ/ПЕ и други здравствени установи (web страна, електронска

пошта), како и информирање за состојбите со ова заболување кај нас и во светот, за што ќе бидат изработени различни информации, упатства и стручни мислења.

**Извршители:** Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

**Индикатор:** Број на увиди, изработени информации, препораки, упатства и стручни мислења.

**Рок на извршување: континуирано**

15. Здравствено воспитување и едукација на населението се врши преку водење на разговори (при теренски посети и анкетирање), потоа по пат на организирани предавања во установи и институции, како и во населбите (ЦЈЗ/ПЕ); преку средствата за јавно информирање, постоечките web-страни (ИЈЗ, ЦЈЗ), при што населението се запознава со природата на болеста, начинот на пренесувањето и заштитата и друго.

**Извршители:** ЦЈЗ/ПЕ, Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

**Индикатор:** Број на остварени посети на семејства на заболени лица (анкети), број на предавања во различни установи/населби, број на настапи во медиуми, написи и интервјуа во јавни гласила, како и број на информации на интернет.

**Рок на извршување: континуирано, извештаи квартално до 15 ден по завршување на кварталот**

16. Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје во текот на првиот квартал ќе подготват и испечатат флаери за населението со цел запознавање со природата на болеста, начинот на пренесувањето и заштитата кои ќе бидат дистрибуирани во текот на спроведувањето на здравствено едукативните активности.

**Извршители:** 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје и Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија.

**Индикатор:** Број на отпечатени флаери и примерок.

**Рок на извршување: еден месец по истекот на кварталот**

17. Медицински факултет Скопје – Институт за епидемиологија и медицинска биостатистика ќе одржи две акредитирани предавања од областа на интервентна теренска епидемиологија со цел јакнење на капацитетите на епидемиолошките служби.

**Извршители:** Медицински факултет - Институт за епидемиологија и медицинска биостатистика.

**Индикатор:** Број на одржани предвања, број на слушатели.

**Рок на извршување: до 31.12.2022 година**

Табела број 1: Приказ по обем и вид на активности по извршители

| ЦЈЗ извршители | анкети | надзори | БАБ тест | Brucella capt.test | PCR | Вк.број предавања во рурални средини и за работници | Регионални семинари | Стручно методолошка помош | Интервентна епидемиологија | Број на отпечатени брошури |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЦЈЗ Штип | 70 | 80 | 100 | 80 | 0 | 20 | / | / | / | 1400 |
| ЦЈЗСкопје | 47 | 47 | 47 | 50 | 0 | 10 | / | / | / | 100 |
| ЦЈЗВелес | 60 | 98 | 100 | 100 | 0 | 20 | / | / | / | 1400 |
| ЦЈЗПрилеп | 50 | 60 | 100 | 80 | 0 | 20 | / | / | / | 1400 |
| ЦЈЗТетово | 30 | 60 | 80 | 60 | 0 | 20 | / | / | / | 1400 |
| ЦЈЗСтрумица | 50 | 80 | 80 | 50 | 0 | 16 | / | / | / | 1400 |
| ЦЈЗКуманово | 50 | 60 | 80 | 50 | 0 | 16 | / | / | / | 1400 |
| ЦЈЗБитола | 30 | 55 | 80 | 40 | 0 | 16 | / | / | / | 1400 |
| ЦЈЗОхрид | 30 | 50 | 80 | 40 | 0 | 16 | / | / | / | 1400 |
| ЦЈЗКочани | 25 | 35 | 50 | 40 | 0 | 16 | / | / | / | 1000 |
| ИЈЗ на РМ | 0 | 0 | 100 | 80 | 50 | 0 | 3 | 10 | / | 3000 |
| Медицински факултет | / | / | / | / | / | / | 3 | / | 2 | 0 |
| **вкупно** | **442** | **625** | **897** | **670** | **50** | **170** | **6** | **10** | **2** | **16.296** |

VI.ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Согласно предвидените активности, во извршувањето на оваа програма, ќе бидат вклучени следните институции:

- Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија 10-те ЈЗУ Центри за јавно здравје
- Медицински факултет Скопје - Институт за епидемиологија со медицинска биостатистика

VII.ДОСТАВУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ

Здравствените установи кои се извршители на активностите предвидени во оваа програма доставуваат тромесечни и годишни извештаи за спроведените активности до Министерство за здравство.

ЈЗУ Центри за јавно здравје и нивните подрачни единици, треба да подготват и да достават четири тромесечни и еден годишен извештај за состојбата со бруцелоза на нивното подрачје и преземените мерки и активности за нејзино спречување и сузбивање до Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, во точно определени рокови.

ЈЗУ Центри за јавно здравје доставуваат тромесечни извештаи до Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија во рок од седум дена по истекот на тромесечјето.

Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија подготвува и доставува квартални/тромесечни извештаи до Министерството за здравство во рок од десет дена по завршувањето на кварталот.

ЈЗУ Центри за јавно здравје годишниот извештај за реализација на активностите од оваа програма го доставуваат до Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија најдоцна до 15 јануари 2023 година.Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија доставува до Министерството за здравство годишен извештај за реализираните мерки и активности, предвидени со оваа програма најдоцна до 25 јануари 2023 година.

VIII. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на програмските активности за испитување на појавата, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето за 2022 година, потребни се следните средства:

| Број | Назив | Извршители | Количина (вкупно) | Единечна цена | Вкупно износ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Епидемиолошки надзор на терен и истражување | 10-теЦЈЗ | 625 | 500,00 ден | 312.500,00 ден |
| 2. | Епидемиолошки анкети | 10-теЦЈЗ | 442 | 100,00 ден | 44.200,00 ден |
| 3. | ВАВ тест | ЦЈЗ и ИЈЗ | 897 | 220,00 ден | 197.340,00 ден |
| 4. | Brucella capt.тест | 10-те ЦЈЗ и ИЈЗ на РМ | 670 | 900,00 ден | 603.000,00 ден |
| 5. | PCR | ИЈЗ на РМ | 50 | 3.500,00 ден | 175.000,00 ден |
| 6. | Семинари едукативни | ИЈЗ на РМ и Медицински факултет - Скопје | 6 | 25.000,00 ден | 150.000,00 ден |
| 7. | Предавања за население во рурални средини и експонирани работници | 10-те ЦЈЗ | 170 | 1.500,00 ден | 255.000,00 ден |
| 8. | Стручно методолошка помош | ИЈЗ на РМ | 10 | 5.000,00 ден | 50.000,00 ден |
| 9. | Специфична едукација по интервентна епидемиологија | Медицински факултет -Скопје | 2 | 25.000,00 ден | 50.000,00 ден |
| 10. | Печатење на флаери | 10-те ЦЈЗ и ИЈЗ на РМ | 16.296 | 10,00 ден | 162.960,00 ден |
| | Средства обезбедени од основниот Буџет | | | | 1.500.000,00 ден |
| | Буџет на самофинансирачки активности на Министерството за здравство | | | | 500.000,00 ден |
| **ВКУПНО** | | | | | **2.000.000,00 денари** |

Исплатата на средствата по оваа програма ќе се врши квартално од страна на Министерството за здравство, врз основа на доставените фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во оваа програма и согласно работниот план.

Фактурирањето ќе се врши по утврдени цени на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и одобрени програмски цени.

Фактурирањето ќе се врши по утврдените програмски цени, на стандарден образец за фактура, објавен на веб страната на Министерството за здравство со извештај во прилог.

Следење на спроведувањето на оваа програма врши Министерството за здравство и по потреба поднесува извештај до Владата на Република Северна Македонија.

Реализацијата на програмските активности на регионално и локално ниво ја спроведуваат ЈЗУ Центрите за јавно здравје.

Оваа програма ќе се реализира во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година во висина од 2.000.000,00 денари, од кои 1.500.000,00 денари од основен буџет и 500.000,00 денари од сопствени средства на Министерството за здравство.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| 40-12956/1-21 | Прв заменик на претседателот |
| 8 февруари 2022 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Artan Grubi,** с.р. |

---

**371.**

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од¬ Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14,10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16,37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ТУБЕРКУЛОЗАТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

### I. ВОВЕД

Туберкулозата се уште претставува глобален медицински проблем пред се во неразвиените земји и земјите во развој. Денес, една третина од светската популација е инфицирана со туберкулозниот бацил. Кај 10% од инфицираните во текот на животот се развива болест. Според податоците на Светската здравствена организација, секоја година во светот се регистрираат над 8 милиони нови случаи на туберкулоза а умираат над 2 милиони. Појавата на резистентни форми на туберкулоза чиј број континуирано се зголемува, е една од причините која придонесува за големината на проблемот со туберкулозата. Денес во светот има приближно половина милион заболени од резистентни форми на туберкулоза. Епидемијата на ХИВ/СИДА во светот придонесе за значително зголемување на бројот на болни од туберкулоза. ХИВ инфекцијата е најмоќен познат фактор што овозможува прогресија на туберкулозната инфекција во болест. Фактори кои претставуваат ризик во оваа програма се доцнење со реализација на јавна набавка, доцнење со реализација на активниот скрининг на болни со радиофотографија и нереализација на активностите кои се во надлежност на стационарите, диспанзерите, приватните здравствени установи и патронажата.

Состојбата со КОВИД 19 пандемијата во 2021 година ја наруши контролата на туберкулозата што резултира со намален број на регистрирани болни.

### II. СОСТОЈБА ВО ИЗМИНАТИ ГОДИНИ

Од 2007 година кога е воспоставена електронската база на податоци за болните од туберкулоза, наваму туберкулозата во Република Северна Македонија е во континуирано опаѓање што е прикажано на графикон 1:




Бројот на мултирезистентни форми на туберкулоза варира од 2-3 случаи на годишно ниво. Коинфекцијата на туберкулоза и ХИВ во периодот 2007-2020 година е регистрирана кај 5 лица. Покрај подобрувањето на епидемиолошките параметри, лошата социјално економска состојба поради невработеноста, сиромаштијата, стигмата и големиот број на хронични незаразни болести може да придонесат проблемот со туберкулозата и натаму да перзистира. Ова наметнува потреба од постојана активност од надлежните институции одговорни за контрола на болеста.

### III. МЕРКИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ

Со цел што поуспешна контрола на туберкулозата во Република Северна Македонија, намалување на ризикот од ширење на инфекцијата, особено онаа предизвикана од резистентни соеви на Микобактериум туберкулозис, спречување на коинфекција меѓу туберкулозата со ХИВ инфекцијата, неопходно е да се превземат сите расположиви превентивни мерки кои придонесуваат за рано откривање и спречување на болеста. Сепак најдобра превентивна мерка е правилно и навремено лекување на секој болен од туберкулоза со што се прекинува ланецот на ширење на инфекцијата.

### IV. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целите на оваа програма се зацртани со секоја програмска активност.

**1.1. Активно пронаоѓање на случаи на туберкулоза кај ризични групи со селективна радиофотографија:**

Со цел рано откривање на болните од туберкулоза и други неспецифични белодробни заболувања се врши селективно радиофотографско снимање на лица кај кои постои поголема опасност од заболување од туберкулоза. Тоа се лица кои спаѓаат во т.н. ризични групи: затвореници, болни во психијатриски болници, привре-

мено раселени лица, бездомници, лица во домови за стари, популација со поголема стапка на заболување од туберкулоза во однос на националата (Роми), подрачја со поголема стапка на заболување од туберкулоза, корисници на дроги и сл. Со радиофотографија во 2022 година ќе бидат опфатени 1500 лица. По извршената активност се изготвува Извештај.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**1.2. Дообработка на сомнителни рентген наоди:**

Цел на активноста е прегледаните лица со радиофотографско снимање со сомнителни рентгенолошки наоди да се обработат со дополнителни иследувања. Во 2022 година се планира со дообработка да бидат опфатени 70 лица. По извршената дообработка се изготвува Извештај.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**2. Трошоци за скрининг на сомнителни за туберкулоза (партиципација)**

Како контакти се испитуваат:

- Сите лица кои биле во контакт со болен од микроскопски позитивна туберкулоза
- Родителите и другите членови на семејството на болно дете (до 14 годишна возраст) Минимум испитувања за преглед на контакти:
- Возрасни: рентгенграфија на бел дроб и директна микроскопија два искашлоци
- Деца: испитувањето се состои од туберкулинско тестирање по методата на Манту и квантиферон тест по индикација поставена од лекар, рентгенграфија и директна микроскопија на два искашлоци.

За испитаните контакти се пополнува формулар кој се доставува во Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза заедно со фактура за партиципација која не е наплатена од пациентот. Врз основа на фактурите доставени од установите кои ги прегледале контактите ќе биде извршена исплата од Институтот. Со оваа активност се планира да бидат опфатени 600 лица.

Извршители: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза, Јавна здравствена установа Институт по белодробни заболувања кај децата - Козле, другите стационари и диспанзерите за белодробни заболувања и туберкулоза

**3. Мониторинг - евалуација и стручно-методолошка помош на здравствените установи кои спроведуваат превенција, дијагноза и лекување на болните од туберкулоза**

Со цел да се подобри организацијата на работата, обемот и квалитетот на стручната работа, спроведување на превентивни мерки, водење на медицинската документација за случаите со туберкулоза и сл. се спроведува стручно-методолошка помош на здравствените установи кои спроведуваат превенција, дијагноза и лекување на болните од туберкулоза. Тимот за мониторинг и евалуација го сочинуваат експерти од Институтот. Се мониторира и евалуира еднаш годишно работата на 40 установи и тоа: 4 болници, 12 диспанзери, 3 психијатриски болници, 1 специјален завод , 13 казнено-поправни установи и 7 микробиолошки лаборатории во Република Северна Македонија. За извршениот стручно-методолошки надзор се изготвува записник кој се потпишува на лице место од присутните при надзорот а потоа се изготвува Извештај со предлог мерки за надминување на идентификуваните проблеми за секоја установа посебно.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**4. Исплата на патни трошоци за болните од туберкулоза и лицата кои биле во контакт со нив и кои се јавиле на контролен преглед во Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје и Јавна здравствена установа Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле**

Со цел да се постави дијагноза на туберкулоза како и да се спроведат контролни прегледи според препораките на Светската здравствена организација и Европскиот центар за превенција и контрола на болести потребно е сите лица болни од туберкулоза да дојдат на преглед во Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје, а децата во Јавна здравствена установа Институт по белодробни заболувања кај децата Козле. Износот на патните трошоци ќе биде исплатен според Одлуката за исплата на патни трошоци на болните од туберкулоза во тек на лекувањето и на лицата кои биле во контакт со нив донесена од старана на Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје, врз основа на член 35 од статутот на Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза Скопје. Се планира со оваа активност да бидат опфатени 160 болни и 400 контакти.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје и Јавна здравствена установа Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле

**5. Работилница за туберкулоза за специјалисти со акредитација**

Со цел освежување и надополнување на знаењата како и практично да се примени наученото, еднаш годишно се организира предавање за најмногу 25 специјалисти кои работат со туберкулоза. Работилницата е акредитирана од Македонското лекарско друштво и Лекарската Комора на Република Северна Македонија.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**6. Работилница за туберкулоза за медицински сестри**

Со цел освежување и надополнување на знаењата како и практична примена на наученото, еднаш годишно се организира предавање за 40 медицински сестри.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**7. Работилница за туберкулоза за доктори од примарната здравствена заштита со акредитација**

Со цел за поактивно вклучување во контролата на туберкулозата на докторите од Примарната здравствена заштита еднаш годишно се одржува работилница за туберкулоза со учество до 25 доктори. Работилницата е акредитирана од Македонското лекарско друштво и Лекарската Комора на Република Северна Македонија.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**8. Работилница за туберкулоза на медицински и немедицински кадри од казнено-поправни установи и психијатриски болници**

Еднаш годишно се организира едукација за туберкулоза за вработениот медицински и немедицински персонал од казнено-поправните установи и психијатриските болници со цел подигање на нивото на знаење за туберкулозата и примена на Протоколот за контрола на туберкулозата во овие установи. На работилницата треба да учествуваат до 20 лица.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**9. Работилница за практичен пристап кон болестите на респираторниот систем наменета за специјалисти и доктори од општа пракса со акредитација**

Со цел подобрување на пристапот на докторите кон болестите на респираторниот систем и туберкулозата планирано е еднаш годишно - советување, освежување на знаењата и стекнување на нови вештини за специјалистите и докторите од општа пракса. На работилницата се планира да учествуваат до 30 доктори. Работилницата е акредитирана од страна на Македонското лекарско друштво и Лекарската Комора на Република Северна Македонија.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**10. Доброволно доверливо советување и ХИВ тестирање на лица болни од туберкулоза**

Сите лица со дијагностицирана туберкулоза пред почеток на лекувањето задолжително се советуват и тестираат за ХИВ според Протоколот за доброволно доверливо советување и ХИВ тестирање. Во 2022 година се планира да бидат советувани и тестирани 100 лица.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза, диспанзерите и Стационарите.

**11. Работилница за БЦГ имунизација, манту тест и лекување на латентна туберкулозна инфекција**

Оваа работилница има за цел да го подобри пристапот на вработените во дијагноза и лекување на латентната туберкулозна инфекција од центрите за имунизација и установите за белодробни заболувања и туберкулоза (лекари и медицински сестри). Се планира да бидат опфатени 30 здравствени работници.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**12. ДОТ активности**

Овие активности имаат за цел непосредно да го контролираат лекувањето на болните од туберкулоза со цел да се спречи прекин и несоработка во тек на лекувањето. По завршената посета односно советување се пополнува формулар на кој се потпишуваат болниот, членовите на неговото семејство и сите присутни. Формуларот се доставува до Централниот регистар за туберкулоза на Јавна здравствена установа Институт за белодробни болести и туберкулоза каде се внесува во електронската база на податоци. Едновремено еден од членовите на семејството кој ја превзема обврската да го контролира болниот додека ги зема лековите и оди на закажаните контроли потпишува изјава за соработка со установата која ја спроведува ДОТ активноста. Обрасците со фактура за реализираната активност се доставуваат до Институтот од каде се врши исплата. Планирани се 50 посети/советувања.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза, сите стационари и диспанзери

**13. Набавка на тврди подлоги со глицерол Левенштајн Јенсен**

За бактериолошка потврда на туберкулозата потребна е набавка на цврсти подлоги Левенштајн Јенсен во количина од 1000 подлоги за Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза, Институт по белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје и микробиолошката лабораторија во Битола.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**14. Набавка на ПЦР реагенси**

Набавка на Мултиплекс ПЦР реагенси за детекција на нетуберкулозни (атипични) и туберкулозни (Микобактериум туберкулозис) бактерии.

- МТБ/НТМ брза детекција, 400 теста

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**14.1. Набавка на ПЦР реагенси**

Набавка на Мултиплекс ПЦР реагенси за детекција на туберкулозни (Микобактериум туберкулозис) бактерии - МТБ/ХДР е-Детекција, 50 теста

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**15. Набавка на суплемент копатибилен за БАКТЕК МИГИТ 960 ББЛ или еквивалент**

Суплементот се користи како дел од анализата на БАКТЕК, а негова улога е да го инхибира растот на контаминирачките бактерии во подлогата Бактек Мигит.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**16. ББЛ кит компатибилен за БАКТЕК МИГИТ или еквивалент**

Овој кит содржи реагенси кои се користат за обработка (лиза и деконтаминација) на спутумот како дел од процедурата при засадување на течни и цврсти подлоги

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**17. Набавка на имунохроматографски тест за идентификација на Микобактериум туберкулозис на ниво на специес од култура компатибилен на Капилиа туберкулозис**

За разграничување на типичните од атипичните микобактерии потребно е да се направи идентификација. Потребни се околу 125 теста за идентификација.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**18. Набавка на тестови за симултана детекција на туберкулоза и резистенција на рифампицин компатибилен на Експерт МТБ/Риф „или еквивалент“**

Експерт МТБ/Риф е еден од молекуларните тестови за дијагноза на туберкулоза кој е во примена во Институтот од 2014 година. За 2022 година има потреба од набавка на 1040 теста. Тестот се изведува само во националната референтна лабораторија.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**19. Набавка на Елиса тест кит за одредување на туберкулозна инфекција**

За дијагноза на латентна туберкулозна инфекција има потреба од набавка на 500 теста за 2022 година. Тестот се работи во Националната референтна лабораторија во Институтот и во Јавна здравствена установа Институт по белодробни заболувања кај децата - Козле.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**20. Набавка на реагенси за одредување на осетливост на антитуберкулозни лекови од прва и втора линија компатибилен со Бактек 960 или еквивалент**

Во 2022 година потрено е да се набават 250 тестови на осетливост на антитуберкулозни лекови. Тука се вклучени реагенси за тестирање на осетливост на Рифампицин, Изонијазид, Етамбутол, Стрептомицин и Пиразинамид. Тестот се изведува само во националната референтна лабораторија.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**21. Набавка на потрошен материјал компатибилен за ХАИН тест**

За типизација на атипичните микобактерии како и тест на резистенција на антитуберкулотици од втора линија потребно е да се набават 4 кутии по 12 теста, вкупно 48. Тестот се изведува само во националната референтна лабораторија.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**22. Набавка на антитуберкулозни лекови од прва линија за лекување на новорегистрираните случаи на туберкулоза**

Набавката на антитуберкулотици од прва линија има за цел да спречи ширењето на туберкулозата преку лекување на сите новорегистрирани случаи на туберкулоза според стандардни режими на лекување препорачани од Светската здравствена организација. Лековите се наменети за лекување на сите болни од туберкулоза во диспанзерите и стационарите. Во 2022 година потребно е да се издвојат 3 400 000,00 денари за реализација на оваа активност.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**23. Набавка на антитуберкулотици од втора линија за лекување на болни со резистентни форми на туберкулоза**

Оваа активност има за цел  да го спречи ширењето на резистентните форми на туберкулоза, чие лекување е долготрајно, скапо и честопати неуспешно. Иако бројот на мулти и полирезистентни форми на туберкулоза во Република Северна Македонија не е голем, сепак, неопходно е да се превземат сите превентивни мерки за спречување на појава на овие форми на туберкулоза. Нелекувањето на овие болни претставува можност за ширење на инфекција со тешки форми на болеста чие лекување трае најмалку 2 години со неизвесен исход и последици од лекувањето. Годишно во Република Северна  Македонија се регистрираат 2-3 нови случаи на мулти или полирезистентна туберкулоза. Резистентните форми на туберкулоза (РР, мулти и полирезистентните) се лекуваат исклучиво во Институтот. Набавка и чувањето на лекови за овие форми на туберкулоза се врши од страна на Институтот врз основа на бројот на лица кои се лекуваат со нив. Во 2022 година потребно е да се издвојат 1 000 000,00 денари за реализација на оваа активност.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**24. Набавка на лекови за купирање на нус ефектите од антитуберкулотската терапија**

Со цел купирање на нус ефектите од антитуберкулотската терапија потребна е набавка на хапатопротектори, антихистаминици и Б комплекс за околу 150 лица.Планирано е за реализација на оваа активност да се потрошат 100 000,00 денари.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**25. Набавка на рентген филмови**

За Институтот потребно е да се набават 500 (5 пакувања по 100 рентген филмови) за контролни прегледи на болните од туберкулоза, како и за скрининг на сомнителни и лица кои биле во контакт со болен.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**26.  Набавка на медицински потрошен материјал и лабораториски материјал**

За потребите на лабораториите за дијагноза на туберкулоза потребно е да се набави медицински и лабораториски потрошен материјал во вредност од 60.000,00 денари

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**27. Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција - набавка на респиратори**

За лицата кои се во непосреден контакт со болни од туберкулоза во стационарите за белодробни заболувања и туберкулоза во Република Северна Македонија потребна е набавка на маски за лична заштита-респиратори. Респираторите се наменети за Институтот и стационарите за белодробни заболувања и туберкулоза. Потребни се 500 респиратори во 2022 година.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**28. Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција - набавка на маски**

За вработените во стационарите и диспанзерите потребна е набавка на средства за лична заштита-хируршки маски во количина од 30.000 парчиња. Маските се наменети за персоналот и болните од туберкулоза во установите за белодробни заболувања и туберкулоза.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**29. Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција – набавка на ракавици**

За вработените во стационарите и диспанзерите потребна е набавка на средства за лична заштита, ракавици во вкупна количина од 32.700 парчиња. Ракавиците се наменети за персоналот во установите за белодробни заболувања и туберкулоза.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**30. Набавка на услуги за дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

За задолжителна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза поточно на магацинот за лекови и други простории, два пати годишно потребно е да се реализираат услуги за дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**31. Одржување и надградба на софтверот за електронска обработка на податоците за болните од туберкулоза во Република Северна Македонија**

Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза раководи со базата на податоци за случаите на туберкулоза во Република Северна Македонија. Софтверот е лоциран во Институтот и има потреба од континуирано одржување.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**32. Подготовка на материјали и организирање на активности од програмата**

Подготовка на состаноци (контактирање на учесници, подготовка на материјали, умножување), собирање на документи за реализираните активности од програмата, изработка на извештаи и сл.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**33. Набавка на прехрамбени и хигиенски пакети за болните од туберкулоза**

Со цел успешно лекување на болните од туберкулоза и обезбедување на нивна подршка и подобра соработка во тек на лекувањето потребна е набавка на 700 прехрамбени и 700 хигиенски пакети.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**34. Координација и мониторинг на дистрибуција на пакети**

Оваа активност подразбира идентификување на пациентите кои треба да примаат прехрамбени пакети врз основа на податоците од Централниот регистар за туберкулоза, координирање на активностите околу дистрибуција на прехрамбените и хигиенските пакети до 16 диспанзери за белодробни заболувања и туберкулоза како и водење на евиденција за примените пакети.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

**35. Набавка на медицинска опрема**

Набавка на медицинска опрема за потребите на Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза -Скопје.

Извршител: Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

V. НОСИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

- Министерство за здравство

ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

- Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје;
- Јавна здравствена установа Институт по белодробни заболувања кај децата - Козле;
- Другите стационари;
- Диспанзерите за белодробни заболувања и туберкулоза во Република Северна Македонија;
- Избрани лекари;
- Поливалентна патронажа.

## VI. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

### Табела 1. Финансиски средства за реализација на програмата

| Ред бр. | Опис на активност | Извршител | Индикатор (количина) | Единечна цена (во денари) | Вкупна цена ( во денари) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1. | Активно пронаоѓање на случаи на туберкулоза кај ризични групи со селективна радиофотографија | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 1.500,00 | 317 | 475.500,00 |
| 1.2. | Дообработка на сомнителни рентгенолошки наоди | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 70 | 2.900,00 | 203.000,00 |
| 2. | Трошоци за скрининг на сомнителни за туберкулоза (партиципација) | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје, стационари и диспанзери | | 120.000,00 | 120.000,00 |
| 3. | Мониторинг и евалуација | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 40 | 4.700,00 | 188.000,00 |
| 4. | Исплата на патни трошоци за болните од туберкулоза и лицата кои биле во контакт со нив и кои се јавиле на контролен преглед во Јавна здравствена установа Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза -Скопје и Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања кај децата - Козле | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје, Јавна здравствена установа Институт по белодробни заболувања кај децата - Козле | 160 болни и 400 лица од контакт со болен | 140.000,00 | 140.000,00 |
| 5. | Работилница за туберкулоза за специјалисти со акредитација | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 1 | 66.000,00 | 66.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Работилница за туберкулоза за медицински сестри | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 1 | 48.000,00 | 48.000,00 |
| 7. | Работилница за туберкулоза за доктори од примарната здравствена заштита со акредитација | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 1 | 48.000,00 | 48.000,00 |
| 8. | Работилница за туберкулоза за медицински и немедицински кадри од казнено поправните установи | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 1 | 24.000,00 | 24.000,00 |
| 9. | Работилница за практичен пристап кон болестите на респираторниот систем за специјалисти и доктори од општа пракса со акредитација | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 1 | 36.000,00 | 36.000,00 |
| 10. | Доброволно доверливо советување  и ХИВ тестирање на лица болни од туберкулоза | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје, стационари и диспанзери | 100 | 240 | 24.000,00 |
| 11. | Работилница за латентна туберкулозна инфекција, БЦГ имунизација и Манту тест | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 1 | 36.000,00 | 36.000,00 |
| 12. | ДОТ активности | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје, стационари и диспанзери | 50 | 1.000,00 | 50.000,00 |
| 13. | Набавка на тврди подлоги со глицерол Левенштајн Јенсен или еквивалент | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 1.000,00 | 94 | 94.000,00 |
| 14 | Набавка на ПЦР реагенси МТБ/НТМ брза детекција 400 теста | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 400 | 1.416,00 | 566.400,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 14.1 | Набавка на ПЦР реагенси МТБ/ХДР е-Детекција 50 теста | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 50 | 2.242,00 | 112.100,00 |
| 15. | Набавка на суплемент компатибилен за БАКТЕК МИГИТ 960 ББЛ или еквивалент | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 3.000,00 | 93 | 279.000,00 |
| 16. | ББЛ кит компатибилен за Бактек Мигит или еквивалент | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 3.000,00 | 20 | 60.000,00 |
| 17. | Набавка на имунохроматографски тест за идентификација на Микобактериум туберкулозис на ниво на специес од култура компатибилен на Капилиа туберкулозис | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 125 | 1088 | 136.000,00 |
| 18. | Набавка на тестови за симултана детекција на туберкулоза и резистенција на рифампицин компатибилен на Експерт МТБ/Риф или еквивалент | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 1.040,00 | 3.037,00 | 3.158.480,00 |
| 19. | Набавка на Елиса тест кит за одредување на туберкулозна инфекција | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 500 | 2.838,00 | 1.419.000,00 |
| 20. | Набавка на реагенси за одредување на осетливост на антитуберкулостатици од антитуберкулостатици од прва и втора линија компатибилен на Бактек 960 или еквивалент | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 250 | 508 | 127.000,00 |
| 21. | Набавка на потрошен материјал компатибилен за ХАИН тест за атипични и резистентни микобактерии | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 4 кутии x 12 теста | 144.312,00 | 144.312,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Набавка на антитуберкулотици од прва линија за лекување на новорегистрирани случаи на туберкулоза | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 1 | 3.400.000,00 | 3.400.000,00 |
| 23. | Набавка на антитуберкулотици од втора линија за лекување на резистентни форми на туберкулоза | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 1 | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| 24 | Набавка на лекови за купирање на нус ефектите од антитуберкулотската терапија | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 1 | 100.000,00 | 100.000,00 |
| 25. | Набавка на рентген филмови | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 500 | 180 | 90.000,00 |
| 26. | Набавка на медицински потрошен материјал и лабораториски материјал | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 1 | 60.000,00 | 60.000,00 |
| 27. | Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција - Набавка на респиратори | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 500 | 300 | 150.000,00 |
| 28. | Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција - маски | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 30.000,00 | 5 | 150.000,00 |
| 29. | Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција-ракавици | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 32.700,00 | 6 | 196.200,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 30. | Набавка на услуги за дезинфекција, дезинсекција и дератизација | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 2 | 12.000,00 | 24.000,00 |
| 31. | Одржување и надградба на софтвер за електронска обработка на податоци за болните од туберкулоза во Република Северна Македонија | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 4 | 30.000,00 | 120.000,00 |
| 32. | Подготовка на материјали и организирање на активности од програмата | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 1 | 80.000,00 | 80.000,00 |
| 33 | Набавка на прехранбени и хигиенски пакети за болните од туберкулоза | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 700 прехрамбени и 700 хигиенски пакети | 2.000,00 | 1.400.000,00 |
| 34. | Координација и мониторинг на дистрибуција на пакети | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје | 1 | 40.000,00 | 40.000,00 |
| 35. | Набавка на медицинска опрема | Јавна здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје и Јавна здравствена установа Институт по белодробни заболувања кај децата - Козле | 1 | 135.008,00 | 135.008,00 |
| | | | | **ВКУПНО** | **14.500.000,00** |

Распределбата на средствата од оваа програма ќе ја врши Министерството за здравство, квартално кон извршителите на активностите, врз основа на доставени фактури изготвени според приложените формати за изготвување на фактури. Ќе се врши исплата по склучени договори согласно програмата за туберкулоза и барања за повлекување на средства со уредно пополнети наративни извештаи за имплементација на активностите, прегледи на трошоци, поддржани со останати материјали (фотографии, аудио и видео снимки, написи, списоци на учесници, докази за извршена набавка, договори и друга документација дефинирана во договорите). Извршителите на активностите подготвуваат и доставуваат квартални извештаи во рок од 10 дена по завршување на кварталот до Министерството за здравство.

Извор на средства за реализирање на планираните активности во Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулоза кај населението во Република Северна Македонија за 2022 година е Буџетот на Република Северна Македонија, во висина од 14.500.000.00 денари, од кои 10.000.000,00 денари од основен Буџет и 4.500.000,00 денари од сопствени средства на Министерство за здравство.

VII. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-12957/1-21
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**372.**

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од¬ Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КАРДИОВАСКУЛАРНИ БОЛЕСТИ (КВБ) ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА**

I. ВОВЕД

Болестите на срцето и крвните садови претставуваат голема, хетерогена група на заболувања и се на прво место како причини за смрт во генералната популација во Република Македонија. Исхемичната болест на срцето со своите четири клинички форми – ангина пекторис, акутен инфаркт на миокардот, ненадејна срцева смрт и исхемична кардиомиопатија, е најчеста болест од оваа голема група на заболувања, а настанува како последица на атеросклероза во коронарните артерии. Најновите испитувања покажуваат дека атеросклеротичните промени на крвните садови настануваат уште во најраната возраст (после втората година од животот) така што со превенција треба да се започне што е можно порано.

Од големо значење се и цереброваскуларните болести, особено цереброваскуларниот инфаркт, субарахноидалното, интрацеребралното и друг вид крвавење кои се вбројуваат во десетте најчести причини за смрт на населението, а се тесно поврзани со болестите на срцето.

Со Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2022 година се опфатени:

АДУЛТНА КАРДИОХИРУРГИЈА

Кардиохируршките операции и трансплантации на срце се едни од најсложените хируршки интервенции. Бројот на болни кои имаат потреба од кардиохируршка интервенција или трансплантација на срце е во постојан пораст. Како кардиохируршки интервенции се подразбираат интервенциите на отворено срце помеѓу другите реконструкција на срцеви залистоци, замена на срцеви залистоци, аорто – коронарен бајпас и ред други интервенции помеѓу кои врвот го зазема трансплантацијата на срце од кадаверичен дарител.

Како и секоја друга гранка од хирургијата, кардиохирургијата бара искусен тим од кардиохирурзи, васкуларни хирурзи, анестезиолози, кардиолози и други, како и среден персонал (инструментарки, медицински сестри, анестетичари, перфузионисти и други) кои се надополнуваат со нашиот тим.

ДЕТСКА ХИРУРГИЈА

- Со цел навремено дијагностицирање и третман кај педијатриските пациенти, Министерството за здравство интензивно вложува напори во растот и развојот на педијатриската хирургија , како и интензивна хируршка нега.

Преку соработката со тимот на педијатриските хирурзи, кардиохирурзи од Америка, тимот при Институтот за здравствена заштита на мајки и деца, Белград, Србија, Клинички Центар Србија, Белград, Болница Звездара, Белград, Република Бугарија и други установи, се намалува бројот на интервенции на деца кои се лекуваат во странство, а воедно и се едуцира македонскиот тим кој ќе треба да продолжи да работи самостојно без странски едукатори.

Тимот за неонатална хирургија и кардиоваскуларна хирургија е составен од: педијатриски хирурзи, анестезиолози, интензивисти, интернисти, кардиолози, медицински сестри, перфузионисти, анестетичари, инструментарки и медицински сестри за во интензивна нега.

- Лимфангиомите спаѓаат во групата на васкуларни малформации, најчесто локализирани на врат, со непосреден контакт и компресија на витални органи и крвни садови во соодветната регија. Досегашната пракса беше овие пациенти да се упатуваат на лекување во медицински центри надвор од Република Северна Македонија. Нашите залагања се во правец, да обезбедиме соодветни услови за третман на овие пациенти на Клиника за детска хирургија. Поради тоа, неопходно е обука на персоналот од врвни експерти од областа, кои ќе едуцираат третирајќи ги веќе дијагностицираните пациенти на нашата клиника.

- Потребно е и едукација на хируршкиот тим од Клиника за детска хирургија за третман на специфични случаи од областа на неонатална и доенечка хирургија. Постоперативно овие пациентите се третираат на одделот за интензивна нега и терапија. За применување на соодветните методи во секојдневната пракса потребно е едукација на персоналот.

Со цел унапредување на работата на Клиниката за детска хиругија, воведување на нови методи, што воедно и ќе значи намалување на бројот на пациенти кои имаат потребата од упатување на лекување во странство.

Со овие интервенции се врши трансфер на know-how на нашиот тим за неонатална хиругија и кардиоваскуларна хирургија, со што овие интервенции во иднина би ги вршеле самостојно нашите специјалисти во Република Северна Македонија.

ИНСТИТУТ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА И БИОСТАТИСТИКА СО МЕДИЦИНСКА ИНФОРМАТИКА

Поради загрижувачките состојби со експлозивно зголемување на бројот на заболени и починати лица како последица од хронични незаразни заболувања, независно од КОВИД 19 пандемијата, неопходно стана да се спроведе Национални епидемиолошки студии кој ќе имаат аналитички пристап. Тие ќе се спорведуваат заедно со Медицински факултет, УКИМ Скопје како главен чинител за статистички истражувања и шифрирање на морталитетот на нашата земјаво соработка со Државен завод за статистика и Управата за електронско здравствона Република Северна Македонија.

II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Главни цели на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2022 година се:

- Превенција на факторите на ризик;
- Навремено препознавање на КВБ;
- Намалување на смртноста и инвалидитетот;
- Едукацијата на тимот од државната кардиохирургија од страна на едукатори кои со своето искуство и знаење го надоградуваат и пренесуваат на останатите инволвирани колеги. Тимот се состои од специјалисти по кардиохирургија, васкуларна хирургија, анестезија како и среден медицински персонал (медицински сестри, инструментарки, анестетичари и перфузионисти);
- Едукација на тим за неонатална хирургија и интензивна хируршка нега од страна на тимот кој е составен од доктори (хирурзи,, васкуларни, анестезиолози, интензивисти, интернисти, кардиолози) и среден медицински персонал (медицински сестри, перфузионисти, анестетичари, инструментарки и медицински сестри за во интензивна нега)
- Лекување на пациенти од цереброваскуларни болести, особено цереброваскуларниот ин-фаркт, субарахноидално, интрацеребрално и друг вид крвавење, со должина на болнички престој повеќе од 5 години;
- Подобрување во лекувањето на секундарно и терциерно ниво;
- Подобрување на квалитетот на живот кај адултни пациенти со кардиоваскуларни болести Република Северна Македонија, како би бил во состојба да одговори на се поголемото оптеретување на населението со кардиоваскуларни болести.

III. НОСИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

- Министерство за здравство

IV. ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на активностите на Програмата се:
- ЈЗУ Општа болница „Борка Талески“ Прилеп
- ЈЗУ Универзитетската клиника за државна кардиохирургија – Скопје
- ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија – Скопје
- Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика

V. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на мерките и активностите предвидени со Програмата за превенција на кардиоваскуларните болести во Република Северна Македонија за 2022 година потребни се следните средства:

**Табела 1 - Потребни финаниски средства**

| | Активности | Извршители | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | Средства наменети за образовни и договорни услуги за тимот кој ја основаше државната кардиохирургија и континуирано работи на растот и развојот на државната кардиохирургија на Универзитетската клиника за државна кардиохирургија – Скопје | Универзитетска клиника за државна кардиохирургија – Скопје | **10.000.000,00 ден.** |
| 2 | Средства наменети за образовни и договорни услуги за тимовите кои континуирано ги воведуваат и развиваат неонаталните хируршки и кардиохируршки интервенции и педијатриска интензивната хируршка нега на Универзитетската клиника за детска хирургија – Скопје | Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје | **7.200.000.00 ден.** |
| 3 | Лекување на пациенти од цереброваскуларни болести, особено цереброваскуларниот инфаркт, субарахноидално, интрацеребрално и друг вид крвавење, со должина на болнички престој повеќе од 5 години | ЈЗУ Општа болница „Борка Талески“ Прилеп | **1.500.000,00 ден.** |
| 4. | Изработка за национални студии за превенција од кардиоваскуларни заболувања во Република Северна Македонија | Изготвување на национални студии за превенција од кардиоваскуларните заболувања | **100.000,00 ден.** |
| 5. | Неизмирени обврски за реализирани програмски активности од 2021 година | | **1.200.000,00 ден.** |
| | ВКУПНО: | | **20.000.000,00 ден.** |

Програмата ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година во вкупен износ од 20.000.000,00 денари од кои 5.000.000,00 денари од основниот буџет и 15.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство.

Со програмата ќе се врши и исплата на неизмирени обврски за реализирани програмски активности од 2021 година во висина од 1.200.000.00 ден.

VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Средствата за реализација на активностите предвидени со оваа програма се предвидени за:

- трошоци поврзани со ангажирање на странски доктори/тимови од еминенти медицински центри од странство и тоа: трошоци за пат, сместување и надоместок за извршената едукација и национални студии за превенција од акрдиоваскуларни заболувања.

VII.НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на здравствените установи, извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во оваа програма.

Во прилог на фактурите здравствените установи имаат обврска да достават:

- Пресметка за целиот тим на странски едукатори кои вршат теоретска и практична работа .
- Месечен извештај за тимот кој работел директно со пациентите, кардиохирургот, прв асистент, втор асистент, анестезиолог.
- Месечен извештај на македонскиот тим кој е едуциран од страна на странските тимови.
- Шест месечен Извештај за вид и обем на извршени здравствени услуги, број на дијагностички процедури, број на извршени хируршки операции, број на интервентни процедури и број на реоперации.
- Годишен Извештај за вид и обем на извршени здравствени услуги, број на дијагностички процедури, број на извршени хируршки операции, број на интервентни процедури и број на реоперации.
- Докази за извршена јавна набавка

VIII. ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ

Здравствените установи кои се извршители на оваа програма, најдоцна до 15ти во месецот доставуваат фактура и месечен извештај за реализирани активности до Министерството за здравство.

IX.МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Министерството за здравство ќе ги следи активностите од Програмата, ќе врши редовни состаноци во јавните здравствени установи извршители на програмата, во делот на реализирани активности и ќе предлага мерки и решенија за надминување на одредени проблеми кои можат да произлезат во тековниот процес на работа.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-12959/1-21
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**373.**

Врз основа на член 16 став (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 4/19 и 20/19 „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21) и член 63 точка 7 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16, 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 77/21 и 285/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОДДЕЛНИ ЗАБОЛУВАЊА НА ГРАЃАНИТЕ И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РОДИЛКИТЕ И ДОЕНЧИЊАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

Заради обезбедување на здравствена заштита на граѓаните од одделни заболувања, како и заради грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на родилките и на доенчињата се обезбедуваат средства за партиципација при користењето на здравствените услуги на товар на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, и од сопствени приходи на Министерството за здравство.

За реализација на мерките и активностите предвидени во оваа Програма, се обезбедуваат средства, од Буџетот на Република Северна Македонија и од сопствени приходи на Министерството за здравство, за покривање на партиципацијата при користењето на здравствена заштита на граѓаните на Република Северна Македонија за заболувањата предвидени со оваа програмата.

Со донесувањето на оваа програма, се обезбедуваат средства за партиципација при користењето на здравствената заштита:

1. НА РОДИЛКИТЕ И ДОЕНЧИЊАТА ДО 1 ГОДИШНА ВОЗРАСТ,

ЗА СЛЕДНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ:

- интрапартална заштита на родилки (неоперативно и

оперативно породување);
- специјалистички лекарски прегледи на доенчиња;
- ортопедски лекарски преглед со ЕХО на доенчиња и
- лекување на доенчиња до една година во болнички услови

2. НА ЛИЦАТА КОИ СЕ ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАНИ, БЕЗ ОГЛЕД НА ВОЗРАСТА, ДОКОЛКУ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ДРУГА ПРОГРАМА ИМ СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ СРЕДСТВА ЗА ПАРТИЦИПАЦИЈА ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО ВРСКА СО ЛЕКУВАЊЕТО НА СЛЕДНИТЕ ЗАБОЛУВАЊА:

1. Ревматска грозница
2. Прогресивни, нервни и мускуларни заболувања;
- Duchenne – ова мускулна дистрофија,
- Паркинсонова болест,
- Миотгонии,
- Митохондриални мниопатии,
- Мијастении,

- Спинални мускулни атрофии,
- Амиотрофична латерална склероза – болести на моторен неврон,
- Хередитарни сензомоторни невропатии;
3. Прогресивна системска склероза (Sclerodermia);
4. Церебрална парализа;
5. Мултиплекс склероза;
6. Цистични фибрози;
7. Епилепсија;
8. Пемфигус и лупус еритематодес;
9. Дислексија, дисграфија и дислалија;
10. Афонија (Aphonija)
11. Заразни болести:
- ХИВ/СИДА,
- беснило (Lyssa ; Rabies),
- цревен тифус (Typhus abdominalis),
- црвенка (Rubeola),
- детска парализа (Poliomyelitis anteror acuta),
- бруцелоза (Brucellosis)
- дифтерија (Diphtheria),
- дизентерија (Dysenteria bacillaris),
- туберкулоза (Tuberculosis)
- ехинококоза (Echinococcosis),
- заразно воспаление на мозочните обвивки (Meningitis),
- заразно воспаление на мозокот (Encephalitis),
- голема кашлица (Pertussis),
- мали сипаници (Morbilli),
- овчи сипаници (Varicella),
- шарлах (Scarlatina),
- тетанус (Tetanus),
- хепатитис (Hepatitis),
- заушки (Parotitis epidemica),
- салмонелоза (Salmonellosis),
- колера (Cholera asiatica),
- маларија (Malaria),
- карантински заболувања (големи сипаници, вирусни хеморагични трески, чума),
- рововска грозница (Q – treska),
12. Испитувања за време на бременост
- здравствени услуги за бремени жени поврзани со бременоста, на сите нивоа на здравствена заштита.

3. НА БОЛНИ СО ХРОНИЧНА БУБРЕЖНА ИНСУФИЦИЕНЦИЈА И НИВНО ТРЕТИРАЊЕ СО ДИЈАЛИЗА

Основен критериум за започнување на лекувањето со дијализа претставува хроничната бубрежна инсуфициенција во терминален стадиум, односно потполно отсуство на функцијата на бубрезите. Единствен начин на надоместување на функцијата на бубрезите претставува дијализата, процес со кој се врши намалување на деградационите продукти (де-пурација и елиминација на вишокот на вода) од крвта, со цел овозможување живот на пациентот.

Како модалитети на бубрежна заменителна терапија се користат хемодијализата и хемодијафилтрација, перитонеланата дијализа и трансплантацијата на бубрег.

А. Согласно доктринарните ставови на медицинската наука, за успешно лекување на болните со хронична бубрежна инсуфициенција и нивното оспособување за вршење на секојдневните активности, оптимално секој пациент треба да биде три пати неделно третиран со хемодијализа и хемодијафилтрација, односно потребни се 156 дијализи за еден пациент годишно. За секоја дијализа потребен е: еден дијализер (се користи еднократно), потрошен материјал, лекови за процесот на дијализа и материјални трошоци. Исто така потребни се и редовни лабораториски анализи и дијагностички испитувања, кои се пропишани со нормите и стандардите за водење на хемодијализата и хемодијафилтрација.

Пациентите се лекуваат со хемодијализа и хемодијафилтрација (амбулантски) во дијализните центри во Република Северна Македонија и тоа: ЈЗУ ГОБ„8-ми Септември“ Скопје, ЈЗУ Клиника за нефрологија Скопје, ПЗУ Специјална болница за нефрологија и хемодијализа Диамед Скопје, ПЗУ - Центар за дијализа Диаверум Македонија и ПЗУ- Центар за дијализа Систина Нефроплус Кавадарци, Завод за нефрологија - Струга.

За пресметување на вкупните средства кои се потребни за партиципацијата за сите пациенти кои се на хемодијализен и хемодијафилтрација третман, потребно е да се пресмета просечната цена на чинење на еднократна хемодијализа и хемодијафилтрација која варира во зависност од видот на дијализата и здравствената состојба на пациентот.

По ова програма, за болните со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со хемодијализа и хемодијафилтрација се признава 1 ( еден ) денар.

Б. Перитонеалната дијализа претставува модалитет на хронично дијализно лекување кое се изведува во домашни услови. Пациентите се регрутираат, започнуваат со перитонеална дијализа и се следат амбулантски на Клиниката за нефрологија. Постојат два вида на перитонеална дијализа и тоа: Континуирана амбулаторна перитонеална дијализа (КАПД) и Автоматизирана перитонеална дијализа (АПД).За секоја перитонеална дијализа пот-ребен е потрошен материјал, лекови за процесот на дијализа и материјални трошоци. Исто така потребни се и редовни лабораториски анализи и дијагностички испитувања, кои се про-пишани со нормите и стандардите за водење на перитонеалната дијализа. На Клиниката за нефрологија се лекуваат до 30 пациенти годишно.

За пресметување на вкупните средства кои се потребни за партиципацијата за сите пациенти кои се на дијализен третман, потребно е да се пресмета просечната цена на чинење на еднократна дијализа која варира во зависност од видот на дијализата и здравствената состојба на пациентот.

По ова програма, за болните со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со дијализа се признава 1 ( еден ) денар.

4. МАЛИГНИ ЗАБОЛУВАЊА

Малигните заболувања претставуваат многу сериозен здравствен, социјален и економски проблем заради тежината на заболувањето, должината на лекувањето, долготрајната неспособност за работа како и лошата прогноза. Во Република Северна Македонија, малигните заболувања се на второ место по застапеност веднаш по кардиоваскуларните болести.

Во лекувањето на заболените од малигни болести учествуваат Институтот за онкологија и радиотерапија, Клиниката за хематологија, Клиниката за детски болести, Хируршките клиники и други здравствени установи во Република Северна Македонија. Здравствената заштита се состои од рано откривање и ефикасно лекување на заболените.

Програмата опфаќа лекување на малигните болести со хируршки третман, зрачење, апликација на хемиотерапија (цитостатици), дијагностички процедури поврзани со болеста и сите контролни прегледи поврзани

со примарното малигно заболување. Видот и начинот на третманот зависи од природата и стадиумот на болеста.

Со оваа програма се обезбедуваат средства за партиципација за осигурените лица, а осигурените лица правата од здравствената заштита ги остваруваат врз основа на своето здравствено осигурување.

5. ШЕЌЕРНА БОЛЕСТ - ДИАБЕТЕС МЕЛИТУС

Диабетес мелитус е метаболен синдром на висок шеќер во крвта, како резултат на апсолутен или релативен недостаток на инсулин и/или инсулинска резистенција со пореметен метаболизам на јаглени хидрати, масти и протеини и претставува едно од почестите заболувања во Републиката. Примарно се карактеризира со хипергликемија, како и појава на микроваскуларни (ретинопатија, нефропатија и невропатија) и макроваскуларни компликации (коронарна срцева болест, цереброваскуларна болест и периферна васкуларна болест), со зголемен морталитет и морбидитет и со намален квалитет на живот.

Истовремено се напоменува дека за секој инсулинозависник пациент потребно е на секои два месеци да се врши по еден специјалистички контролен преглед или годишно шест прегледи по пациент.

6. ХОРМОН ЗА РАСТ

Хормонот за раст се користи кај децата, кај коишто е пореметен процесот на растење пред се заради недостаток на овој хормон, Тарнеровиот синдром,хронична бубрежна инсуфициенција и Прадер Вили синдром. Со неговата употреба се воспоставува рамнотежа на сите функции во организмот.

Во Република Северна Македонија годишно околу 105 деца имаат потреба од хор-монска терапија. Вкупната бројка на деца кои примаат хормон за раст се определува врз медицински критериуми. Хормонот за раст се користи за децата кај кои не е завршено затворање на епифизните рскавици.

Децата се третираат на Клиниката за детски болести во Скопје. За лекување на децата се користат пенкала од 5, 8, 10, 12, 15 mg (Norditropin, Genotropin, Omnitrope и Saizen).

7. ХЕМОФИЛИЈА

Хемофилија А и хемофилија Б се наследни заболувања кои настануваат заради неспособноста на организмот да создава фактори на коагулација VIII или IX во доволни количини. Неспособноста на организмот за создавање на овие фактори предизвикува крварења од микро и макротрауми кои не можат да се сопрат освен со употреба на заместителна терапија, така да доколку овие болни адекватно и навремено не се лекуваат, кај нив можат да настанат сериозни компликации.

Третманот на лицата со хемофилија се врши во Институтот за трансфузиона медицина, Клиниката за детски болести, Клиниките за хируршки болести, Клиниката за хематологија и останатите здравствени установи во Републиката. Европската и светската асоцијација на лицата со хемофилија препорачуваат лекување со концентрати на коагулациски фактор VIII или IX. Употребата на концентрати на коагулациски фактор VIII или IX е неопходна во лекувањето на овие болни заради минимизирање на ризикот од трансмисија на вируси и поефикасно лекување на болните. Со тоа се намалуваат трошоците за болничко лекување, последиците кај болните во однос на инвалидитет и се зголемува можноста за нивно вклучување во секојдневниот живот.

Покрај активностите на лекувањето на пациентите со хемофилија, потребен е и интегративен и сеопфатен пристап, со цел подобрување на состојбата на пациентите преку рано препознавање и навремено лекување на овие пациенти, едукација на нивните семејства и др. За таа цел Центарот за хемофилија при Институтот за трансфузиона медицина заедно со граѓанските здруженија ги прошири активностите и прерасна во центар за сеопфатна грижа.

Превенција на компликации кај лицата со хемофилија во Република Северна Македонија се спроведува со редовни (6-12 месечни) контролни прегледи и континуирана едукација на медицинскиот персонал и лицата со хемофилија, како и членовите на нивните семејства.

Превентивните прегледи кај лицата со хемофилија се:

- контрола на присуство на вирусни маркери - a-HIV, a-HCV и HBsAg;
- определување на нивото на коагулациските фактори;
- определување на присуство на инхибитори и
- хепатални иследувања.

Потребно е продолжување на континуираната медицинска едукацијата на медицинскиот персонал кој е вработен во Центарот за хемофилија, и зајакнување на соработката помеѓу Центарот за хемофилија и граѓанските здруженија на лицата со хемофилија.

8. ПРЕГЛЕДИ ВО СЛУЖБИ ЗА СПОРТСКА МЕДИЦИНА

Во програмата се планира ослободување од партиципација за основен пакет прегледи во службите за спортска медицина (партиципацијата е 80,00 ден.), за млади лица на возраст од 14-29 години кои ќе се занимаваат со рекреативни спортски активности.

Прегледите ќе се реализираат со упат од матичен лекар, во служби за спортска медицина, и тоа:

1. Здравствен дом Скопје
2. Медицински факултет Скопје
3. Здравствен дом Гостивар
4. Здравствен дом Прилеп
5. Здравствен дом Битола
6. Здравствен дом Струга
7. Здравствен дом Кавадарци
8. Здравствен дом Струмица

Целта на ослободувањето на партиципација на прегледи во служби за спортска медицина е да се подигне свесноста кај младите дека прегледите на спортска медицина се подеднакво важни за заштита на здравјето како и самата спортска рекреативна активност.

Согласно резултатите од прегледите, младите мора да ги следат препораките на лекарите за тоа кој вид на спортска активност им одговара според здравствената состојба и физичката подготвеност, со цел да ги почувствуваат здравствените придобивки од спортската рекреација.

**ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

1. За здравствена заштита на родилките и доенчиња до 1-на годишна возраст, по точка 1 од оваа програма, потребни се средства за:

| | |
|---|---|
| 1. Интрапартална заштита на родилки | |
| а) неоперативно породување – x 1.250 денари<br>б) оперативно породување-царски рез – x 3.200 | 10.000.000,00<br>15.000.000,00 |
| 2. Специјалистички лекарски прегледи на доенчиња до 1 година - x 40 денари | 500.000,00 |
| 3. Лекарски ортопедски преглед со ЕХО на доенчиња до 1 година – x 40 денари | 500.000,00 |
| 4. Лекување на доенчиња до една година во болнички услови | 4.000.000,00 |
| **Вкупно:** | **30.000.000,00** |

2. За лекување во врска со наведените заболувања од точка 2 од оваа програма, потребни се средства за :

| | |
|---|---|
| 1. Специјалистички лекарски преглед - x 40 денари | 1.000.000,00 |
| 2. Основни дијагностички испитувања:<br>- лабараторија ЛУ 1<br>- рендген | <br>300.000,00<br>200.000,00 |
| 3. Лекување во болнички услови | 3.500.000,00 |
| 4. Здравстени услуги за бремени жени поврзани со бременоста, на сите нивоа на здравствена заштита | 10.000.000,00 |
| **Вкупно:** | **15.000.000,00** |

3. За болни со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со дијализа од точка 3 од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за осигурени лица кои се третираат со дијализа - x 1,00 денар | 170.000,00 |
| | **Вкупно:** | **170.000,00** |

4. За малигни заболувања од точка 4 од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за осигурени лица (лекување и контролни прегледи)<br>- x 6000,00 денари максимум | 39.920.000,00 |
| | **Вкупно:** | **39.920.000,00** |

5. За шеќерна болест – диабетес мелитус од точка 5 од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за специјалистички контролни прегледи x 40 денари | 300.000,00 |
| | **Вкупно:** | **300.000,00** |

6. За хормон за раст од точка 6 од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за осигурени 105 лица | 630.000,00 |
| | **Вкупно:** | **630.000,00** |

7. За хемофилија од точка 7 од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за осигурени лица x 5.960,00 денари | 2.000.000,00 |
| 2. | За секундарна и терцијарна превенција на хемофилија | 800.000,00 |
| | **Вкупно годишно за хемофилијата се потребни** | **2.800.000,00** |

8. За прегледи во служби за спортска медицина од точка 8 од оваа програма, потребни се средства за:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за прегледи во служби за спортска медицина ( за млади лица од 14-29 години) x 80,00 денари | 100.000,00 |
| | **Вкупно:** | **100.000,00** |

За точките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 од оваа програма, потребни се вкупно 88.920.000,00 денари од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, и тоа: 38.920.000,00 денари од основниот Буџет и 50.000.000,00 денари од Буџетот на самофинансирачки активности на Министерството за здравство.

Вкупно потребни средства за реализирање на оваа програма, се 88.920.000,00 денари за партиципација на осигурените лица во врска со лекувањето на одделни заболувања, породувањата и здравствената заштита на доенчињата.

Средствата предвидени за партиципација во оваа програма, Министерството за здравство ги дозначува до јавните здравствени установи согласно планираните средства утврдени во табелите поединечно по основ на сите услуги на здравствена заштита врз основа на фактички документирана евиденција за ослободување од партиципација на корисниците на здравствените услуги за основите наведени во оваа програма.

Во програмата предвидени се средства за неизмирени обврски од 2019, 2020 и 2021 година, средства кои ќе се измират согласно обезбедените средства за реализација на програмата.

Здравствените установи најдоцна до 25 јануари 2023 година доставаат до Министерството за здравство извештаи за реализацијата на средствата и наменското користење на истите.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.40-13008/1-21 | Прв заменик на претседателот |
| 8 февруари 2022 година | на Владата на Република |
| Скопје | Северна Македонија, |
| | д-р **Artan Grubi,** с.р. |

**374.**

Врз основа на член 172 став (4) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2022 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува намената и се доделуваат средства за финансирање, кофинансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2022 година.

II

Средствата за реализирање на оваа програма се обезбедуваат од надоместоците утврдени со член 162 од Законот за животната средина, во износ од 98.000.000,00 денари.

Дел од средствата од став 1 на овој дел ќе се доделуваат врз основа на Јавен конкурс кој што го објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно Законот за животната средина, со склучување на договори за доделување на средства. Доделувањето на средствата ќе биде врз основа на дефинирани критериуми кои ќе го земат во предвид и критериумот за рамномерен регионален развој, согласно степенот на развиеност на планските региони во Република Северна Македонија, утврдени во Јавниот конкурс.

Дел од средствата од став 1 на овој дел ќе се наменат за поддршка на мерки и активности за намалување на загадувањето на воздухот и за мерки за заштита и унапредување на животната средина и природата, со спроведување на постапка за јавна набавка.

III

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

IV

Средствата од дел II став 1 на оваа програма се распоредуваат за следните намени:

1. Изработка на техничка документација и изградба на канализациони системи и системи за одведување и пречистување на отпадни води во износ од 45.000.000,00 денари;
2. Реализирање на проекти и активности за заштита на природата и биолошката разновидност во износ од 5.000.000,00 денари;
3. Реализирање на проекти и активности за подигање на јавната свест, едукација и обука во областа на животната средина во износ од 8.000.000,00 денари;
4. Поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата во износ од 7.000.000,00 денари;
5. Поддршка на мерки и активности за намалување на загадувањето на воздухот во Република Северна Македонија во износ од 5.000.000,00 денари;
6. Поддршка на мерки и активности за заштита и унапредување на природата во Република Северна Македонија во износ од 1.000.000,00 денари;
7. Поддршка на мерки и активности за заштита на животната средина во Република Северна Македонија во износ од 3.000.000,00 денари;
8. Реализација на проекти и активности одобрени согласно Програмите за инвестирање во животната средина за 2020 и 2021 година во износ од 22.000.000,00 денари и
9. Трошоци за спроведување на оваа програма во износ од 2.000.000,00 денари.

V

(1) Средствата од дел II став 1 од оваа програма врз основа на поднесено и одобрено барање можат да се користат од следните субјекти:

1) Општини или здруженија на општини, општините во градот Скопје и градот Скопје за намените од дел IV точка 1 од оваа програма и

2) Правни и физички лица, непрофитни и невладини организации, научни и образовни институции за намените од дел IV точки 2, 3 и 4 од оваа програма.

(2) Средствата од дел IV точки 5, 6 и 7 од оваа програма ќе се реализираат со спроведување на постап-ка за јавна набавка.

(3) Средствата од дел IV точка 8 од оваа програма ќе се реализираат согласно Договорите за доделу-вање на средства од Програмите за инвестирање во животната средина за 2020 и 2021 година.

(4) Средствата од дел IV точка 9 на оваа програма ќе се реализираат за исплата на трошоци за стоки и услуги за спроведување на оваа програма.

VI

Со средствата од оваа програма можат да бидат финансирани сите видови на трошоци за реализација на програми, проекти и други активности од обласа на животната средина, освен за:

1) Закуп на земјиште;

2) Закуп на постојни згради;

3) Трошоци направени пред 1 јануари 2022 година;

4) Трошоци направени за да се покријат платите на вработените кои работат кај корисникот на средствата;

5) Трошоци за подготовка на Формуларот за аплицирање за добивање средства од оваа програма;

6) Општи и административни трошоци на апликантот;

7) Камати на долгови, надоместоци за финансиски операции и останати чисто финансиски трошоци;

8) Законските обврски, казни и пенали и

9) Трошоци за функционирање на проектот по неговата изведба, а кои не се поврзани со обуката на персоналот или пробното тестирање.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Ре-публика Северна Македонија“.

Бр. 40-13071/1-21
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**375.**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

1. Средствата за реализација на оваа програма се обезбедени во раздел 12101, програма 3, потпрограма 30, категорија 42, ставка 425 Договорни услуги, утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година во износ од 50.000.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за изработка на нов Просторен план на Република Северна Македонија во износ од 50.000.000,00 денари.

3. За спроведување на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-13066/1-21
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**376.**

Врз основа на член 41 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2022 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува изработка на урбанистички планови, урбанистички проекти и друга предпроектна и проектна документација (во натамошниот текст: урбанистичките планови и урбанистичките проекти) за 2022 година.

II

Средствата за реализација на оваа програма се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, раздел 13001 Министерство за транспорт и врски – Програма 3 – урбанизам и градежништво, Потпрограма 30 – урбанизам и градежништво, ставка 425 – договорни услуги, потставка 425640 – изработка на просторни и урбанистички планови, со вкупен износ од 18.000.000, 00 денари.

III

Средствата од дел II од оваа програма се реализират со следните урбанистички планови и урбанистички проекти:

1. Изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти за Технолошки индустриски развојни зони и индустриски зони;

2. Изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти за автокампови и туристичко развојни зони;

3. Изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти за електроцентрали од обновливи извори на енергија за потребите на Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје и Министерство за економија согласно Законот за енергетика (*);

4. Изработка на Генерален урбанистички план за Град Скопје;

5. Изработка на Генерален урбанистички план за Куманово;

6. Изработка на Детален урбанистички план за Блок 8 од Градска четврт ССИ 03 од Генералниот урбанистички план на Град Скопје донесен со Одлука на Советот на Град Скопје бр. 07-5068/1 од 23.12.2012 година;

7. Изработка на Генерален урбанистички план за Тетово;

8. Изработка на Урбанистички план за село Долно Палчиште, општина Боговиње;

9. Изработка на Урбанистички план за село Долно Оризари, општина Шуто Оризари;

10. Изработка на Урбанистички проекти за Казнено-поправна установа Идризово;

11. Изработка на Урбанистички проект за изградба на меѓурегионална депонија за комунален отпад – централна постројка за управување со отпад лоцирана во општина Свети Николе;

12. Изработка на Урбанистички проект за автокамп во општина Петровец;

13. Изработка на Урбанистички проект за изградба на фотоволтаични централи, со намена Е2- комунална супраструктура, КО Богданци вон-град, општина Богданци;

14. Изработка на Урбанистички проект за формирање на градежни парцели во Блок 1, за наменска зона 1.1 со основна намена В2- здравство и социјална заштита – Универзитетски клинички центар, дефинирана во Урбанистички план вон населено место Веле Поле, општина Ѓорче Петров;

15. Изработка на Урбанистички проект за Казнено-поправна установа Прилеп;

16. Изработка на Генерален урбанистички план за Дебар;

17. Изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридскиот регион;

18. Изработка на Детален урбанистички план за Градска четврт 2 од Генерален урбанистички план за Кочани донесен со Одлука на Советот на Општина Кочани бр.09-0401/1 од 15.7.2016 година;

19. Изработка на урбанистички план односно урбанистички проект за Прифатен центар за странци;

20. Изработка на шест урбанистички проекти вон опфат на урбанистички план за локални станици за управување со отпад – претоварни станици во општините: Штип, Виница, Ранковце, Македонска Каменица, Куманово и Берово;

21. Изработка на урбанистички план односно урбанистички проект за граничен премин Деве Баир;

22. Изработка на урбанистички план односно урбанистички проект за граничен премин Богородица;

23. Изработка на заштитно конзерваторски основи за урбанистичките планови и урбанистичките проекти од оваа програма;

24. Изработка на ажурирани геодетски подлоги за урбанистичките планови и урбанистички проекти од оваа програма;

25. Изработка на студии или елаборати за стратешка оценка на влијанието врз животната средина за урбанистичките планови и урбанистичко-планските документации од оваа програма;

26. Изработка за услови за планирање за урбанистичките планови и урбанистички проекти од оваа програма и

27. Исплата на средства по доставени фактури за урбанистички планови, урбанистички планови за четврти, урбанистичко - плански документации, студии или елаборати за стратешка оценка на влијанието врз животната средина и услови за планирање на просторот, чие изготвување е започнато согласно Годишната програма за изработка на урбанистички планови и државна и локална урбанистичка планска документација во Република Македонија во 2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/13, 69/13, 130/13 и 163/13), Годишната програма за изработка на урбанистички планови и државна и локална урбанистичка планска документација во Република Македонија во 2014 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/14, 143/14, 161/14 и 182/14), Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови и државна и локална урбанистичка планска документација, урбанистичка планска документација за туристичка развојна зона, урбанистичка планска документација за автокамп и проект за инфраструктура во Република Македонија за 2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/14 и 62/15), Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации за 2015 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 215/15), Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/16, 29/16, 68/16 и 190/16), Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко –проектни документации за 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 192/16, 114/17 и 191/17), Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/18, 56/18, 73/18 и 212/18), Годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко – планска-документација и урбанистичко – проектни документации за 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 16/19, 107/19 и 248/19), Годишната програма за финансирање на из-работка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички плано-ви, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектни документации во 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.7/20) и Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.15/21, 107/21 и 258/21), а ќе се врши согласно условите утврдени со соодветната програма.

IV

1. Изработката на урбанистичките планови и урбанистичките проекти од оваа програма се врши од страна на Агенцијата за планирање на просторот. Реализација на оваа програма се врши врз основа на договор меѓу Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за планирање на просторот како и договор меѓу Министерството за транспорт и врски и подносителот на предлогот за изработување на урбанистички план или урбанистичко планска документација во случаите на финансирање од нивна страна или кофинансирање, со кој се утврдуваат случаите за постоење на обврска за враќање на исплатените средства од оваа програма во

Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година во случај на прекинување на на изработката на истите по барање на подносителот на предлогот за нивно изработување.

2. Исплатата на средствата од дел II од оваа програма ќе ја изврши Министерството за транспорт и врски за секоја задача одделно во зависност од степенот на извршување на задачата, а врз основа на барање за исплата со приложени: програма, договор и извештај за степенот на извршената задача доставен од Агенцијата за планирање на просторот, при што исплатата ќе се врши на следниот начин:

- за урбанистичките планови 50 % од вредноста на задачата ќе се исплати по изработување на планската програма, 30% по изработување на нацрт на урбанистичкиот план, а 20% по изработување на предлог на урбанистичкиот план;
- за урбанистичките планови кои немаат фаза на нацрт урбанистички план 50 % од вредноста на задачата ќе се исплати по изработување на планската програма, а 50% по изработување на предлог на урбанистичкиот план;
- за урбанистичките проекти 100% од вредноста на задачата ќе се исплати по нивно изработување и доставување во информацискиот систем е – урбанизам и
- заштитно конзерваторските основи, ажурираните геодетски подлоги, студиите или елаборатите за стратешка оценка на влијанието врз животната средина како и елаборатите за услови за планирање на просторот ќе се исплатат по нивно изработување.

V

Министерството за транспорт и врски за реализираните буџетски средства од оваа програма доставува извештај со финансиски показатели до Владата на Република Северна Македонија, заклучно со 31 јануари 2023 година.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-50/1
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**377.**

Врз основа на 13 став (2) од Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија“ бр.22/10, 136/11, 144/14, 149/15 и 37/16) и член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

## НАЦИОНАЛНА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

I. Вовед

Национална годишна програма за јавно здравје во Република Северна Македонија за 2022 година (Програмата) е стандарден пакет на мерки и активности кои ги спроведуваат: Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија (ИЈЗ на РСМ) и 10-те Центри за јавно здравје (ЦЈЗ) како и активности кои ги спроведуваат Институтот по медицина на трудот на Република Северна Македонија (ИМТ на РСМ) и „Медицински факултет Скопје–Институт за епидемиологија и медицинска биостатистика“.

Програмата содржи мерки, задачи и активности за следење и проценка на здравјето и добросостојбата на населението, идентификување, предвидување, испитување, ублажување на здравствените проблеми и опасности во заедницата.

Во Програмата е утврден видот на задачите и финансиските средства за реализација на Програмата.

II. Цел на Програмата

Програмата се изготвува со цел да се зачува и унапреди здравјето на населението, да се овозможи спроведување на основните функции и задачи на јавното здравје, преку организирани мерки и активности што ги презвемаат државните органи, институциите, единиците на локаланата самоуправа и други правни и физички лица во соработка со здравствените установи, да се обезбеди соодветен одговор во случај на јавно здравствена потреба и итност и појава на јавно здравствена вонредна околност, обезбедување и спроведување на меѓународните здравствени правила, се со цел да се зачува и унапреди здравјето на населението.

Со задачите од оваа програма се обезбедува остварување на загарантирани права, утврдени потреби и интереси на сите граѓани што имаат карактер на унапредување на здравјето и преземање на мерки и активности за спречување и сузбивање на заболувањата, како и остварување на задачите и активностите на Центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, утврдени со член 48 од Законот за здравствената заштита и препораките на Светска здравствена организација (СЗО).

III. Извршители на Програмата

Програмските активностите предвидени со оваа програма ги спроведуваат следниве извршители:

1. 10- те Центри за јавно здравје
2. Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија
3. Институт за медицина на труд на Република Северна Македонија
4. Медицински факултет Скопје - Институт за епидемиологија и медицинска биостатистика

10-Центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија потребно е согласно плановите за работа да достават до Министерство за здравство најдоцна до 1 февруари 2022 план и обем на активности за 2022 година.

Согласно доставениот план ќе се исплаќаат финансиските средства за предметната програма. Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе врши надзор и контрола врз плановите, фактурите и извештаите.

ЦЕНОВНИК

| Национална годишна програма за јавно здравје за 2022 година, единечни цени и вкупна сума по активности за Центри за јавно здравје – ЕПИДЕМИОЛОШКА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| Индикатори | Единечна цена |
| Секојдневно прибирање и анализирање на индивидуални пријави за заразни болести во електронски систем и соодветни книги за евиденција | 100,00 |
| Обработка на пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болест во електронски систем за евиденција и соодветни книги за евиденција | 100,00 |
| Изработка на епидемиолошки анкети за заразни болести и навремено доставување до Институт за јавно здравје, согласно законска регулатива и во зависност од епидемиолошката ситуација | 800,00 |
| Спроведување на теренски увиди во здравствени установи и кај матичните доктори, за контрола на пријавување и евиденција на заразни заболувања и микробиолошки докажани причинители на заразни болести, како ипријавување во АЛЕРТ системот. Изготвување и доставување на извештај за направениот увид | 1.200,00 |
| Изработка на месечни извештаи за заразни болести на ниво на Центри за јавно здравје (табеларни, со епи коментар - билтени) | 15.000,00 |
| Изработка на годишни извештаи за заразни болести на ниво на Центри за јавно здравје (табеларни, со епи коментар) | 20.000,00 |
| Подготовка на квартални извештаи за остварени активности по Националната програма за јавно здравје на ниво на Центар за јавно здравје | 10.000,00 |
| Подготовка на Годишен табеларен извештај за остварени активности по Националната програма за јавно здравје на ниво на Центар за јавно здравје | 15.000,00 |
| Теренски увид и извештај до Институт за јавно здравје за резултатите, причинителот и преземените мерки за сузбивање на заболувањето по извршениот увид од страна на Центри за јавно здравје | 2.200,00 |
| Анализа на состојбата и изработување на неделни извештаи за АЛЕРТ системот на ниво на Центар за јавно здравје | 500,00 |
| Теренски увиди за контрола на студен синџир и опфат во вакцинални пунктови и породилишта | 1.200,00 |
| Спроведување на активности за промоција на придобивките од имунизацијата кај населението | 1.000,00 |
| Пребарување на невакцинирани лица и организирање на активности за нивна вакцинација | 1.200,00 |
| Теренски увид и изготвување на информација по пријава за поствакцинална несакана реакција | 1.200,00 |
| Изготвување на квартални табеларни извештаи за вакцинален опфат по Центри за јавно здравје, по видови вакцини и ревакцини | 6.000,00 |
| Изготвување на шестмесечни табеларни извештаи за вакцинален опфат по Центри за јавно здравје, по видови вакцини и ревакцини | 6.000,00 |
| Изготвување на годишен извештај за спроведената имунизација за 2021 во Центри за јавно здравје, со опфат одделно за секоја вакцина/ревакцина (табеларен и наративен) | 15.000,00 |
| Прибирање и обработка на неделни извештаи за Акутна флакцидна парализа (АФП) од болниците, испраќање извештај до Институт за јавно здравје | 1.000,00 |
| Центрите за јавно здравје ќе извршат увид во вакциналните пунктови за проверка на опфатот со вакцина против полио за Акутна флакцидна парализа случаите и нивните блиски контакти - деца на возраст до 15 години и ќе зема материјал за вирусолошко испитување | 3.000,00 |
| Изработка на епидемиолошки анкети за секој случај на мали сипаници и/или рубеола, земање материјал за лабораториска анализа и навремено доставување до Институт за јавно здравје | 1.200,00 |
| При сомневање за појава на епидемија, се прави епидемиолошки увид на терен и се изготвува информација која се доставува до Институт за јавно здравје /Државен санитарен и здравствена инспекторат/Министерство за здравство | 10.000,00 |
| Во случај на епидемија се подготвуваат неделни/месечни информации за актуелната состојба и преземените мерки и се доставуваат до Институт за јавно здравје | 1.000,00 |
| Апликација на вакцини кај лица над 18-годишна возраст - лица изложени на ризик и по епидемиолошки индикации | 80,00 |
| Детекција и анализа на потенцијални кластери на заболувања кои се пренесуваат преку храна | 4.000,00 |
| Вршење на теренски увид при зголемен број на заболени од заболувања кои се пренесуваат преку храна и вода и изготвени информации со предлог мерки | 3.000,00 |
| Обезбедување на материјал за потврда, а по потреба и за конфирмација на причинителот во микробиолошките лаборатории на Институт за јавно здравје | 700,00 |
| Следење на бацилоносителството врз основа на законските прописи, со изготвување на епидемиолошки анкети и лабораториски испитувања | 800,00 |
| Спроведување на епидемиолошки увиди (програмски и по индикации) на територијата на секој Центар за јавно здравје за следење на болнички стекнатите инфекции и изработка на информации | 3.000,00 |

| | |
|---|---|
| Земање материјали за микробиолошки анализи со цел контрола на моменталната состојба | 700,00 |
| Докажување на резистенција на микроорганизмите кон антимикробните средства од пациенти со болнички стекната инфекција во лабораториите на Центрите за јавно здравје. Водење на соодветна датабаза и навремено испраќање до Институт за јавно здравје | 2.000,00 |
| Изготвување на квартални извештаи за спречување и сузбивање на болнички стекнати инфекции и за спроведените мерки и активности на ниво на Центри за јавно здравје | 10.000,00 |
| Изготвување на годишен извештај за спречување и сузбивање на болнички стекнати инфекции и за спроведените мерки и активности на ниво на Центри за јавно здравје | 20.000,00 |
| Обработка на пријави, направени теренски увиди и изготвување на епидемиолошка анкета за пријавени случаи на вирусен хепатит Б или Ц | 2.000,00 |
| Водење на евиденција за секое носителство или хронична болест од овие хепатити и достава на истите до Институт за јавно здравје | 500,00 |
| Водење на годишна евиденција за вкупен број на тестирани лица за хепатит Б и Ц на територијата која ја покрива Центарот за јавно здравје (позитивни и негативни) – шестмесечен/годишен извештај | 5.000,00 |
| Редовна евиденција и анализа на пријавените Сексуално преносливи инфекции навремено доставување на пријава и анкета до Институт за јавно здравје за секој случај на Сексуално преносливи инфекции на територија на Центрите за јавно здравје | 1.200,00 |
| Спроведување и контрола на дезинсекција против комарци на територијата на Република Северна Македонија (по општини), согласно Акциониот план за превенција од векторски преносливи болести. Информации за спроведена дезинсекција/контрола | 3.000,00 |
| Подготовка на оперативни планови за дезинфекција, дезинсекција и деритизација на ниво на локална самоуправа | 6.000,00 |
| Ловење комарци за рано детектирање присутност на патогени кај комарците (пр.West Nile Virus) во Град Скопје | 20.000,00 |
| Ловење комарци за рано детектирање присутност на патогени кај комарците (пр.West Nile Virus) низ територијата на РСМ | 62.000,00 |
| Доставување на пријава и епидемиолошка анкета до Институт за јавно здравје и задолжително теренско истражување во случај на пријавена зоонози и ВПБ. Обезбедување на материјал за лабораториска дијагностика и доставување до надлежна лабораторија. Изготвување на информација за појава на случај и теренско истражување и навремено доставување до Институт за јавно здравје и други надлежни институции. | 6.000,00 |
| Дезинфекција по епидемиолошки индикации по м2 | 10,00 |
| Дератизација по епидемиолошки индикации по мамец | 50,00 |
| Адултицидна дезинсекција по епидемиолошки индикации по м2 | 20,00 |
| Ларвицидна дезинсекција по епидемиолошки индикации по м2 | 25,00 |
| Земање на материјал за дијагностика од лицата кои се враќаат од земји со ендемска маларија (согласно Светска здравствена организација - водич за патници во меѓународен сообраќај) | 500,00 |
| Континуирано прибирање и обработка на групни пријави за грип на ниво на Центри за јавно здравје во текот на сезоната на грип и нивно доставување до Институт за јавно здравје. Изработка и доставување на неделни извештаи за спроведена вакцинација против грип на територијата на Центри за јавно здравје | 2.400,00 |
| Центри за јавно здравје во сезоната ќе обезбедат материјали од лица со симптоми на грип или слични на грип/ акутни респираторни инфекции за лабораториска дијагностика | 200,00 |
| Број на набавени и аплицирани вакцини против сезонски грип | 80,00 |
| Центрите за јавно здравје ќе извршат епидемиолошки теренски увиди при појава на случаи на нови заболувања или заболувања кои повторно се појавуваат и ќе достават информација до Институт за јавно здравје. Ќе обезбедат материјал за лабораториско испитување и по потреба ќе го достават до Институтот за јавно здравје | 5.000,00 |
| Воведување на систем за приправност на епидемиолошката служба при Центри за јавно здравје | 6.000,00 |
| Вршење на епидемиолошки истражувања, согласно протокол за истражување на епидемии и брза реакција во кризни состојби и земање на материјал за лабораториско докажување/потврдување на причинителот. Изготвување на информации и доставување до Институт за јавно здравје, Министерство за здравство, Агенција за храна и ветеринарство и Државен санитарен и здравствен инспекторат | 6.000,00 |
| Изработка и доставување на Пријави и Одјави за епидемии на заразна болест од Центри за јавно здравје до Институт за јавно здравје со извештај и епидемиолошки коментар | 5.000,00 |
| Изготвување на информативно-едукативен материјал - брошури, флаери, постери, публикации за заразни заболувања, наменет за широката јавност и здравствени работници | 6.000,00 |

| НАЦИОНАЛНА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ за 2022<br>единечни цени и вкупна сума по активности за Институт за јавно здравје – ЕПИДЕМИОЛОШКА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| Активности | Единечна цена |
| Водење на национална база на индивидуални пријави за:<br>1. заразни заболувања, 2. микробиолошки изолати и 3. анкети | 30.000,00 |
| Изработка на месечни билтени на национално ниво (табеларни, со епи коментар - билтени). Изработка на квартални извештаи | 15.000,00 |
| Изработка на годишен извештај за движење на заразни болести на национално ниво (табеларен со епидемиолошки коментар) | 60.000,00 |
| Спроведување на квартален мониторинг (теренски увиди) во Центрите за јавно здравје за верификација, контрола на спроведените програмски активности на ниво на Центар за јавно здравје и стручно методолошка помош. Изготвување на извештај од мониторингот | 15.000,00 |
| Обуки за примена на дефиниција на случај, согласно законска регулатива и критериуми на Европскиот центар за контрола и превенција на заразни болести и финална класификација | 15.000,00 |
| Обука на корисниците за употреба на системот во сите Центри за јавно здравје | 15.000,00 |
| Годишен АЛЕРТ извештај на национално ниво | 50.000,00 |
| Теренски увиди за контрола на сите аспекти во процесот на задолжителна вакцинација во вакциналните пунктови, како и вакцинација по епидемиолошки индикации во Центри за јавно здравје | 5.000,00 |
| Изготвување на шестмесечен извештај за вакцинален опфат на ниво на Република Северна Македонија ( табеларен со епи коментар) по Центри за јавно здравје, по видови вакцини и ревакцини | 30.000,00 |
| Изготвување на годишен извештај за спроведената имунизација во Република Севрена Македонија (табеларен и наративен) за 2021 година, по Центри за јавно здравје, со опфат одделно за секоја вакцина/ревакцина | 60.000,00 |
| Прибирање, обработка и анализа на Пријавите за поствакцинални несакани реакции и подготвување на шестмесечен и годишен извештај | 10.000,00 |
| По добивање на итна пријава за Акутна флацидна парализа случај веднаш ќе биде направен теренски увид, при што ќе биде направена епидемиолошка анкета | 1.500,00 |
| Изготвување на неделни, месечни и тримесечни извештаи за Акутна флацидна парализа случаи, преземени мерки во врска со нивното регистрирање | 20.000,00 |
| Изготвување на Годишен извештај за Акутна флацидна парализа случаи во Република Северна Македонија, преземени мерки во врска со нивното регистрирање, доставување до надлежни институции | 60.000,00 |
| Ажурирање на Планот за акција за одржување на статусот “ослободен од полиомиелитис” на Република Северна Македонија | 30.000,00 |
| Ажурирање на Програмата за елиминација на малите сипаници и превенција на конгенитална рубеола инфекција, за период 2016-2022 | 30.000,00 |
| Анализа на земениот материјал во вирусолошката лабораторија при Институт за јавно здравје за класификација на случајот | 2.000,00 |
| Водење на национална датабаза на случаи со мали сипаници и рубеола | 10.000,00 |
| Координација и континуирано следење на сите активности на регионално и локално ниво, спроведување на теренски увиди и предлагање и преземање на мерки и активности | 9.000,00 |
| Изготвување на месечни извештаи за состојбата со вакцинопревентабилни болести во Европа и Светот поврзани со податоци од референтни меѓународни институции и организации | 15.000,00 |
| Изготвување на протокол (водич) за истражување на епидемии од заболувања кои се пренесуваат преку храна и вода. | 30.000,00 |
| Спроведување на епидемиолошки истражувања со примена на аналитички методи за одредување на ризик фактори. Извештаи/информации со предлог мерки за спречување на идни епидемии. | 30.000,00 |
| Изготвување на Програма/Упатство за епидемиолошки надзор над појава на болнички стекнати инфекции, базиран на медицина на докази, воведување и придржување кон дефиниција за случај за ИХИ | 30.000,00 |
| Спроведување на епидемиолошки увиди за спречување и сузбивање на болнички стекнатите инфекции (програмски и по индикации) со укажување на стручно-методолошка помош во Центарот за јавно здравје и здравствените установи на територијата на секој Центар за јавно здравје | 3.000,00 |
| Воведена датабаза за следење на антимикробна резистенција кај пријавените болнички стекнати инфекции | 30.000,00 |
| Изготвување на квартални извештаи за спречување и сузбивање на болнички стекнати инфекции и за спроведените мерки и активности на национално ниво | 30.000,00 |
| Изготвување на годишен извештај за спречување и сузбивање на болнички стекнати инфекции и за спроведените мерки и активности на национално ниво | 60.000,00 |
| Водење на регистер за носителства и хронични случаи на хепатит Б и Ц на ниво на Република Северна Македонија | 30.000,00 |

| | |
|---|---|
| Дизајн на методологија и спроведување на студија за серопреваленца за хепатит Б и Ц, со цел да се потврди пријавениот вакцинален опфат за хепатит Б, да се утврдат пропусти во вакцинацијата за хепатит Б, да се откријат осетливите групи и да се добијат податоци за преваленцата од овие две заболувања на национално ниво | 100.000,00 |
| Водење на датабаза со вкупен број на тестирани лица за хепатит Б и Ц на национално ниво | 60.000,00 |
| Координирање и континуирано следење на преземањето на мерки и активности согласно Акциониот План за справување со вектор преносливи болести (ВПБ), односно извршена дезинсекција против комарци на територијата на Република Северна Македонија (по општини) | 3.000,00 |
| Воспоставување на систем за редовна размена на информации меѓу АХВ и Институт за јавно здравје | 20.000,00 |
| Создавање на мрежи за размена на информации поврзани со зоонози и вектор преносливи заболувања со соседните земји | 20.000,00 |
| Изработка на RT-PCR на комарци за рано детектирање на присутност на вируси (WNV) | 5500,00 |
| Изготвување на месечни извештаи за за состојбата со заразни болести кои претставуваат закана за јавното здравје во Европа и Светот поврзани со зоонози и вектор преносливи заболувања со податоци од референтни меѓународни институции и организации | 15.000,00 |
| Изготвување на стручно-методолошко упатство за превенција од појава на заразни заболувања патници кој одат на аџилак со посебен осврт на вакцинација и хемиопрофилакса, согласно препораки на Светска здравствена организација | 10.000,00 |
| Стручно-методолошка помош на Центри за јавно здравје при пријавен случај на маларија со теренски увид и информација до ДСЗИ и МЗ | 8.500,00 |
| Изготвување на годишен извештај за состојбата и заболените од маларија | 10.000,00 |
| Водење на датабаза за грип на национално ниво. Изготвување неделни информации за состојбата со грип преку редовниот и сентинел систем за надзор и извештаи за вакцинацијата против сезонски грип | 4.000,00 |
| Изготвување и адаптирање на едукативни материјали за заштита од грип и промоција на вакцинација против грип (кампања за вакцинација против грип) | 30.000,00 |
| При појава на пандемски грип, по потреба ревидирање и изработка на стручни упатства, протоколи за следење, вакцинација на приоритетни групи, согласно Оперативниот план | 50.000,00 |
| При појава на нова или заразна болест која повторно се јавува, Институт за јавно здравје врши теренски увид со стручно-методолошка помош на Центри за јавно здравје | 8.000,00 |
| Следење на најновите стручни и научни сознанија од референтни институции и изготвување на периодични информации за состојбата со овие заболувања во земјата и светот | 15.000,00 |
| По потреба, изготвување на информации за населението, упатства за работа на здравствени установи и друг информативен материјал од страна на Институт за јавно здравје /во соработка со Институт за јавно здравје | 10.000,00 |
| Формирање на дежурни епидемиолошки служби (систем за приправност) на ниво на Институт за јавно здравје кои ќе бидат достапни 24/7 | 15.000,00 |
| Подготовка на Протокол на здравствен сектор со методологија на работа, чекори и надлежности при истражување на епидемии и брза реакција во кризни состојби | 30.000,00 |
| Спроведување на теренски увиди и пружање стручно методолошка помош од страна на стручни тимови на Институт за јавно здравје при појава на зголемен број на заболени или епидемии и други кризни состојби | 8.000,00 |
| Анализа и евалуација на Пријави/Одјави и информации за епидемии на заразна болест од Центри за јавно здравје со континуирана обработка на доставените пријави и анкети | 10.000,00 |
| Стручна подготовка на соодветен информативно-едукативен материјал - брошури, летоци, постери, публикации за заразни заболувања, наменети за широката јавност и за здравствени работници | 10.000,00 |

Ценовник за активности кои се спроведуваат во врска со COVID - 19

| Вид на активности од страна на Институт за јавно здравје на РСМ | Единечна цена (ден.) |
|---|---|
| Изработка и управување на база за водење на позитивни случаи со COVID-19 | 50.000,00 |
| Доставени неделни агрегирани извештаи до СЗО и ЕЦДЦ преку TESSy базата: за позитивни и за починати случаи на COVID-19 | 1.000,00 |
| Земање на материјал по епидемиолошка проценка во клинички установи, болници и др. здравствени установи | 800,00 |
| Епидемиолошки теренски увиди во клиниките и болниците, како и ЦЈЗ на зафатените подрачја и пружање на стручно методолошка помош | 5.000,00 |
| Број на изготвени дневни информации за потребите на МЗ (табели за прес-конференции) | 3.000,00 |
| Број на изготвени дневни информации со епидемиолошки коментар (МЗ, веб-страна) | 6.000,00 |
| Управување со дополнителни информации за лабораториски резултати кои не се внесуваат во Мој Термин | 10.000,00 |
| Интервенции на дневна база во системот Мој Термин со цел заокружување на исход (оздравување/умирање), хоспитализација/отпуштање од болничко лекување и сл. | 5.000,00 |
| Изготвување на списокот на позитивните починати лица за потребите на ДСЗИ и ЦЈЗ/ПЕ на дневна база | 3.000,00 |
| Подготовка на документи за Комисија за заразни болести (Алгоритми, Упатства, Протоколи) | 5.000,00 |
| Теренски увиди во високоризични подрачја/стручна помош на локални кризни штабови | 6.000,00 |
| Ажурирање на WEB страна наменета за јавност | 15.000,00 |
| Подготовка на пишани материјали/текстови и одговори на медиумски прашања | 1.000,00 |
| Едукации за здравствените работници | 15.000,00 |
| Подготвување на упатство за населението и за здравствените работници | 3.000,00 |
| Комуникација со граѓаните на дежурен телефон 24/7 | 3.000,00 |
| Обработка и анализа на податоци за спроведена вакцинација против COVID19-дневно | 3.000,00 |
| Обработка и анализа на податоци за спроведена вакцинација против COVID19-неделно | 10.000,00 |
| Изготвување на квартални информации за несакани ефекти после вакцинација против COVID19 | 10.000,00 |

Ценовник за активности кои се спроведуваат во врска со COVID – 19 од страна на Центрите за јавно здравје на Република Северна Македонија

| Вид на активности од страна на 10-те Центри за зјавно здравје како против епидемиски мерки во врска со COVID-19 | Единечна цена (ден.) |
|---|---|
| Епидемиолошки анкети на позитивни случаи | 800,00 |
| Епидемиолошки анкети на контакти на позитивни случаи | 800,00 |
| Земени материјали (брис) за тестирање во Центар за јавно здравје - пункт за тестирање | 700,00 |
| Земени материјали (брис) од високоризични контакти во домашни услови | 1000,00 |
| Земени материјали од пациенти на домашно лекување | 1000,00 |
| Број на теренски епидемиолошки увиди заради проценка на ризик во фирми, фабрики, институции | 1500,00 |
| Епидемиолошки теренски увиди во здравствени установи | 1500,00 |
| Изготвени информации доставени до Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија | 500,00 |
| Подготвени и испратени табели за следење на лица на домашно лекување | 500,00 |
| Подготвени и доставени табели за хоспитализирани лица | 500,00 |
| Телефон - комуникација со јавност 24/7 | 2000,00 |
| Интервенции во системот Мој Термин на дневна база: оздравување | 20,00 |

| Национална годишна програма за јавно здравје за 2022 година, единечни цени и вкупна сума по активности за Центри за јавно здравје – САНИТАРНО ХИГИЕНТСКА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| Активности | Единечна цена |
| Санитарно-хигиенски (теренски) увиди на водоснабдителни објекти од јавно-здравствен интерес и значење: јавни водоснабдителни објекти во градска и во рурална средина, водоснабдителни објекти во училишта, детски градинки, интернати, казнено-поправни домови, јавно-здравствени институции и др.) | 2.400,00 |
| Пополнување на Прашалник за состојбата со пристап до безбедна вода, санитација и хигиена при увиди во училишна средина (WASH пакет) | 1.200,00 |
| Извештај за состојбата со со пристап до безбедна вода, санитација и хигиена при увиди во училишна средина (WASH пакет) (годишно) | 3.000,00 |
| Санитарно-хигиенски (теренски) увиди на водоснабдителни објекти во рурална средина со кои стопанисува или не стопанисува јавно комунално претпријатие | 2.400,00 |
| Санитарно-хигиенски (теренски) увиди на површински води | 2.400,00 |
| Основен преглед А (микробиолошка и физичко-хемиска анализа) на примерок вода | 2.000,00 |
| Санитарно-хигиенски увиди на кујни за колективна исхрана | 1.500,00 |
| Бактериолошка анализа на мостри храна | 1.100,00 |
| Физичко-хемиска и бактериолошка анализа на мостри вода за пиење и површински води | 2.000,00 |
| Анализа на мостри брисеви од работни површини | 500,00 |
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 14-1042/2
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**384.**

Врз основа на член 38 од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2008, 17/2011, 51/2011, 74/2012, 41/2014, 144/2014, 146/2015, 30/2016 и 64/2018) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУ ЦЕНТАР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИТЕ**

1. За член на Управниот одбор на Јавната установа Центар за образование на возрасните, се именува Сашо Дуковски претставник од Сојузот на стопанските комори на Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 14-1062/2
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**385.**

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/2019 и 220/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА В.Д. ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА КПУ ЗАТВОР БИТОЛА**

1. На Костантин Тодоровски, му се утврдува престанок на функцијата вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Битола, поради исполнување на услови за стекнување на право на старосна пензија, заклучно со 13 февруари 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-1241/1
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**386.**

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019 и 220/2019) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА КПУ ЗАТВОР БИТОЛА**

1. За вршител на должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Битола се именува Наташа Талевска, сметано од 14 февруари 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-1242/1
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**387.**

Врз основа на член 190 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/2019, 146/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021 и 294/2021) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА ОРГАНОТ ЗА НАДЗОР НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА СТРУМИЦА**

1. За член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица, се именува Елена Гарванлиева.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-1245/1
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**388.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016, 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, 153/2019, 180/2019, 275/2019, 77/2021 и 122/2021) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗАВОД ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА СЛУХ, ГОВОР И ГЛАС – СКОПЈЕ**

1. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје, се именува Абдулфетах Салифоски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14- 1249/1
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**389.**

Врз основа на член 8 од Законот за употребата на македонскиот јазик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/98, 89/2008, 116/2010, 187/2013, 152/2015, 192/2015 и 193/2017) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК**

1. Од должноста претседател и членови на Советот за македонски јазик, поради истек на мандатот се разрешуваат:

а) од претседател:
- проф. д-р Људмил Спасов

б) од членови:
- проф. д-р Емилија Црвенковска
- проф. д-р Елена Јованова - Грујовска
- проф. д-р Елизабета Бандиловска
- проф. д-р Славица Србиновска
- проф. д-р Марија Паунова
- проф. д-р Снежана Велковска

- Сашо Димоски
- проф. д-р Соња Новотни

2. За претседател и членови на Советот за македонски јазик, се именуваат:
а) за претседател:
- Људмил Спасов
б) за членови:
- Елена Јованова-Грујовска
- Елизабета Бандиловска
- Виолета Јанушева
- Лидија Аризановска
- Снежана Велковска
- Елизабета Кузмановска
- Симон Саздов
- Искра Пановска Димкова

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-1250/1
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**390.**

Врз основа на член 8 од Законот за основање на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/2010, 36/2011, 41/2014 и 64/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, поради истек на мандатот, се разрешуваат:
- Перса Наумовска
- Мирче Јанев

2. За членови на Управниот одбор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, се именуваат:
- Перса Наумовска
- Мирче Јанев

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-1252/1
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**391.**

Врз основа на член 9 од Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008, 156/2010, 59/2012, 187/2013, 41/2014 и 83/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ**

1. Илинка Кољозова се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, поради истек на мандатот.

2. За член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, се именува Илинка Кољозова.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-1253/1
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**392.**

Врз основа на член 34 од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2013, 30/2013, 120/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 178/2016, 64/2018, 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“124/2019, 248/2020 и 302/2020), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОСНОВАЧОТ НА ДРЖАВНИОТ СТУДЕНТСКИ ДОМ „СКОПЈЕ“- ВО СКОПЈЕ**

1. Од должноста членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Скопје“- во Скопје, поради истек на мандатот се разрешуваат:
- Марија Каевска
- Игор Гошевски

2. За членови на Управниот одбор – претставници на основачот на Државниот студентски дом „Скопје“- во Скопје, се именуваат:
- Марија Каевска
- Марко Спиркоски

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-1255/1
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**393.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ „ЈАСЕН“ – СКОПЈЕ**

1. Од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“ – Скопје, се разрешуваат:
- Егзона Јашари и
- Татјана Укајдари

2. За членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“ – Скопје, се именуваат:
- Фикрет Исени и
- Татјана Укајдари

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-1256/1
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**394.**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2022 донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ „ЈАСЕН“ – СКОПЈЕ**

1. Од должноста член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“ – Скопје, поради истек на мандатот, се разрешува Михајло Илиевски.

2. За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „ЈАСЕН“ – Скопје, се именува Михајло Илиевски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-1258/1
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**395.**

Врз основа на член 12 од Законот за Фондот за осигурување на депозити („Службен весник на Република Македонија” бр. 63/2000, 29/2002, 43/2002, 49/2003, 81/2008, 158/2010, 43/2002, 49/2003, 81/2008, 158/2010, 43/2014 15/2015, 153/2015, 27/2016 и 83/2018) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ**

1. Од должноста член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити се разрешува Магдалена Симоновска, на нејзино барање.

2. За член на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити се именува Ермира Фида на предлог на министерот за финансии.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-1259/1
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**396.**

Врз основа на член 12 од Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/2007, 24/2011, 24/2013, 41/2014, 145/2015, 55/2016 и 64/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА НАЦИОНАЛНАТА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ**

1. Од должноста член на Управниот одбор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, се разрешува Ермира Фида, на нејзино барање.

2. За член на Управниот одбор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, претставник од Министерството за финансии, се именува Билјана Бутлевска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-1260/1
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**397.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2012, 145/2012, 87/2012, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016, 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019, 153/2019, 180/2019, 275/2019, 77/2021 и 122/2021) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈУ ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИКИ, ЗАВОД И УРГЕНТЕН ЦЕНТАР – СКОПЈЕ**

1. Од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар – Скопје, се разрешува Неџат Алији.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 14-1262/1
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**398.**

Врз основа на член 159 став 4 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2013, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016, 132/2016, 35/2018, 220/2018, 245/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/2019, 275/2019, 31/2020 и 267/2020) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ДАДЕНАТА СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Дадената согласност со Решение на Владата на Република Северна Македонија бр.40-2411/1 од 16 март 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/2021) на Одлуката на Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија бр. 02 – 4377/1 од 19 ноември 2020 година, со која за директор на Фондот е именувана Билјана Јовановска, престанува да важи заклучно со 8 февруари 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во„Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 14-1264/1
8 февруари 2022 година
Скопје

Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**399.**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКОПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА ПОЛСКА**

Член 1

Во Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Полска ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 295/20, 6/21, 45/21, 86/21, 105/21, 258/21 и 275/21), во членот 1 ставот (1) се менува и гласи:

„Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца се забранува увозот во Република Северна Македонија на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло кои кои потекнуваат од следните региони во Република Полска:

- Свиецки/Swiecki,
- Познански/Poznanski,
- Косциански/Koscianski,
- Милички/Milicki,
- Острзесовски/Ostrzeszowski,
- Остров Вијеликополски/Ostrów Wielkopolski,
- Подебички/Poddebicki,
- Лосицки/Losicki,
- Прзеворски/Przeworski,
- Лубартовски/Lubartowski,
- Биалски/Bialski,
- Туцхолски/Tucholski,
- Виерузовски/Wieruszowski и
- Сиерадски/Sieradzki.".

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.

Бр. 02-518/1
9 февруари 2022 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
в.д.Директор,
**Николче Бабовски,** с.р.

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**издавач: ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29, поштенски фах 51.**
**в.д. Директор и одговорен уредник – м-р Владимир Кроневски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2022 година изнесува 12.200 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: печатница Напредок ДООЕЛ Тетово.**

**ISSN 0354-1622**

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 33** **15 февруари 2022, вторник** **година LXXVIII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


# О Г Л А С И

## СОДРЖИНА


| | Стр. |
|---|---|
| Судски огласи………………………………… | 1 |
| Стечајни постапки…………………………. | 1 |
| Нотарски огласи…………………………… | 5 |
| Јавни објави на извршители………………. | 13 |
| Неважечки документи……………………... | 13 |
| Јавни набавки………………………………. | 15 |


## СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВНИОТ ГРАЃАНСКИ СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Основниот граѓански суд Скопје е заведен спор по тужбата по предлогот за издавање на привремена мерка на тужителот Ветон Кики од Скопје, против тужената Јонида Кики со непозната адреса на живеење, за развод на брак, вредност 20.000 денари.

Се повикува тужената Јонида Кики да се јави во овој суд и да ја достави сегашната адреса на живеење во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на огласот.

Во спротивно нејзините интереси пред овој суд ќе ги застапува привремениот застапник адвокатот Елена Младеновска ул. „1737“ бр. 32 од Скопје којашто е поставена од страна на судот со Решение на Основен граѓански суд Скопје I. П2. бр. 48/22 и П2. бр. 49/22 од 10.2.2022 година.

Од Основен граѓански суд Скопје, Граѓанско одделение I. П2. бр. 48/22 и П2. бр. 49/22. (6384)

ОСНОВЕН СУД ВО КИЧЕВО

Основниот суд во Кичево, со Решение МАЛВП бр. 165/2020 година од 27.9.2021 година, го објавува следниот оглас:

За привремен застапник на тужениот Мустафа Дервишоски од Кичево, моментално на времена работа во странство со непозната адреса, а по тужбата на тужителката Аница Ристеска од Кичево, за надомест на штета, со вредност од 180.000 денари, се определува Џемиле Мехмеди, адвокат од Кичево.

Привремениот застапник ќе ги застапува интересите на тужениот во оваа постапка сè додека тој или неговиот полномошник не се појават пред судот.

Од Основен суд – Кичево, МАЛВП бр. 165/2020. (6641)

ОСНОВЕН СУД ВО КУМАНОВО

Пред Основниот суд во Куманово, се води парнична постапка по тужбата на тужителот АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, со седиште на ул. „Стале Попов“ бр. 9, Скопје, против тужениот Ибрахим Реџепи од Куманово, ул. „Никола Вапцаров“ бр. 9, за испразнување на деловен простор од луѓе и ствари и предавање во владение.

На тужениот Ибрахим Реџепи од Куманово, ул. „Никола Вапцаров“ бр. 9, сега со непозната адреса, судот му поставува привремен застапник, Новча Крстевски, адвокат од Куманово, кој ќе го застапува тужениот во постапката сè додека тој или неговиот полномошник не се појават пред судот, односно сè додека Центарот за социјална работа не го извести судот дека му назначил старател.

Од Основен суд – Куманово, IX П1-160/21. (6642)

## СТЕЧАЈНИ ПОСТАПКИ

Основниот граѓански суд Скопје, преку стечајниот судија Сашка Трајковска, објавува дека со Решение 3 Ст. бр. 21/22 од 7.2.2022 година, се поведува претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за угостителство, трговија и услуги СКВЕР 21 ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Македонија“ бр. 10 Скопје, со трансакциска сметка број 210071315930152 при НЛБ Тутунска банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на уписот 7131593, единствен даночен број 4080016559219 при УЈП – Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност 56.10 – Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна.

Се закажува рочиште поради изјаснување по предлогот за отворање стечајна постапка на ден 15.3.2022 година во 9:30 часот, во судница број XXIV на III кат, нов дел.

**Огласи**

Се определуваат следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се определува лицето Александар Димовски од Скопје, бул. „Јане Сандански“ бр. 5/2 Скопје.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите на управување на должникот за водење на работењето сѐ до донесување на одлука за отворање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и да изготви извештај за економско-финансиската сосотојба на должникот.

Се одредува општа забрана за располагање со имотот на должникот.

Се забранува одредување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

Се забрануваат исплати од сметките на должникот.

Се повикуваат должниците на должникот своите обврски да ги исполнуваат, а должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Се задолжува должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му допушти увид во трговските книги и во неговата деловна документација.

Се задолжува привремениот стечаен управник во прилог на извештајот за економско-финансиската состојба на должникот да ги достави и следните потврди: потврда од Агенцијата за катастар на недвижности, потврда од МВР, потврда од Централниот депозитар за хартии од вредност, потврда од Заложен регистар, потврда од Град Скопје потврда од Централниот регистар на РСМ дали должникот располага со имот во друго трговско друштво.

Да се објави оглас на веб-страницата на Централен регистар на РСМ – Регионална регистрациона канцеларија – Скопје, во „Службен весник на РСМ“ на огласната табла на судот и на веб-страницата на Основен граѓански суд Скопје.

Од Основниот граѓански суд Скопје. (6348)

---

Основниот граѓански суд Скопје, преку стечајниот судија, Љупчо Тодоровски објавува дека со Решение 2 Ст. бр. 20/22 од 7.2.2022 година, се поведува претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за трговија и услуги МЕДИКОТЕКА ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. „Црвена вода“ бр. 10 1-1/1 Скопје, со трансакциски сметки број 210073107060178 во НЛБ Тутунска банка АД Скопје, број 210073107060275 во НЛБ Тутунска банка АД Скопје, број 270073107060185 во Халк банка АД Скопје и број 330200383150175 во Капитал банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на уписот 7310706, единствен даночен број 4080018576919 при УЈП – Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност 46.90 – Неспецијализирана трговија на големо.

Се закажува рочиште поради изјаснување по предлогот за отворање стечајна постапка на ден 18.3.2022 година во 12:00 часот, во судница број 15 на III кат, нов дел во зградата на Основниот граѓански суд Скопје.

Се определуваат следните мерки за обезбедување:

За привремен стечаен управник се определува лицето Александар Димовски од Скопје, бул. „Јане Сандански“ бр. 5/2 Скопје.

Се задолжува привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите на управување на должникот за водење на работењето сѐ до донесување на одлуката за отворање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите и да изготви извештај за економско-финансиската сосотојба на должникот.

Се одредува општа забрана за располагање со имотот на должникот.

Се забранува одредување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот.

Се забрануваат исплати од сметките на должникот.

Се повикуваат должниците на должникот своите обврски да ги исполнуваат, а должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Се задолжува должникот да му овозможи на привремениот стечаен управник да влезе во неговите деловни простории за да може да ги спроведе потребните дејствија, како и да му допушти увид во трговските книги и во неговата деловна документација.

Се задолжува привремениот стечаен управник во прилог на извештајот за економско-финансиската состојба на должникот да ги достави и следните потврди: потврда од Агенцијата за катастар на недвижности, потврда од МВР, потврда од Централниот депозитар за хартии од вредност, потврда од Заложен регистар, потврда од Централниот регистар на РСМ дали должникот располага со имот во друго трговско друштво и уверение од Град Скопје.

Да се објави оглас на веб-страницата на Централен регистар на РСМ – Регионална регистрациона канцеларија – Скопје, во „Службен весник на РСМ“ на огласната табла на судот.

Од Основен граѓански суд Скопје. (6354)

---

Основниот граѓански суд Скопје, преку стечајниот судија Љупчо Тодоровски, објавува дека со Решение 2. Ст. бр. 75/21 од 8.2.2022 година, се усвојува предлогот на предлагачот/должник Друштво за градежништво, инженеринг, трговија и услуги ЦИВКОН АГИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, за отворање стечајна постапка над истиот.

Се отвора стечајна постапка над должникот Друштво за градежништво, инжинеринг, трговија и услуги ЦИВКОН АГИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште ул. „Козара“ бр. 26-Б/под. 6, Скопје, со трансакциски сметки број 200002683031147 при Стопанска банка АД Скопје и 530010101451457 при Охридска банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на упис 6686664, единствен даночен број 4080011520187 при УЈП – Регионална дирекција Скопје, и шифра на дејност 41.20 – Изградба на станбени и нестанбени згради.

За стечаен управник се определува Весна Спирковска од Скопје, ул. „Атинска“ бр. 5-А, Скопје.

Се повикуваат доверителите во рок од 15 дена од објавувањето на решението во „Службен весник на РСМ“ да ги пријават своите побарувања кај стечајниот управник.

Се повикуваат доверителите кои имаат разлачни права на подвижни предмети и права на должникот како и доверителите кои имаат разлачни права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги односно разлачни права на недвижностите

**Огласи**

што се запишани во јавните книги во рок од 15 дена од објавувањето на решението во „Службен весник на РСМ“ да ги пријават своите побарувања кај стечајниот управник.

Се повикуваат должниците на стечајниот должник да ги исполнат своите обврски што ги имаат спрема должникот на стечајниот управник.

Се закажува рочиште за испитување и утврдување на пријавените побарувања и извештајно Собрание на ден 24.3.2022 година во 13:00 часот во судница 15, III - кат во зградата на Основниот граѓански суд Скопје.

Решението за отворање на стечајна постапка да се достави до Централен регистар на РСМ Регионална регистрациона канцеларија Скопје и до Агенција за катастар на недвижности Скопје, заради запишување во Трговскиот регистар и в јавните книги во кои се запишани правата врз недвижностите.

Да се објави оглас на веб - страницата на Централен регистар, во „Службен весник на РСМ“ во два дневни весника и на огласната табла на судот.

Од Основен граѓански суд – Скопје. (6381)

---

Основниот граѓански суд Скопје, преку стечајниот судија Сашка Трајковска, објавува дека со Решение 3 Ст. бр. 210/21 од 11.2.2022 година, со предлог поднесен од предлагачот - доверител Проектантско монтажно инсталатерска задруга со ограничена одговорност ЕНЕРГОМОНТАЖА Скопје, за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за трговија и градежништво ТЕРА-НОВ ДОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, се смета за повлечен.

Се запира поведената претходна постапка за испитување на условите за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за трговија и градежништво ТЕРА - НОВ ДОМ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. „Македонија“ бр. 31/2, Скопје, Центар, со трансакциска сметка бр. 210065775800178 при НЛБ Тутунска банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на уписот 6577580, единствен даночен број 4080010510838 при УЈП – Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност 41.20 – Изградба на станбени и нестанбени згради.

Трошоците на постапка ги поднесува предлагачот.

Се укинува решението на овој суд 3 Ст. бр. 210/21 од 15.12.2021 година, со кое се определува мерка за обезбедување - привремен стечаен управник.

Се разрешува именуваниот привремен стечаен управник Симон Михајлоски од Скопје.

Да се објави оглас на веб-страницата на Централен регистар на РСМ – Регионална регистрациона канцеларија Скопје, во „Службен весник на РСМ“ и на огласната табла на судот.

Од Основен граѓански суд – Скопје. (6417)

---

Основниот граѓански суд Скопје, преку стечајниот судија Љупчо Тодоровски, објавува дека со Решение 2. Ст. бр. 27/21 од 18.11.2021 година, се запира стечајната постапка над стечајниот должник Друштво за промет и услуги СТИЛОС ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје, Центар, со трансакциска сметка бр. 200000741273895 во Стопанска банка АД Скопје, 210053726580167 во НЛБ Тутунска банка АД Скопје, 210053726580264 во НЛБ Тутунска банка АД Скопје, 290100000103642 во ТТК банка АД Скопје, 300000000231672 во Комерцијална банка АД Скопје и 530010100388919 во Охридска банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на уписот 5372658, единствен даночен број 4030000377474 при УЈП – Регионална дирекција Скопје и шифра на дејност 46.49 – Трговија на големо со друга стока за домаќинствата и таа се заклучува.

Се задолжува стечајниот управник да го следи текот на реализацијата на разлачното право утврдено во корист на разлачниот доверител ТЕКСТИЛ АД за промет на стоки и услуги на големо и мало Скопје.

Доколку по реализацијата на разлачното право остане имот во сопственост на стечајниот должник да биде поднесен предлог за расправање на дополнително пронајден имот.

Стечајниот должник да не се брише од Трговскиот регистар сè до завршувањето на реализацијата на утврденото разлачно право и евентуалното расправање на дополнително пронајден имот.

Да се објави оглас на веб-страница на Централен регистар на РСМ – Регионална регистрациона канцеларија Скопје, во „Службен весник на РСМ“ и на огласната табла на судот.

Од Основен граѓански суд Скопје. (6418)

---

Основниот граѓански суд Скопје, преку стечајниот судија Ирена Петрушевска, објавува дека со Решение I. Ст. бр. 192/21 од 22.12.2021 година, се запира стечајната постапка над должникот Друштво за трговија и услуги АУТОЦОММЕРЦЕ ДОО Скопје, со седиште на ул. „Скупи“ бр. 37, Карпош, Скопје, со трансакциска сметка бр. 200000725268992 во Стопанска банка АД Скопје, со трансакцикса сметка број 210056446400124 во НЛБ Тутунска банка АД Скопје, со трансакциска сметка број 210056446409921 во НЛБ Тутунска банка АД Скопје, со трансакциска сметка бр. 250010000104725 во Шпаркасе банка АД Скопје, со трансакциска сметка бр. 270000000190492 во Халк банка АД Скопје, со трансакциска сметка бр. 290100000101411 ТТК банка АД Скопје, со трансакциска сметка број 300000001728770 во Комерцијална банка АД Скопје, со трансакциска сметка бр. 320100004407390 во Централна кооперативна банка АД Скопје, со трансакциска сметка бр.370011100181933 во Еуростандард банка АД Скопје и со трансакциска сметка бр. 370016010056347 и Еуростандар банка АД Скопје, единствен матичен број на субјектот на уписот 5644640, единствен даночен број 4030002444470 при УЈП – Регионална дирекција Скопје со претежна дејност 45.11 – Трговија со автомобили и моторни возила од лесна категорија и поради немање имот постапката се заклучува.

По правосилноста на решението должникот да се брише од Трговскиот регистар кој го води Централниот регистар – Регионална регистрациона канцеларија Скопје.

Од Основен граѓански суд Скопје. (6419)

---

Основниот суд во Струга со Решение Ст. бр. 95/21 од 20.1.2022 година, отвори стечајна постапка против Друштво за услуги и трговија на големо и мало со увоз - извоз ФОТО СТУДИО СТЕФАН Струга Стефан ДООЕЛ од Струга, со единствен матичен број на деловниот субјект 4289463, даночен број 4026991103574, со трансакциска сметка бр.250-0240000053-09 при Шпаркасе банка АД Скопје, постапката ја заклучи и наложи да се изврши бришење во Трговскиот регистар при Централниот регистар на РСМ.

Против тоа решение дозволена е жалба во рок од 8 (осум) дена од објавувањето во „Службен весник на РСМ“ до Апелационен суд во Битола.

Од Основен суд – Струга. (6643)

---

Основниот суд во Тетово, објавува дека со Решение Ст. бр. 78/21 од 2.2.2022 година, се поведува претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка поднесена од управителот Алаудин

## Огласи

Аљи од с. Копачиндол, застапуван од полномошникот Ристо Поповски адвокат од Тетово, за отворање на стечајна постапка над должникот Приватна здравствена установа - аптека МИНА ФАРМ Тетово, со ЕМБС 7155298 и ЕДБ 4028016530197 со седиште на ул. „Благоја Тоска“ бр. 2, Тетово, со жиро-сметка бр.380070-676000139 при Прокредит банка АД Скопје, регистриран при Централен регистар на РСМ РРК – Тетово.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка на ден 18.2.2022 година во 11:00 часот во соба бр. 44 во просториите на Основен суд во Тетово.

Од Основен суд – Тетово. (6644)

---

Основниот суд во Тетово, објавува дека со Решение Ст. бр. 20/22 од 10.2.2022 година, се поведува претходна постапка за утврдување на причините за отворање стечајна постапка поднесена од управителот Муадин Фетаи од с. Урвич, за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ЛИПА – 95 ДООЕЛ експорт-импорт, со ЕМБС 5036330 и ЕДБ 4028995105345, со седиште на ул. „101“ б. б. с. Урвич, со жиро-сметка бр. 290400000124579 при ТТК банка АД Скопје, регистриран при Централен регистар на РСМ РРК - Тетово.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отворање стечајна постапка на ден 3.3.2022 година во 11:00 часот во соба бр. 44 во просториите на Основен суд во Тетово.

Од Основен суд – Тетово. (6645)

---

Основниот суд во Тетово, објавува дека со Решение Ст. бр. 62/21 од 28.10.2021 година, е отворена стечајна постапка над должникот СЗД ПРИНЦЕЗА Селвије Бафтјари Тетово, со седиште на ул. „Горна Чаршија“ бр. 23 Тетово, со ЕМБС 6106684 и ЕДБ 50280061306-666, со жиро-сметка бр. 290400000431681 при ТТК банка АД Скопје, регистриран при Централен регистар на РСМ РРК Тетово.

Против погоренаведеното решение доверителите имаат право на посебна жалба, во рок од 8 (осум) дена од објавувањето на решениeто во „Службен весник на РСМ“, преку овој суд до Апелационен суд во Гостивар.

Стечајната постапка спрема должникот не се спроведува и се заклучува, поради немање имот.

По правосилноста на Решението должникот ќе се брише од Трговскиот регистар што се води при Централен регистар на РСМ – Регистрациона канцеларија – Тетово.

Од Основен суд – Тетово. (6646)

---

Основниот суд во Тетово, објавува дека со Решение Ст. бр. 10/22 од 10.2.2022 година, се поведува претходна постапка за утврдување на причините за отворање стечајна постапка поднесена од управителот Назим Зендели од Тетово на ул. „Јордан Златановски“ бр. 32, за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за трговија и услуги СОХО-П ДООЕЛ Shoqeri per tregti dhe sherbime SOHO-P SHPKNJP Tetove, со ЕМБС 726-1918 и ЕДБ 4028018534327, со седиште на ул. „ЈНА“ бр. 51 Тетово, со жиро-сметка бр. 200032783431З6 при Стопанска банка АД Скопје, регистриран при Централен регистар на РСМ РРК – Тетово.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отворање стечајна постапка на ден 28.2.2022 година во 13:00 часот во соба бр. 44 во просториите на Основен суд во Тетово.

Од Основен суд – Тетово. (6647)

---

Основниот суд во Тетово, објавува дека со Решение Ст. бр. 7/22 од 10.2.2022 година, се поведува претходна постапка за утврдување на причините за отворање стечајна постапка поднесена од управителот Аслан Ибраими од Тетово на ул. „Мурат Бафтјари“ бр. 60А, за отворање стечајна постапка над должникот Друштво за Информатички решенија АЛБАТРОН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Тетово, со ЕМБС 6996426 и ЕДБ 402801452-4904, со седиште на ул. „Димо Гавровски Кара“ бр. 80 Тетово, со жиро-сметка бр. 300110000117546 при Комерцијална банка АД Скопје, регистриран при Централен регистар на РСМ РРК – Тетово.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отворање стечајна постапка на ден 28.2.2022 година во 12:30 часот во соба бр. 44 во просториите на Основен суд во Тетово.

Од Основен суд – Тетово. (6648)

---

Основниот суд во Гостивар, објавува дека со Решение Ст. бр. 5/22 од 9.2.2022 година е поведена претходна постапка на постапката за утврдување на причините за отворање стечајна постапка над должникот СИЛИКА - РУДНИК ЧАЈЛЕ Акционерско друштво за производство на неметали, минерали с. Чајле, Гостивар, со жиро-сметка број 2000000016229 која се води во Комерцијална банка АД Скопје, со ЕДБ 4007991101194 и ЕМБС 4243277.

За привремен стечаен управник се поставува Агрон Арифи од с. Пирок, Тетово.

Се закажува рочиште поради изјаснување на ден 10.3.2022 година во 10:00 часот.

Од Основниот суд – Гостивар. (6652)

---

Основниот суд во Кочани, објавува дека со Решение Ст. бр. 26/21 од 10.2.2021 година, се поведува претходна постапка за утврдување на причините за отворање стечајна постапка над должникот Трговско друштво за производство, трговија и услуги ШУЈО - ТРАНС ДООЕЛ с. Лаки, Виница, со ЕМБС 6697569, со ЕДБ 4005011502667, со трансакциска сметка бр. 29000000-1248441 во ТТК банка АД Скопје.

Се закажува рочиште заради испитување на условите за отворање стечајна постапка на должникот Трговско друштво за производство, трговија и услуги ШУЈО - ТРАНС ДООЕЛ с. Лаки, Виница, по поднесениот предлог за отворање стечајна постапка за ден 18.3.2022 година, во 11:00 часот, во просториите на овој суд во соба бр. 49.

Се определуваат следните мерки за обезбедување.

За привремен стечаен управник се именува Делфина Зајкоска дипломиран економист од Прилеп, ул. „Цане Илиоски“ бр. 5 Прилеп, лиценциран стечаен управник.

До донесувањето на одлуката по предлогот за отворање на стечајна постапка, должникот може да располага со својот имот, само со претходна дозвола на привремениот стечаен управник.

Се задолжува привремениот стечаен управник да ги преземе следните активности.

Да го заштити и одржува имотот на должникот, да испита дали должникот има имот над кој може да се отвори и е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите односно да испита дали постојат причини за отворање стечајна постапка и какви се изгледите за понатамошно одржување на деловниот потфат на должникот.

Привремениот стечаен управник е овластен да влезе во деловните простории на должникот и да ги спроведе наложените дејствија.

**Огласи**

Се задолжува должникот Трговско друштво за производство, трговија и услуги ШУЈО - ТРАНС ДООЕЛ с. Лаки, Виница, да му овозможи на привремениот стечаен управник влез во неговите деловни простории и да изврши увид во трговските книги и во останатата деловна документација.

Од Основен суд – Кочани. (6654)

---

Основниот суд во Струмица со Решение Ст. бр. 11/19 од 10.2.2022 година, објавува дека се закажува Собрание на доверители на должникот Друштво за производство на накит, преработка и трговија ГОЛД - МАК АД Радовиш - во стечај со следниот

ДНЕВЕН РЕД

Донесување на одлука дали имотот предмет на продажбата ќе се продаде за понудената цена постигната по аукциската продажба одржана на ден 18.1.2022 година за што во стечајното досие на должникот од страна на стечајниот управник е доставен поднесок од 18.1.2022 година, во прилог на истиот и докази.

Собранието на доверители ќе се одржи на ден 9.3.2022 година во 9:30 часот, судница број 13 во Основен суд во Струмица.

Од Основен суд – Струмица. (6656)

---

Основниот суд во Струмица, со Решение Ст. бр. 37/21 од 20.1.2022 година, предлогот на должникот се освојува. Се отвора стечајна постапка на должникот Друштво за производство, трговија и услуги ДАМАКС - ПИЦА ДООЕЛ Струмица, со седиште на ул. „Дебарска“ бр. 36 Струмица, основан на ден 26.5.2020 година со ЕДБ 4027020532378, ЕМБС 7428588, трансакциски сметки број 200003578498481 во Стопанска банка АД Скопје, 270074285880136 во Халк банка АД Скопје, со главна дејност 56.10 – Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна.

Отворената стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ДАМАКС - ПИЦА ДООЕЛ Струмица, не се спроведува и се заклучува.

Доверителите можат со жалба да го напаѓаат гореноведеното решение во рок од 8 дена од денот на објавувањето на истото, преку Основниот суд во Струмица до Апелациониот суд во Штип.

Од Основен суд – Струмица. (6658)

## НОТАРСКИ ОГЛАСИ

Над недвижен имот кој се наоѓа во Скопје, лоциран на КП број 2950, дел 4, ул. „Борис Трајковски“ б. б., влез 2, кат К 3, број 20, намена на посебен дел од зграда стан, со внатрешна површина 41м2, влез 2, кат К 3, број 20, намена на посебен дел од зграда ПП, со внатрешна површина 4 м2, евидентирани во Лист за предбележување на градба број 60346 за КО Кисела Вода 1, во сопственост на заложнот должник Градежно, трговско и услужно друштво ТРИМ и ЛУМ ДООЕЛ Струга, со ЕМБС 6150551 е заснован залог од прв ред со Нотарски акт - Договор за залог на недвижен имот со својство на извршна исправа, врз основа на Договор за кредит за одобрување на станбен кредит ОДУ бр. 66/22 од 8.2.2022 година од нотарот Муамет Шеху од Скопје, во корист на заложниот доверител Стопанска банка АД Скопје, за обезбедување на парично побарување со износ од 56.000 евра, дадени од страна на Стопанска банка АД Скопје, зголемена за износот на споредните побарувања, а кое побарување произлегува од Договорот за за кредит за одобрување на станбен кредит, кое заложно право е запишано во Агенција за катастар на недвижности на РСМ - Скопје. (6621)

---

Се продава недвижен имот КП бр. 1832, дел /, во место викано „Село“, катастарска култура, зз, н, класа 2, со површина од 1.457 м2, во сопственост на Велика Карачанкова од Струмица опишан во Имотен лист за КО Ангелци број 2045 за вкупна купопродажна цена од 150.000 денари.

